**УНИВЕРЗИТЕТ “СВЕТИ КИРИЛ И  МЕТОДИЈ”-СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**


**ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО ИСТОРИЈА И АРХИВИСТИКА**

**Подпрограма: Историја на најнов век**

Магистерски труд на тема :

# ,,ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РАЗВОЈОТ НА ПАРЛАМЕНТАРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1989-1995 ГОДИНА)‘‘


МЕНТОР

**Проф. д-р Никола Жежов**

КАНДИДАТ

**Соња Стаменковска**



СКОПЈЕ, 2020 ГОДИНА

# В О В Е Д

Темата која го опфаќа развојот на историјатот на парламентаризмот во Македонија во периодот од крајот на 80-те и почетокот на 90-те години од 20 век ќе бидат забележани како едно од најзначајните историски настани во целокупниот историски процес и го бележат создавањето на независна и самостојна Република Македонија.

Истражувањето започнува од почетната точка на расцепувањето на СФРЈ и почетокот на создавањето на самостојна и независна македонска држава. Временски завршува со настаните кои се забележани во периодот на целата 1995 година.

Општествено-политичките промени кои се случија во Македонија претставува важен историски момент во историјата на македонскиот народ. Се оствarija вековните желби и стремежи на македонскиот народ да создадат сопствена држава.

Промените кои се случија во Европа и на Балканот ќе се одразат и врз промените на СФРЈ и ќе доведат до нејзино непостоење.

СФРЈ после приближно 50 години постоење, поради влијанието на надворешните и внатрешните фактори ќе се распадне југословенската федерација.

Македонија во тие тешки моменти на промени, требаше да одлучи во кој правец ќе се движи државата, а за ова требаше да одлучат два фактори.

Едниот фактор беше македонскиот народ, а вториот политичарите кои беа активни во политичкиот живот во СФРЈ.

Политичарите беа ставени пред тешка задача на кој начин да го организираат новиот поредок во државата. Покрај тоа, пред ваквата одлука потребно беше да се организира одвојувањето на Македонија од југословенската држава.

Во одлуката големо надворешно влијание изврши распаѓањето на социјалистичкото уредување во цела Источна Европа.

Научното истражување се темели на пишани материјали и сведоштва на директни и индиректни учесници во периодот на промените на создавањето на новата македонска држава.Нивните сведоштва опфаќаат трајни и свежи докази кои зборуваат за надворешните влијанија и фактори кои придонеле за изградба на Република Македонија. Не смее да се заборави, а да не се потенцира дека во тој период големите европски земји уште од самиот почеток вршеа силно влијание и притисоци врз политичарите кои се одлучија да го решат прашањето за создавањето на македонска држава.

Македонските политичари се соочија со неколку важни пресврти кои се случија во тој период. Тие се однесуваа на распаѓањето на социјалистичкиот систем во Источна Европа, економската и воената криза во СФРЈ, рушење на еднопартискиот систем и создавање на повеќепартиски систем. А овие промени донесоа создавање на еден

комплетно нов општествено-политички систем во новата држава, создавање на државни институции, државни органи и организирање на референдумот.

По успешно реализираниот референдум се создаде самостојна и независна Македонија и се отвори патот кон изградба на држава со републиканско и демократско уредување. Хронолошки опфатени се сите настани кои завземаат посебно место во кроењето на сопствената политика и развивање на идејата за создавање на своја држава, почнувајќи од 1990 година па се до крајот на 1995 година.

После завршување на успешниот референдум, пред прагот на новото уредување, како предизивик се појавува нова, но тешка задача.Започнува од спроведувањето и организирањето на првите парламентарни повеќепартиски избори во Република Македонија, изборот на експертската влада, изборот на првиот претседател на државата, создавање на сопствена војска, воведување на сопствена парична единица – македонскиот денар,меѓународната политика и односите со соседните земји, а најактуелно беше меѓународното признавање на Македонија од страна на другите држави.

Во овој труд поставена е задачата главно низ историски, научен и критички дискурс за да се осознае и да се зајакне развојот на парламентаризмот во Македонија по 1990 година.

Да се утврдат сите надворешни и внатрешни причинители кои влијаеја врз процесот на создавање на македонската држава. На овој начин на едно место, започнува функционирањето на парламентот, особено по осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, како се носат и применуваат законите во македонската држава,а воедно и донесување и првите измени на првиот Устав на Република Македонија. На овој начин преку темата добиваме слика како се развива демократијата на македонското тло со цел да се развива свеста кај сите граѓани за придобивките од демократијата. А сето тоа ќе овозможи поттикнување на граѓаните да се подготват за општествена и политичка критичност и вклученост.

Пред се научниот труд ги дефинира процесот на распаѓање на југословенската федерација и почетоците на создавање на новата македонска држава. Извршена е анализа на изворите, на  архивските материјали во наведениот период, со цел да помогнат во донесувањето на соодветни научни сознанија и заклучоци за промена на општествено-политичкиот процес во СРМ.

А како извори и пишани материјали се употребуваа и материјали од архивите на СФРЈ и најосновните документи на една демократска држава: Уставот од претходната држава, Деловникот на Собранието, Уставот на новата држава, амандмани и закони.

Постојат бројни извори и богата литература од областа на правото, економијата и на историјата на Македонија кои потпомагаат да се разбере развојниот процес на македонскиот парламентаризам.

Покрај тоа, преку материјалите се запознаваме како започнува и завршува процесот на создавањето на македонската држава. За сите значајни одлуки, решенија, закони помагаат податоците објавени во Службените весници во наведениот период. На

едноставен начин ќе се проследи постапката и процесот за донесување на првиот Устав на Република Македонија, како и промена на атрибутот на името во времето кога беше република во СФРЈ.

Историскиот процес на создавање на самостојна Република Македонија започнува уште во периодот на НОБ, кога на 24 јуни 1944 година се одржа средбата помеѓу НКОЈ, Тито а од македонската страна присуствуваа Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев. Главна цел на оваа средба претставуваше соработката со АВНОЈ, Главниот штаб и другите тела на АВНОЈ.

Уште на заедничката средба, Ченто го произнесе својот единствен и решителен став дека Македонија треба да се обедини со Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија.

Додека пак ставот на Тито беше дека обединувањето претставува право на македонскиот народ и потребно е да спроведе соработка со другите НОДвижења.

А како најголем приоритет претставуваше одржувањето на заседанието на АСНОМ и формирањето на НОФронт кој ќе помогне во разгорување на борбата на Балканот.

Уште во тие моменти се појави противничката страна за обединувањето на Македонија како надворешен и меѓународен фактор, а тоа е Велика Британија. Од тие причини на заседанието присуствуваа странските мисии од Велика Британија, СССР и САД. На тој начин тие можеа да ја следат работата на делегатите на АСНОМ и да ја контролираат состојбата во Македонија и пошироко. Како гости земаа учество и делегати од ОФ на Бугарија.

На овој начин Македонија доби меѓународно признавање и афирмација од страна на меѓународните влијателни фактори.

Сосема е јасно дека при изборот на делегати како учесници на заседанието, Иницијативниот одбор одлично ја заврши својата работа преку избор на квалитетни и способни луѓе за конституирање на највисокиот државен орган.

Избраните делегати ја подржуваа идејата за создавање на самостојна и сопствена држава.

И покрај избраните и поканетите 115 делегати како што е запишано во воената историја, на заседанието присуствуваа половина од нив. Тешките воени услови и вооружени судири не им дозволија да стигнат до местото на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. Заседанието започна во воени и тешки услови и претставува Собрание на новата македонска држава

Заседанието започна со поздравниот говор на Панко Брашнаров, најстариот пратеник, потенцирајќи за обединување на борбата на македонскиот народ во времето на Самуил, Илинденското востание, во попладневните часови, поточно во 17 часот и 15 минути и траеше со часови.

Донесени се важни документи со уставотворно и државно значење кои оставија голема трага во историјата на македонскиот парламентаризам.

АСНОМ го прогласија за врховно законодавно и извршно народно претставничко тело и за највисок државен орган на државната власт на Македонија. Ова претставува почеток на формирањето на државните органи кои ќе егзистираат во времето на постоењето на македонската држава како југословенска република.Како еден од најважните документи донесени на заседанието претставува Декларацијата за основните права на граѓаните на Демократска Македонија со уставноправно и политичко правно значење. Декларацијата се појави од рацете и умот на истакнатиот и скромен интелектуалец Владимир Полежиноски кој својата младост и студентските денови ги поминал во Франција.

А во виорот на војната се вклучил во партизанското движење и Декларацијата ја опфаќа целокупната рамноправност на сите граѓани пред законите, без разлика на националната, верската, половата и расната припадност. Со овој документ се прокламираа сите човекови права, меѓу другото се истакнува улогата и правата на жената. Покрај АСНОМ, биле избрани 22 члена на Президиумот во улога на влада, во која дејствувале шест поверенства и претседател на АСНОМ.

На почетокот, Президиумот на АСНОМ ја извршуваше истовремено и законодавната и извршната власт.

Основната работа на Президиумот претставува продолжување на работата околу организирање на органите на власта, обнова на стопанството и економијата и организирање на дејностите од јавен и општествен карактер.

Со Првото заседание на АСНОМ започна првата фаза на државноправниот развој на Македонија.

Донесувањето на првиот Устав на НРМ има големо државотворно правно и историско значење, бидејќи претставува првиот уставен акт на македонската држава.

Како важен историски настан претставува Второто заседание на АСНОМ кое се одржа после војната, на еден поинаков терен и во едно слободно и мирно време, од 28-30 декември 1944 година во Скопје. На ова заседание беа донесени многу важни одлуки и решенија за изградба на новата народна власт, функционирање на Народноослободителните одбори во новата македонска држава. На овој начин се превзедоа сериозни мерки и активности за обнова и развој на стопанскиот и општествениот живот во опустошената Македонија. Забележително за овој период претставува одржувањето на првата конференција на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија на 15 декември 1944 година во Скопје. Главна тема претставуваше изградба на новата народна власт, развојот на децата и семејството.

На ова заседание за претседател беше избран повторно Методија Андонов Ченто и се укина едно потпретседателско место. Беа сменети Панко Брашнаров и Емануел Чучков на функцијата потпретседатели и беше поставен само Лазар Колишевски. На местото секретари Полежина и Љупчо Арсов беа сменети и на нивно место беа поставени д-р Борис Спиров и Епаминонда Поп Андонов.

На меѓународен план беше поздравено ослободувањето и формирањето на македонската држава од страна на големите сили, Бугарија, од македонската емиграција во Бугарија и Грција и другите земји.

На Второто заседание на АСНОМ се зголемил бројот на членовите на Президиумот од 17 на 28 членови и со тоа се зголемил бројот на поверенствата, односно министерствата. Дури на 22 јануари 1945 година беше поставен уште еден потпретседател д-р Неџат Аголи.

Во првите три месеци на 1945 година беа донесени многу закони, решенија, повелби за решавање на многу прашања за народот и за државата.

Следен чекор во работата на Президиумот претставува одржувањето на парламентарните избори на 11 март и траеја до 25 март 1945 година. Тоа беа првите непосредни избори одржани во слободна Македонија.

Веднаш по изборите, следува Третото заседание на АСНОМ кое се одржа на 14 до 16 април 1945 година во Скопје.

Ова претставува значаен период на преименување на АСНОМ во Народно собрание на Македонија. Беше формирана првата влада на Демократска Федеративна Македонија на чело со Лазар Колишевски. Владата има државотворно значење како прва влада во историјата на македонскиот народ и на тој начин се дооформил системот на органите на власта.

Со ова заврши функцијата на Президиумот, а Народното собрание имаше свој Президиум на чело со Ченто.

На заседанието извршена е поделба на власта на законодавна и извршна власт.

На самиот почеток на работата на Народното собрание на 8 март 1946 година беше донесен законот за НРМ кога ДФМ се преименува во НРМ. Власта беше поделена помеѓу Народното собрание, Президиумот на Народното собрание и владата на НРМ.

Од 1945 до 1991 година Македонија претставува една од шесте републики во СФРЈ кога во 1946 година беше донесен првиот Устав на НРМакедонија.

На 13 јануари 1953 година беше донесен Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување на ФНРЈ и се воведе работничкото и општествено самоуправување.

На тој начин НРМ претставува социјалистичка демократска држава на работниот народ на Македонија, со обединување на републиките во ФНРЈ, како сојузна држава на рамноправните народи.

Наместо влада се воведе еден нов орган наречен Извршен совет на Собранието на НРМ на чело со Лазар Колишевски и двајца потпретседатели Љупчо Арсов и Видое Смилевски.

Покрај општествено и политичкото уредување на државата, народот се насочи кон обнова и изградба на разрушената држава, како последица од Втората светска војна.

Започна периодот на воспоставување на социјализмот и покрај пропагандата дека фабриките припаѓаат на работниците, сопственоста не беше правилно распределена и функционална.

Поминаа години и во 1963 година се донесе нов Устав и тогаш работничкото самоуправување премина во општествено самоуправување. Државата го промени името од ФНРЈ во СФРЈ и републиките го сменија името од народна република во социјалистичка република.Се појавија внатрешни економски проблеми и проблеми во меѓунационалните односи. За да и се помогне на државата, во 1974 година беше донесен нов Устав со кој републиките станаа национални држави, а покраините конститутивни елементи на федерацијата.

Но, наместо да се подобри ситуацијата во државата, таа напротив се повеќе се влошуваше, започна да се разгорува национализмот, сепаратизмот, да слабеат федерацијата и федералните органи.

Започна општествена и економска криза која се повеќе ќе се продлабочува и СФРЈ ќе ја доведе до распаѓање кон крајот на 80-те години.

Како една од причините за распаѓање на СФРЈ претставуваше смртта на Јосип Броз Тито во 1980 година, лидер и претседател на СФРЈ. Скоро цели десет години идните југословенски политичари се обидуваа да ја закрепнат државата од секаков проблем и критични ситуации, меѓутоа се повеќе се продлабочуваше економската криза.

Кризата донесе голем број на невработени, ниски плати, динарска и девизна презадолженост на државата.

Кога во 1989 година за премиер беше поставен Анте Марковиќ, тој спроведе добра економска и реформска политика во цела Југославија само за да излезе од кризата и за кратко време успеа во тоа. Пред се ја крена економијата, ја намали инфлацијата, се превземаа реформски и либерални промени и се врати довербата кај народот. Најпрвин незадоволството од оваа политика ја искажаа Словенија и Хрватска и започнаа да одбиваат да ги извршуваат финансиските обврски кон федерацијата.

На сето ова се спротивстави Србија која влезе во платниот промет, земајќи голема сума на пари од федерацијата. Поради одлуката на Анте Марковиќ за неодобрување на барањето за поголем воен буџет за ЈНА му се изврши толку силен притисок што се повлече од премиерската функција. Републиките беа поделени со различните ставови, едни настојуваа раздвојување на републиките од СФРЈ, додека пак другите посакуваа сеуште да постои и да опстои федерацијата.

Во периодот на постоење на СФРЈ како федерација на републики и покраини, постоеја три клучни периоди кои го бележат нејзиниот систем :

- Административен-централистички систем кој се воведе во 1945 година и траеше до 1953 година;
- Самоуправен социјализам од 1953 година до 1970 година и
- Либерален делегатски социјализам и договорна економија во периодот од 1971 до 1991 година.

Ако се навратиме наназад во државно-правната историја, треба да се спомене еден многу важен историски настан, а тоа е постоењето на Крушевската република. Македонија уште од минатото се разликува од сите останати држави на Балканот и пошироко, и покрај тоа што не беше изградена како држава, 10-дневната Крушевска република беше прва и единствена на Балканот.

Во ослободеното Крушево започна со работа градското Собрание составено од 60 члена од истакнати граѓани на градот Крушево, по 20 Албанци, 20 Македонци и 20 Власи. Собранието претставуваше претставничко и парламентарно тело.

А како орган на извршната власт беше формирана Привремената влада составена од 6 члена: Дину Ванѓели – претседател на владата и министер за судство, Ѓорѓи Чаче – секретар на владата и министер за реквизиции, Теохар Ќурчиев – градоначалник и ја водел полицијата, Димитар Секулов за исхрана и производство и Никола Баљу – ресор за здравство и санитарен сектор.

Од востанието и републиката произлезе документот Крушевскиот манифест – напишан на македонски јазик, а на крушевски дијалект.

Манифестот е преведен на турски јазик и претставува апел до сите муслимани да земат учество во востанието, објаснувајќи ги ослободителните цели на востанието.

Востанието има големо значење во историјата на македонскиот народ, со ослободителен карактер и со провокација до другите поробени народи да организираат востанија и друг вид на вооружен отпор во своите држави.

## 1. Македонија и СФРЈ ( 1989-1990 )

### 1.1 Развојот и улогата на Македонија како република во СФРЈ (1943- 1946)

Стремежот на македонскиот народ и борбата за создавање на своја сопствена држава ги започна уште многу одамна, но беше изразена преку борбата уште во Крушевското востание. Беше создадена десетдневната Крушевска република и формирано е Народното собрание составено од 60 членови и Привремената извршна влада составена од 6 члена. Во ниеден даден момент македонскиот народ не се откажа ниту потклекна од желбата и стремежот за создавање на своја држава.

Борбата ја продолжи за време на Втората светска војна кога се приклучи во НОБ заедно со другите југословенски народи.

Во Македонија се одржа Првото заседание на АСНОМ во манастирот Св.Прохор Пчински на 02 август 1944 година со конституирање на македонската држава. Започнаа да се формираат првите државни народни органи на власт во еден воен период на офанзиви и крајни борби за завршување на војната.

Пред Првото заседание на АСНОМ, се случија други настани како што е Првото заседание на АВНОЈ во Јајце, Босна на 29 ноември 1943 година. АВНОЈ се конституира како врховно претставничко тело на Демократска Федеративна Југославија.

Тогаш се формира Националниот комитет за ослободување на Југославија (НКОЈ) како највисок извршен орган на власта. На ова заседание донесени се важни одлуки, меѓу кои да се создаде федеративна Југославија во која ќе живеат Македонци, Срби, Хрвати, Словенци и Црногорци. Донесен е план да се подготви Уставот за идната Југославија како федеративна и демократска држава со признавање на националните права на сите народи. По Второто заседание на АВНОЈ, ќе започне период на одржување на заседанија на земските антифашистички собранија на народното ослободување на сите федерални единици. Во текот на нивната работа, органите биле претворени во највисоки органи на власта на федералните единици и се донесуваа важни одлуки, решенија, декларации за основните права на граѓаните.

Главен чинител за свикување на АСНОМ претставува Иницијативниот одбор со комплетно организирање и одржување како и превземање на целокупната натамошна активност за изградба на народната власт во Македонија.

На Првото заседание на АСНОМ кое се одржа на 02 август 1944 година во манастирот Св.Прохор Пчински во Кумановскиот крај, затоа што во тој период таа е слободна територија и било возможно да се одржи заседанието.

На тридневното заседание донесени се 9 акти од кои 7 решенија, 1 Декларација, и 1 правилник за работата на АСНОМ. Треба да се издвојат 4 акти на АСНОМ кои имаат државно, правно и уставно значење, а тоа се :

1.Решението со кое АСНОМ се конституира во врховно, законодавно и извршно тело на Македонија како рамноправна федерална единица на Демократска Федеративна Југославија;

2.Решението со кое се потврдуваат и одобруваат сите акции, задолженија и решенија на ГШ на Македонија и на Иницијативниот одбор во периодот до Првото заседание на АСНОМ;

3.Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓаните во демократска Македонија со уставотворен карактер, бидејќи ги нормира основните лични и политички права на граѓаните. Се гарантира слободата на вероисповест, совест, говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на здружување.

Со Декларацијата се гарантира и изборното право на секој граѓанин, каде што избирачите со тајно гласање може да го изразат своето непосредно и лично право. Правото да биде избран и да бира го има секој полнолетен граѓанин со навршени 18 години, освен малоумните лица и лицата кои се непријатели на државата. Овие права се однесуваат  и за жените, со што се декларира рамноправноста помеѓу мажот и жената.

4.Решението за прогласување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.

На Првото заседание на АСНОМ избран е Президиумот - Претседателство од 22 члена. За негов прв претседател избран е Методија Андонов-Ченто, а за потпретседатели: Панко Брашнаров - прв потпретседател, Емануел Чучков- втор потпретседател и 18 членови од кои двајца секретари: Љупчо Арсов и Владо Полежиноски. На овој значаен историски настан Македонија станува федерална единица со државност. Поради

учеството на претставници од англиската и американската воена мисија, Македонија беше меѓународно признаена со заокружена територија, со свој јазик и официјално признаена.

На тој начин се заокружи  идентитетот на македонскиот народ, организирање на власта, поставување на институциите во сите области на општественото живеење, со развиена сопствена економија и култура.

На Првото заседание на АСНОМ се прогласи првата современа македонска држава - Демократска Федерална Македонија (ДФМ) како една од шесте републики на југословенската федерација.

Затоа асномскиот период 1944-1945 година претставува период на формирање и постоење на македонската држава со поставување на највисоките органи на власт.

Се кодифицира македонскиот јазик и се формираат првите институтиции во воени услови, најпрвин Президиумот, владата па потоа и министерствата.

Покрај тоа, значајно е и Третото заседание на АСНОМ (14-16 април 1945 г.) кога АСНОМ се конституира во Народно собрание на Македонија, а Президиумот на АСНОМ се преименува во Президиум на Народното собрание на Македонија. Формирана е владата на НРМ и со ова се дооформија сите органи на народната власт. Прв претседател на владата бил Лазар Колишевски, а според нивната програма тие се залагаат за подобрување на здравствената заштита, да се искорени неписменоста, озаконување на азбуката и правописот на македонскиот јазик, отварање на училишта, универзитети, развој на судството, демократизација на органите на народната власт за спроведување на слободни и тајни избори.

Третото заседание на АСНОМ е познато уште како Второ вонредно заседание. Тогаш биле позитивно оценети првите избори кои се одржаа во март 1945 година

На овој начин започна да постои и да се афирмира првата повоена југословенска федерација на шест републики: Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Македонија и Црна Гора и две автономни покраини: Војводина и Косово, која ќе опстанува повеќе од 45 години, односно се до 1991 година.

СФРЈ се изгради во рамките на  социјалистичко и самоуправно општествено уредување со управување на една политичка партија КПЈ.

Уште по војната веднаш се превземаа мерки за изградба на државата и развиток на стопанството.Започна планското стопанство со воведување на петтолетки или петгодишни планови по примерот на СССР.

Народна Република Македонија го донесе својот прв Устав на 31 декември 1946 година, со цел да се воведе петгодишниот план за развој на планското стопанство.

Тој е првиот уставен документ донесен во историјата на македонскиот народ. Со него Македонија се утврдува како народна држава со републиканско уредување.

Со Уставот уредени се грбот, знамето, химната, главниот град, рамноправноста на сите граѓани и друго.

Собранието во тој период донесе многу важни закони, почнувајќи од Законот за шпекулации со имотите, Законот за отворање и проширување на универзитетот и на високите школи и други закони.

Со изборот на првата народна влада на Демократска Федеративна Македонија (ДФМ) на 16 април 1945 година се заокружи процесот на формирање на сите државни органи. За Македонија ова претставува значаен датум, бидејќи за првпат се формира ваков орган во историјата на македонскиот парламентаризам и македонскиот народ.

Во периодот што следуваше се донесуваа закони, како што се Законот за аграрна реформа и колонизација, Законот за национализација и други.

На овој начин започна да се развива поствоениот парламентаризам во Македонија во рамките на југословенската федерација.

Во текот на своето постоење го промени своето име, кога на 29.11.1945 година ДФЈ се прогласи за Федеративна Народна Република Југославија (ФНРЈ), а Македонија се преименува во Демократска Федерална Македонија – (ДФМ).

Исто така во 1952 година КПЈ го промени името во Сојуз на комунистите на Југославија (СКЈ).

Со Уставот во 1963 година ФНРЈ се преименува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ), а НРМ во Социјалистичка Република Македонија.

Оваа промена ќе трае се до постоење на СФРЈ и промена на името на Македонија во рамките на новата современа македонска држава.

СРМ со овој Устав претставуваше суверена национална држава на македонскиот народ и на националните малцинства. Републиките добија поголема самостојност, во смисол самостојно да донесуваат закони, прописи за да напредуваат сите општествени и стопански области во државата.

Беше воспоставен централизиран федерализам по примерот на СССР и се изврши позасилена централизација на сојузната држава. Со овој Устав требаше да се зајакнат позициите на републиките и нивните права во однос на централната власт, но не забележи некој голем успех.

Според законот за национализација донесен уште на 05 декември 1946 година, сите приватни стопански претпријатија од 42 стопански гранки преминаа во државна сопственост. Потоа во 1948 и 1958 година направена е национализација во втора и трета етапа, опфаќајќи го целосното стопанство, градежништво и градежното земјиште.

Тоа значеше дека во СФРЈ се воведе државната сопственост за да можат државните органи да управуваат со претпријатијата.

Неизбежно беше да се донесе нов Устав во 1974 година кој донесе извесна либерализација на односите помеѓу федерацијата и федералните единици.

Со Уставот републиките добија статус на национални држави, со права на одлучување по пат на договори и тие добија поголеми права и овластувања. Започна период на многу промени, почнувајќи од воведување на делегатскиот систем во сите собраниски тела ( сојузни, републички, општински и во општествените и стопанските организации).

Во последната промена на Уставот, актуелна тема претставуваше прашањето за уставните измени во федерацијата и рамноправноста на народите и народностите. Државните претставници на републиките се повеќе ја изразуваа својата намера за децентрализација на федерацијата и осамостојување на републиките и покраините.

Во периодот на 1971 година, беа усвоени уставни амандмани кои ќе ја претставуваат основата за уставна реформа од 1974 година. Сите тие промени беа вметнати во Уставот на Југославија и во Уставот на СР Македонија. На овој начин се даде можност да се смират националистичките страсти и намерите за децентрализација на југословенската федерација. Ова претставуваше еден мирен, но краток период за стабилност на меѓунационалните односи. Со донесувањето на новиот Устав се воведе делегатскиот систем, републиките добија конститутивен карактер. Додека пак поимот федерација доби сосема поинаков смисол и претставуваше сојузна република на слободни и рамноправни народи. Федерацијата функционираше преку републиките и покраините и не можеше да одлучува самостојно и независно. Доколку некоја од републиките имаше намера да стави вето, тоа се однесуваше за блокирање на централната управа.

Наместо да се подобрат условите на постоењето на југословенската федерација тие уште повеќе ја влошуваа состојбата, особено со зголемување на меѓунационалната нетрпеливост. Во новиот Устав беше донесена одлука војската и територијалната одбрана да бидат рамноправни. Со ова се овозможи републиките да се обезбедат со оружје, секоја за себе.

Со уставните промени, Сојузното Собрание и Сојузниот извршен совет претставуваат органи на републиките и покраините.

Сојузното собрание беше составено од два собора: Сојузен собор и Собор на републиките и покраините.

Покрај тоа беше формирано и Претседателството на СФРЈ во улога на колективно раководно тело на чело со претседател. Се до смртта во мај 1980 година, Јосип Броз Тито беше претседател на СФРЈ. По неговата смрт претседател се избираше од страна на републиките со однапред поставен распоред.

Се формираа претседателства во републиките и покраините како колективни раководни тела. На овој начин постоеше Претседателство на СРМ, а најголема придобивка од новиот Устав требаше да претставува воведувањето на демократски делегатски систем. Преку делегатскиот систем требаше да се зголеми улогата на работничката класа и преку избраните делегати да ја остваруваат власта. Од овие уставни промени, Македонија доби големи придобивки и како република и како народ. Пред се поради се поголемата застапеност во републичките органи на федерацијата и на ЦК на СКЈ.

Во тој период Македонија за првпат доби потпретседателско место во тогашниот СИС, поголема застапеност во распределба на амбасадорските и конзулските места, како и унапредување на македонските офицери во ЈНА.

Со ова и се овозможи на Македонија уште повеќе да се вклучи во креирањето на внатрешната и надворешната политика на СФРЈ и да учествува во општествено-политичкиот и економскиот живот во СФРЈ. Во периодот од 1971-1991 година се направија обиди да се воведе политичкиот либерализам, делегатскиот систем и договорната економија.

Периодот од пред 1990 година се случија големи промени во општествено-економскиот и политичкиот живот во државата. Започна периодот на отстранување на политички раководители како што беше Александар Ранковиќ и други политичари кои се противеа на дотогашната политичка власт. Исто така во Хрватска и во Македонија се појавија идеите за осамостојување на републиките, меѓутоа нејзините водачи беа притворени.

Кон крајот на 70-те години СФРЈ навлезе во најтешката политичка и економска криза. По смртта на Јосип Броз Тито започнаа големи промени. Значењето и авторитетот на Тито, ќе овозможат СФРЈ да опстане уште десет години.

Во 1980 година во СФРЈ постоеше 45% инфлација, опадна животниот стандард и се ширеше националната нетрпеливост.

На почетокот на 1989 година за премиер на владата се избра Анте Марковиќ кој успеа за кратко време да воведе економски мир во републиките, па и во Македонија. Во овие кризни моменти, послушност откажаа Хрватска и Словенија кои тие се повеќе беа заинтересирани да се отцепат од СФРЈ и затоа започнаа да не ги плаќаат обврските кон федерацијата.

Ако се навратиме station наназад во времето, почетоците на донесувањето на првиот Устав започна уште на 31 декември 1946 година кога Македонија претставуваше уставна држава. Ова е единствен македонски Устав во досегашната историја кој е донесен од страна на Уставотворното собрание, а не на редовно или вообичаено Собрание како што тоа беше случај со другите донесени Устави во 1963, 1974 и 1991 година.

Овој Устав има поцврст легитимитет за разлика од другите, донесен од страна на специјален орган, односно од Уставотворното собрание за разлика од другите устави. Уставот беше донесен од вкупно 192 избрани пратеници, а за него гласаа 180 пратеници. Едногласно сите присутни пратеници гласаа за Уставот, освен 12 пратеници поради болест не присуствуваа на чинот гласање за Уставот. Уставот на НРМ има големо значење за конституирање на Македонија како независна држава. Со конституирање на Македонија како федеративна држава во југословенската федерација се заокружи создавањето на сопствена држава.

Во 1950 година се воведува работничкото самоуправување и во праксата започна да се применува револуционерната девиза на работничката класа: „фабриките на работниците‘‘. Со ова започна еден нов период на социјалистички и самоуправно-демократски развој на општеството.

Неопходни беа уставните промени кои ќе донесат општествени измени за да се решат отворените општествени проблеми и противречности, за натамошен развој на рамноправноста на народите и народностите.

Затоа Уставот од 1974 година и Законот за здружениот труд ќе ја започнат новата фаза во развојот на југословенското социјалистичко самоуправно општество. Социјалистичкото самоуправување претставува систем во кој ја зајакнува општествената позиција на работничката класа. Делегатскиот систем ќе ја зајакне улогата на општественото договарање и самоуправното спогодување.

Уставите од 1946, 1963 и 1974 година во целина ги определуваа условите и формите на движењето на нашиот тогашен општествен развој.

Првиот Устав од 1946 година улогата ја има државната управа, Уставот од 1963 година се темели врз закони и социјалистичка законитост која ги обезбедува социјалистичко-демократските права и должности на работните луѓе и новите социјалистички општествени односи. Тие односи се формираат во услови на социјалистичка демократија и усогласените односи помеѓу општествената заедница и поединците.

Уставот е донесен на заседанието на Народното собрание на СРМакедонија на 12 април 1963 година. Уставот претставува документ од првостепено општествено-политичко и правно значење за идниот развој на социјалистичките општествени односи во СРМ.

Со него на работниот народ му се гарантираат правата за најактивно и најнепосредно учество во управување со општествено-економскиот живот во државата. Тој ги регулира слободите и правата на граѓаните и според уставното начело единствено трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот. Народното собрание во тој период донесе вкупно 235 акти, од кои 101 закон, 106 одлуки, 6 општествени планови, 14 препораки и 8 резолуции. Собранието во својата законодавна дејност ги опфаќаше сите области од општествено-политичкиот и економскиот живот. Како орган функционираше и Соборот на производители кој своите искуства ги споделуваше со Народното собрание.

По донесување на Уставот во Македонија се забележа значителен развој на индустријата. За краток временски период беа забележани околу 50 нови индустриски објекти, а во процес на градба беа уште 26. Најголем застој доживуваше земјоделството, за кое не беа создадени услови за негово побрзо унапредување. Причини за неговата недоволна неразвиеност се неорганизираното производство, недоволната заинтересираност на индивидуалните производители, развојот на селските средини и помош на селското население во развојот на аграрната политика.

Собранието по својата активност, содржина и методи на работа претставува одговорно самоуправно тело и самостоен орган кој ги решава општествените проблеми и работи во целокупниот општествен живот. Друга основна функција на Собранието претставува спроведување на политиката на контрола на сите други органи на власта. Праксата покажа дека Собранието станува поотворен орган за соработка со работните луѓе и самоуправните организации. Исто така, Собранието има поголема афирмација како највисок орган на самоуправувањето. Ги води работите во законодавството,

поширока контрола на работата на извршните и управните органи. Ги следи и разрешува проблемите и интересите на трудот и на самоуправувањето на работните луѓе и на општествено-политичките организации. Во овој парламентарен период, се покажа дека пратениците имаат поквалитетна и поактивна работа, поинаква поставеност и одговорност кон своите задачи и обврски. Собранието ги разгледува и решава прашањата од целокупниот општествен живот на работникот и работните заедници. Остварена е добра соработка помеѓу собраниските тела и органите на управата и другите органи. Времето на Уставот во 1974 година се памети како период кога пратениците се ангажираа во својата работа, период на богата законодавна дејност со донесување на 300 нови закони. А од 1991 година започна процесот на распаѓање на СФРЈ, кога Македонија од федеративна република премина во суверена самостојна и независна Република Македонија.

## 1.2. Уставниот развиток на Република Македонија (1946-1991)

Во подеталната анализа на уставотворното уредување на СФРЈ и на СРМ потребно е да се започне уште од донесувањето на првиот Устав на ФНРЈ и НРМ.

Народна Република Македонија со донесување на првиот Устав на 31 декември 1946 година го одбележа најзначајниот датум во својата сопствена историја на парламентаризмот.Според Уставот, НРМ претставува народна држава со републиканско уредување, обединети републики во една заедничка сојузна држава - Федеративна Народна Република Југославија (ФНРЈ).

Во следниот период, односно на 10 април 1947 година се одржа Првото редовно заседание на Народното Собрание на НРМакедонија.

Со донесување на Уставот заврши процесот на создавање на македонската држава и се одбележа создавањето на македонската држава Народна Република Македонија (НРМ). Затоа во периодот на своето постоење од 1944 година, па се до создавањето на својата сопствена држава во 1991 година беа донесени уставни документи кои го изразуваат општествениот и државниот поредок на Македонија.

Уставот на НРМ составен е од три дела, со вкупно 129 члена.

Првиот дел ги опфаќа основните начела со :

1 глава : Народна Република Македонија составена од пет члена ( член 1,2,3,4 и 5);[1]

2 глава : Народна власт составена од три члена (член 6,7,8);

3 глава: Основни права на народот и на Народна Република Македонија составена од 4 члена (член 9,10,11,12);[2]

4 глава: Општествено и економско уредуење, составена од 7 члена (член 13,14,15,16,17,18,19);[3]

[1] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа ’92 – Кочани, Скопје: 2006, стр.13
[2] Ibid. стр.14
[3] Ibid. стр.15

5 глава: Права и должности на граѓаните, составена од 23 члена (од член 20 заклучно со член 42).[4]

Во вториот дел на темата  Државно уредуење, составена е од 7 глави (од глава 6 до глава 12), содржински ги опфаќа надлежностите на НРМ и највисоките органи на државната власт на НРМ :

1. Народното Собрание на НРМ (од член 51 заклучно со член 71);[5]
2. Президиумот на НРМ (од член 72 заклучно со член 75);[6]
3. Органите на државната управа на НРМ (од член 76 заклучно со член 88), опфаќајќи го највисокиот извршен и управен орган на државната власт, односно Владата на НРМ[7] и
4. Од член 89 заклучно со член 106,  ги опфаќа народните одбори како органи на државната власт.

Во посебна глава, поточно во глава 10, опфатени се  народните судови  (член 107 до член 115), а за јавното обвинителство (член 116  до член 119).

Во последната глава, односно 12 глава, се состои (член 120 - член 127) и ги содржи податоците за односите меѓу органите на државната власт и државната управа.[8]

Во третиот дел на Уставот опфатени се преодните и завршните одредби во последните членови, со членовите 128 и 129.

На крајот на содржината на Уставот на НРМ се прогласува неговото донесување и влегувањето во сила. Уставот е донесен на седницата на 31 декември 1946 година во главниот град на НРМ – Скопје, потпишан од страна на претседателот Благоја Фотев, секретарот Борко Темелковски, двајцата потпретседатели Павел Шатев и Абдурахман Мемет и членовите: Лазар Колишевски, Алек. Мартулков, Вера Ацева, Страхил Гигов, Стерио Боздов и Димче Зографски.[9]

Следуваат измени со Уставниот закон во 1953 година кои се однесуваат за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на НРМ, во делот на општествено-политичкото уредување и организација на власта.

Уставниот закон се состои од вкупно 105 члена, во првата глава на тема Основни начела ги опфаќа темите за Народна Република Македонија во 13 члена (од член 1-13), за Народна Република Македонија и Федеративна Народна Република Југославија во 5 глави (од член 14 – 18).[10]

Вториот дел ја опфаќа содржината за Народното собрание во 12 члена (член 19 – 30)[11], за Устројството на Народното собрание во 18 члена (член 31- 48)[12], за претседателот на

[4] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*,  Европа '92 – Кочани, Скопје: 2006, стр.21
[5] Ibid, стр.28
[6] Ibid, стр.29
[7] Ibid, стр.32
[8] Ibid, стр.40
[9] Ibid, стр.41
[10] Ibid, стр.50
[11] Ibid, стр.54
[12] Ibid, стр.58

Собранието и претседателите на домовите во 2 члена ( член 49-50)[13], Права и должности на народните пратеници во 7 члена (член 51-57).[14]

За седниците во 3 члена (член 58-60)[15], за одбори и комисии во 9 члена (член 61-69)[16],за Извршниот совет во 14 члена (член 70-83), за републичката управа во 21 членови (член 84-104)[17]. Уставниот закон завршува со завршните одредби со член 105, потпишани од страна на претседателот на Собранието, Димче Стојанов-Мире и секретарот на Собранието Александар Мартиновски, во Скопје на 2 февруари 1953 година.[18]

Ако се осврнеме на Уставот од 1946 година во петата глава објаснети се правата и должностите на граѓаните. Според член 20 сите граѓани без разлика на народност, раса и вероисповед се еднакви пред законот. Сите граѓани имаат должност да ги почитуваат Уставот на ФНРЈ, Уставот на НРМ и законите. Според член 22 од Уставот сите граѓани со наполнети 18 години без разлика на пол, народност, раса, вероисповест, степен на образование и место на живеење има право да избираат и да бидат избрани во сите органи на државната власт.[19]

Се избираат на тајни, општи и непосредни избори. Избирачко право немаат оние лица кои се осудени.

Според член 23, жените се рамноправни со мажите во сите области на државниот, стопанскиот и општествено-политичкиот живот. Жените со овој член заштитени се со еднаква плата како и мажите и на овој начин се заштитува работниот однос на жените. Овој член ги опфаќа правата на жената како родилка и мајка со тоа што државата обезбедува создавање на породилишта, детски домови, и платен породилен одмор на мајката за чување на своето дете.

Според Уставот обезбедено и уредено е на граѓаните да им се обезбеди слобода на совест и на вероисповест, со одделување на црквата од државата.[20]

Според глава 7, Народното Собрание, кое се избира од страна на граѓаните, ја врши законодавната власт и се избира на четири години. Се избира претседател, еден или повеќе потпретседатели и до тројца секретари. Заседанијата на Собранието може да бидат редовни или вонредни. Редовните се свикуваат два пати годишно, а вонредните заседанија ги свикува Президиумот на Народното собрание, по потреба или по барање на една третина пратеници. Претседателот на Собранието ги свикува седниците и работи според правилникот за работа. За да се донесат решенија потребно е присуство и гласање на мнозинство на пратеници. Законски предлози може да доставаат пратениците, владата и членовите на владата на НРМ. Собранието со закон го утврдува годишниот буџет на државата. Владата го подготвува буџетот и го поднесува до

[13] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа '92 – Кочани, Скопје: 2006, стр.58
[14] Ibid, стр.60
[15] Ibid, стр.61
[16] Ibid, стр.64
[17] Ibid, стр.73
[18] Ibid, стр.73
[19] Ibid, стр.17
[20] Ibid, стр.18

Собранието на НРМ. Законот влегува во сила по осмиот ден по објавувањето во гласилото Службен весник на НРМ. [21]

Постои верификационен одбор чија задача претставува потврдување или поништување на пратеничките мандати. Кога ќе заврши работата на верификационата комисија пратениците ја даваат заклетвата. Според член 66 од Уставот, пратениците може да поставуваат прашања до Владата и до членовите на владата. А тие пак во рок од три дена да дадат усмен одговор или во рок од пет дена писмен одговор. Доколку се работи за повеќе информации и податоци, рокот може да биде подолг до 30 дена.[22]

Секој пратеник има право да поднесува интерпелација до премиерот или членовите на владата. Сите пратеници уживаат имунитет за време на нивната пратеничка функција. Имунитетот може да му биде одземен доколку направи некој криминал или злосторство. Во случај на војна или вонредна состојба може да трае пратеничкиот мандат.

А по завршување на изборите, Собранието се свикува најдоцна еден месец по изборите. Предлог за измена и дополнување на закон може да предложи Президиумот на Народното собрание, владата или една третина од пратениците. Почнувајќи од член 72 заклучно со член 75 се утврдува функцијата и работата на Президиумот, како тело на Народното собрание составено од претседател, 3 потпретседатели, еден секретар и најмногу 15 члена. Нејзината функција се состои во свикување на заседанија на Народното собрание, распишување на избори за пратеници во Собранието, толкување на законите, прогласување на донесените законите и издавање на укази. Потоа доделување на признанија, почесни одликувања од НРМ, поставување и разрешување по предлог на премиерот членови на владата во периодот меѓу двете заседанија на Собранието и распишува референдум.

Президиумот се избира во исто време кога е избрано Собранието. Кога ќе се распушти Собранието, Президиумот ги врши должностите се до изборот на новиот Президиум на Народното собрание на НРМ.

Со измените во Уставниот закон од 1953 година со членовите од 19 до член 31 се објаснуваат правата на Народното собрание. Според овие членови, Народното собрание ги има следните надлежности: да го менува Уставот, да бира и разрешува претседател и членови на Извршниот совет, избор и отповикување со Сојузниот Устав, определен број на народни пратеници за Сојузниот собор на Сојузната народна скупштина, избор и разрешување на Врховниот суд на НРМ, донесување на републички закони, донесување на републички буџет, републички општествен план. Потоа одлучува за измена на границите на државата со потврда на Сојузното народно собрание, создавање на самоуправни установи од интерес на државата и високи школи,амнестија за кривични дела определени со закон. Одлучува за продолжување на траењето на мандатот на народните одбори на општините и градовите за една година. Собранието донесува декларации, резолуции и дава препораки за работата на државните органи, самоуправните установи и стопанските организации.

---

[21] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа '92 – Кочани, Скопје: 2006, стр.28
[22] Ibid, стр.27

Законите се објавуваат во Службен весник и влегуваат во сила, осмиот ден по објавувањето. Мандатот на пратениците во Собранието трае четири години, а може да трае подолго, само во случај на војна или други вонредни околности се додека трае состојбата.

Предлог за измена на Уставот може да поднесат 20 члена на еден дом и Извршниот совет. Измените се однесуваат според членовите од 31 заклучно со членот 48 со објаснување за постоењето на двата  дома, Републичкиот собор и Соборот на производителите.

Републичкиот собор е составен од пратеници избрани од страна на народот, а еден пратеник се избира на 12000 жители. Соборот на производители го сочинуваат народни пратеници избрани од страна на производители на работа во производство, транспорт и трговија. Еден пратеник се избира на 15000 производително население. Републичкиот собор и Соборот на производители учествуваат подеднакво во одлучување на измена на Уставот, во утврдување на републичкиот буџет, републичкиот општествен план, во донесување на закони од областа на производството, трудот и социјалното осигурување. Тие земаат учество во одлучување за распишување на референдум, во донесување на декларации и резолуции. Овие два дома заседаваат посебно.

Народното собрание на заедничката седница на двата дома ги носи следните работи: избира и разрешува претседател, потпретседатели, секретар на Народното собрание. Исто така избира и разрешува претседател и членови на Извршниот совет, избира судии на Врховниот суд на НРМ,избира и разрешува членови на одбори и комисии на Собранието, прогласува измени на Уставот.

И двата дома подеднакво имаат право да предложуваат измени на законите, а ако не го прифатат текстот на законот, тогаш се формира заедничка  комисија составена од двата дома со ист број на членови. Доколку не се согласи комисијата, тогаш се одложува претресот на спорното прашање за седум дена. По изминување на рокот ако не се согласуваат по двата претреси, тогаш се распушта Народното собрание и се распишуваат нови избори за ново Собрание. Секој дом има свој правилник за работа, а двата дома донесуваат заеднички правилник за заедничките седници. Од редовите на пратениците се избира претседател, неколку потпретседатели и еден секретар на Собранието. Нивната функција трае се до изборот на новиот претседател, потпретседателите и секретарот. Претседателот го потпишува указот за прогласување на законот, претседава на заедничките седници на двата дома. А доколку е спречен во извршување на должноста него го заменуваат потпретседателите, а секретарот се грижи за администрацијата на Собранието. Домовите од своите членови избираат  по еден претседател, потпретседател и тројца записничари, а нивниот мандат трае една година. Претседателот се грижи за одржување и текот на седниците и нема право да гласа за време на седницата.  Од член  51 вклучувајќи го и член 57 се однесуваат за правата и должностите на народните пратеници.[23]

[23] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа '92 – Кочани, Скопје: 2006, стр.60

Секој пратеник има право да носи нови предлози на закони, резолуции, декларации, одлуки, препораки, да поднесува прашање до Извршниот совет и тој да одговори на седница или написмено. Народниот пратеник нема право да ги извршува функциите на судија или службеник во државната управа. Членовите 58, 59 и 60 се однесуваат за седниците на Народното собрание, според кои Собранието се состанува најдоцна по 30 дена од денот на изборите и е во постојано заседание. Седниците ги свикува претседателот на Собранието, по предлог на претседателот на домот, од одборот, од една петина членови на домот,од Извршниот совет и по сопствена иницијатива.За донесување важни одлуки потребно е присуство на мнозинство членови во двата дома.[24]

Сосема е јасно дека со измените во ФНРЈ се воведува работничкото самоуправување кога КПЈ претставува доминантна политичка сила со централизирано раководење со строга контрола на сојузните органи над органите на управата. Републиките се потчинети на федерацијата и формално самостојни. И покрај спроведување на Петгодишниот план за развој во периодот од 1947 до 1951 година не се реализираше во вистинска смисла на зборот поради нерамномерниот развој на републиките. Главна причина беа последиците од војната. Според планот за 1950 година во Македонија беше реализиран само 38,9 %.Во тој период не се искористи фондот за кредитирање на недоволно развиените подрачја меѓу кои спаѓаше и Македонија како република во југословенската заедница.Македонија се соочи со многу проблеми, почнувајќи од недостиг на суровини, миграција село-град и неисполнување на аграрната реформа. И сето тоа повлекува уште поголема криза и неспроведување на многу планови и активности, предвидени за напредок и просперитет на југословенската заедница.

Во Уставот на Социјалистичка Република Македонија, донесен на седницата од 12 април 1963 година се состои од вовед од основни начела објаснувајќи го општествено-политичкото уредување на СРМ.

Во првата глава на тема Основни одредби составена од 10 члена (член 1-10)[25], втората глава на тема општествено-економско уредување (член 11–25)[26], од (член 26–33) за просвета, наука и култура[27], од (член 34-40) опфатена е темата за здравствена и социјална заштита[28], од (член 41-46) за работните организации.[29]

Третата глава го опфаќа општествено-политичкото уредување на СРМ и тоа членовите (48–61)[30]за самоуправувањето во општествено-политичките заедници, за самоуправувањето во работните организации од член (62-71)[31], за правата на народностите – националните малцинства од член (72-75)[32], и за народната одбрана во член 76[33].

---

[24] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа '92 – Кочани,Скопје: 2006, стр. 61
[25] Ibid, стр.102
[26] Ibid, стр.107
[27] Ibid, стр.108
[28] Ibid, стр.110
[29] Ibid, стр.112
[30] Ibid, стр.116
[31] Ibid, стр.121
[32] Ibid, стр.122
[33] Ibid, стр.122

За правата и должностите на општината подетално е објаснето во членовите (77- 85), за општинското собрание од член (86 – 101)[34], за општините на подрачјето на град Скопје од член (102-103), за месните заедници од член (103 -104)[35], за собири на избирачите од член (105-107)[36], за референдумот во членот 108 [37].

Во шестата глава од член 127- 140 поопширно објаснети се правата и должностите на СРМ.[38]

За развојот на парламентаризмот во Македонија во Уставот од 1963 година, во седмата глава, во членовите од (141 до 144) опфатена е положбата и надлежноста на Собранието на СРМ.

Според Уставот, Собранието претставува највисок орган на власта и на општественото самоуправување. Основните надлежности на Собранието се: да го менува Уставот, да донесува закони и да дава автентично толкување на законите. Потоа да ги донесува републичките општествени планови, републичкиот буџет, завршната сметка, да распишува референдум, да формира работни и други организации од општ интерес за републиката. Ја контролира работата на Извршниот совет и републичките органи на управата.Се избираат или разрешуваат претседателот и потпретседателите на Собранието,определен број на пратеници за Соборот на народите на Сојузната скупштина, претставници на Извршниот совет, претседатели и судии на Уставниот суд, на Врховниот суд и другите судови, републички секретари, секретари на Извршниот совет и други органи, донесува декларaци и резолуции.

Од членот 144 – 153 опфатена е темата за составот и изборот на Собранието кое го сочинува Републичкиот собор, како собор на делегати на граѓани во општините, составен од 100 пратеници.

Стопанскиот собор, Просветно-културниот собор, Социјално-здравствениот собор, Организационо-политички собор претставуваат собори на делегати составени од работни луѓе во работните заедници и се состојат по 60 пратеници. Пратениците во Републичкиот собор имаат обврска да избираат општинско собрание на две или повеќе општини.

Избори за пратеници распишува претседателот на Собранието и се одржуваат најдоцна 15 дена пред истекот на изборниот период на пратениците на кои им истекува мандатот. Мандатот на пратениците може да продолжи доколку се прогласи вонредна состојба (член 144-152).[39] За делокругот и работата на Собранието објаснето е од член (153–164)[40] а за процесот на донесување на закони од член (165 -169)[41].

За претседател на Собранието и претседатели на собори објаснето е во членовите од (170-173)[42], кои се избираат од редовите на пратениците на републичкиот собор, со

---

[34] Ibid, стр.130
[35] Ibid, стр.131
[36] Ibid, стр.132
[37] Ibid, стр.132
[38] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа '92 – Кочани,Скопје: 2006, стр.143
[39]Ibid, стр.145
[40] Ibid, стр.147
[41] Ibid, стр.150
[42] Ibid, стр.152

ограничување на мандатот од четири години и нема право повторно да се кандидира. Се избира и секретар на Републичкиот собор.

Должностите на претседателот на Собранието се состојат од свикување на седници, со примена на Деловникот на Собранието, ги потпишува сите акти кои се донесуваат и со указ ги прогласува законите.Од членот (174-179)[43] се објаснуваат правата и должностите на пратениците кои имаат право да предлагаат закони и други решенија, со право да поставуваат прашања на членовите во Извршниот совет, да ги известува своите избирачи за работата која ја работи во Собранието и нема право да извршува друга функција, освен пратеничката. Пратеникот ужива имунитет во Собранието и надвор од него. Оној пратеник кој е осуден за кривично дело во период над пет години се информира претседателот на Собранието и како прашање се решава пред сите пратеници дали ќе се донесе решение да се лиши од слобода.[44]

Почнувајќи од членот (180–186) ги опфаќа работата на одборите и комисиите, а членовите од 187-190 измените на Уставот.[45]

Во осмата глава објаснети се политичко-извршните и управните органи на Собранието на СРМ и тоа за Извршниот совет и за Републичката управа.[46]

Деветата глава во членовите од (205-212) го опфаќа правосудството,[47] а за уставноста и законитоста во десетата глава во членовите (213-240).[48]

Уставот завршува со преодни и завршни одредби, со членовите 241 и 242[49].

Се прогласува донесувањето на Уставниот закон за спроведување на Уставот на СРМ на седницата од 12 април 1963 година потпишана од страна на претседателот на Народното собрание Љупчо Арсов.[50]

Според хронологијата, Уставот е донесен непосредно пред земјотресот кој се случил во Скопје на 26 јули 1963 година, кога во градот беа уништени многу важни објекти и станбени згради.

Пред да се донесе Уставот во 1974 година, беа извршени измени со донесување на уставните амандмани од 1967, 1969 и 1971 година.

Уставот на СРМ претставува највисок државно-правен акт донесен на 25 февруари 1974 година.Тој започнува со уводен дел и основните начела кои треба да обезбедат национална слобода и независност, братство и единство на народите и народностите, социјалистички општествени односи врз основа на самоуправувањето на работните луѓе и социјалистичкиот самоуправен систем.

Првата глава на тема Општи одредби, составена е од членовите (1-11)[51], додека во наредната глава за општествено –економското уредување поделена е на неколку теми:

---

[43]Ibid, стр.153
[44] Ibid, стр.155
[45] Ibid, стр.158
[46] Ibid, стр.162
[47] Ibid, стр.165
[48] Ibid, стр.172
[49] Ibid, стр.172
[50] Ibid, стр.173

-за положбата на човекот во здружениот труд и општествената сопственост ( член 12-34)[52];

- Здружување на трудот и на средствата на општествената репродукција (член 35- 53)[53];

- Самоуправни интересни заедници (од член 54- 62)[54];

-Средства на општествено-политичките организации и другите општествени организации (член 63-67)[55];

- Самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓани (член 68-73)[56];

- Општествено планирање (член 73- 79) ;

- Општествен систем на информирање,општествено книговодство и статистика (член 80 – 83)[57];

- Средства за општи и општествени потреби (член 84-89)[58];

- Обезбедување на единствениот југословенски пазар (член 90 – 91)[59];

- Народна банка на Македонија (член 92 – 93)[60];

- Сопствено-правни односи (член 94-101)[61];

- За станбените односи во членовите 102 и 103[62]; за добрата од општ интерес во членовите 104 заклучно со член 107 и за заштита и унапредување на човековата околина во член 108.[63]

Третата глава содржи општи податоци за општествено–политичкиот систем,за положбата на работните луѓе,за самоуправувањето во организациите на здружениот труд,положбата во СИЗ,во месните заедници,самоуправните спогодби и општествените договори,самоуправните права, собранискиот систем, јавните овластувања, одговорноста, општествената самозаштита и права на другите народи на Југославија, рамноправност на народите (член 109 – 183)[64].

Четвртата глава од Уставот се однесува за општината (член 184-202)[65], петтата глава за слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот (член 203-251)[66], шестата глава за уставноста и и законитоста (член 252-267)[67],седмата глава за судството и

---

[51] Ibid, стр.296
[52] Ibid, стр.297
[53] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа '92 – Кочани,Скопје: 2006, стр.305
[54] Ibid, стр.314
[55] Ibid, стр.318
[56] Ibid, стр.319
[57] Ibid, стр.326
[58] Ibid, стр.328
[59] Ibid, стр.328
[60] Ibid, стр.329
[61] Ibid, стр.330
[62] Ibid, стр.332
[63] Ibid, стр.333
[64] Ibid, стр.360
[65] Ibid, стр.366
[66] Ibid, стр.377
[67] Ibid, стр.381

јавното обвинителство (член 268-289)[68], за народната одбрана во осмата глава (член 290-298).

Вториот дел на Уставот ги опфаќа правата и должностите на СРМ (член 299-316).[69]

Десетата глава се однесува за положбата и надлежноста на Собранието на СРМ во членовите 317 и 318[70], за составот и изборот на Собранието (член 319-330)[71], за работата, донесување на законите, претседателот на Собранието и претседателите на Соборите, правата и должностите на делегатите и работните тела (член 331-364)[72].

Сосема е јасно и разбирливо дека со внесувањето на голем број нови членови во овој Устав, тој се разликува од претходно донесените Устави во Македонија. Тоа е сосема видливо во 11 глава во која е објаснета работата и функцијата на претседателството на СРМ почнувајќи (од член 375-387)[73], за Советот на републиката од (член 388-391)[74], за Извршниот совет (член 392-407)[75], за републичката управа (член 408-413). Во посебна глава се објаснува за судската власт, почнувајќи од врховниот суд, јавното обвинителство, републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето (член 414-418)[76] и уставниот суд (член 419-437)[77].

Како посебна глава во Уставот се однесува за давање свечена изјава на претставниците на високата државна власт (претседателот и членовите на Претседателството и претседателот и членовите на Уставниот суд во член 438[78].

Третиот дел на Уставот ги опфаќа измените на Уставот на СРМ, давање согласност за измена на Уставот на СФРЈ и последниот дел за преодни и извршните одредби (член 439-450)[79].

Според Уставот од 1974 година, Собранието е орган кој го менува Уставот, носи закони, буџет, носи одлука за референдум, формира организации, врши контрола на работата на Извршниот совет и на другите органи. Избира и разрешува многу функционери, како што е претседателот, потпретседателите на Собранието, членовите на претседателството на СРМ, делегација на СРМ во Соборот на републиките и покраините на СФРЈ, членови на Извршниот совет, комисиите и други работни тела на Собранието, избира судии, јавен обвинител, правобранител, донесува декларации и резолуции.

Собранието се состои од три собори:

1. Собор на здружен труд составен од 120 делегати,
2. Собор на општините и

[68] Ibid, стр.385
[69] *Шеесет години Устав на Република Македонија 1946-2006*, Европа '92 – Кочани,Скопје: 2006, стр.388
[70] Ibid, стр.402
[71] Ibid, стр.402
[72] Ibid, стр.414
[73] Ibid, стр.418
[74] Ibid, стр.422
[75] Ibid, стр.422
[76] Ibid, стр.429
[77] Ibid, стр.430
[78] Ibid, стр.436
[79] Ibid, стр.439

3. Општествено-политички собор составен од 60 делегати

Сите три собори имаат четиригодишен мандат.Претседателот на Собранието распишува избори кои се одржуваат најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот на пратениците.Откако се верификува мандатот на новите пратеници, престанува функцијата на претходните пратеници.Само во вонредна состојба продолжува мандатот на пратениците.Пратениците заседаваат на седници, тие имаат имунитет и работат според деловникот и Уставот.Со Собранието раководи претседателот,еден или повеќе потпретседатели и секретарот на Собранието.Во Собранието функционираат работните тела и се формира Комисија за прашања на изборите и именувања.

Не сум правник, меѓутоа, во анализата на трите Устави очигледно е дека последниот Устав од 1974 година содржински е побогат и секоја област е опфатена и објаснета подетално.

На овој начин може да се проследи и проучува развојот на македонскиот парламентаризам, почнувајќи од првиот Устав од 1946 па се до последниот донесен Устав од 1974 година во времето на СФРЈ.

Сосема јасно е дека сите три Устави, содржински ги опфаќаат органите на власта, судството, уставниот систем, законодавната постапка, почитувањето на уставните и законските предвидени процедури, правата и обврските на граѓанинот кој живее на територијата на Македонија и на СФРЈ.

Се поставува едно големо прашање дали донесувањето на Уставот во 1974 година направи големи промени во позитивна аконотација или пак започна да ги поткопува темелите на југословенската федерација?

Одговорот е негативен, од многу причини, пред се започна разгорувањето на национализмот, меѓуетничката нетрпеливост и недоразбирањата веднаш по смртта на Тито, особено кога се појавија внатрешните превирања за превласт со сојузните органи.

Одредени републики веднаш започнаа да размислуваат за заедничките механизми за управување со федерацијата и во предност ги ставија само своите национални интереси и цели. Уставот од 1974 година бил искористен и републиките се повикуваа на него кога почнаа да прогласуваат независност. На интригантен начин ја искористија и територијалната одбрана за да се спротивстават на ЈНА и да се свртат кон создавање на своја сопствена и независна држава.

### 1.3. Улогата и значењето на Јосип Броз Тито во СФРЈ и Македонија

Најголемите проблеми во СФРЈ започнаа по смртта на Јосип Броз Тито по 1980 година, кога не беа создадени услови на негово место да застане друг политичар на чело на државата. Не постоеја никакви услови за организирање и функционирање на државниот апарат.

Јосип Броз Тито како личност зазема посебно место во историјата на југословенските народи, почнувајќи од НОБ од отпорот против фашистичките окупатори.Тој е личност со големи лидерски и менаџерски способности,творец на работничкото

самоуправување. Тито беше еден од творците и идеолозите на неврзаното движење со единствена мисла за мир и развој на сите земји во светот, творец кој се свrте кон земјите кои беа сиромашни и оние во развој од сите страни на светот. На овој начин тој уживаше голем углед и почит како личност од целиот свет.Тито беше вистински дипломат кој успеа со сите светски државници да седне и да преговара како што беа: Сталин, Вили Брант, Нехру, кралицата Елизабета, Чаушеску, Фидел Кастро и пријателски односи развиваше со сите земји низ светот. За него се организираа свечени дочеци, народот излегуваше по улиците и срдечно го пречекуваа во државата. Во Кина во негова чест се организираа културни и музички манифестации во присуство на илјадници млади луѓе.Додека пак во својата татковина, секоја година на 25 мај, на денот на неговиот роденден му се предаваше штафетата која пред тоа кружеше од рака во рака низ цела Југославија,организирајќи централна свеченост на Белградскиот стадион.Штафетата ја носеа млади и успешни луѓе, најдобрите ученици, студенти, спортисти, работници.Таа започна да му се предава од 1957 година и се до неговата смрт 1980 година. Традицијата за постоење на штафетата траеше се до 1987 година и на тој начин се изразуваше почитта и љубовта на Јосип Броз Тито. Ова беше можност на сплотување на народите и народностите, се градеа нови пријателства, дружења, првите љубови, не гледајќи на верската и националната припадност.

Тито беше запаметен уште од времето на војната кога се спротивстави на Коминтерната и тоа траеше и по војната кога се создаваше ФНРЈ. Тито ги вршеше функциите: врховен командант на НОВ и ПОЈ, водач на КПЈ- СКЈ. Тој беше историска личност кој завзема челно место во светската историја, најпознат политичар и лидер на сите времиња.Неговите дела се мошне познати и запишани во југословенската историја, одличен воен стратег и тактичар во времето на седумте офанзиви против фашистичкиот окупатор.

Неговата улога е уште поголема по војната, во периодот на изградбата и обновата на земјата.Денес останаа сеќавањата за неговата огромна ангажираност за развој на југословенската заедница. Успехот и развојот на СФРЈ се должи преку братството, единството и рамноправноста на сите југословенски народи и народности.

По војната, започна изградбата на новата држава, помагајќи им на настраданите во војната, овозможувајќи им на сите нови домови, патишта, изградба на претпријатија, фабрики, активирање на патниот и железничкиот сообраќај. Во целиот тој процес на промени успееја сите народи и народности сложно и сплотено да се вклучат во градбата и изградбата на државата.Се организираа младински работни акции, вклучувајќи ги војската и младината на Југославија. Во сите делови на Југославија, целокупната младина зема учество во градба на патишта, мостови и други објекти кои беа неопходни за почеток на нормален живот за сите.

Во овие акции зема учество и македонскиот народ со голема почит кон сите народи и народности во СФРЈ. Особено голема почит изразија кон Тито, заради неговото големо заложување Македонија да се приклучи кон југословенската заедница. Во воениот период па се до денес не постои личност како Тито кој завзема посебно место во светската политика, со изграден авторитет, почитуван од сите државници од целиот свет.

Јосип Броз Тито се истакна уште во Втората светска војна, во улога на антифашист, водач на КПЈ, личност кој зазема значајно место во Антихитлеровата коалиција, борец и победник над фашизмот. Тито успеа со мал број војници и со слаба вооруженост да се спротивстави во текот на четиригодишната борба. Со тек на време, населението се повеќе се приклучуваше кон НОБ и на секаков начин се обидуваше да му помогне на Тито и на Народноослободителното движење, не размислувајќи за последиците дали и како ќе го загуби својот живот. Во тие вооружени судири најмногу настрадаа младите и старите. Во војната се вклучија и жените кои помагаа на секој начин во улога на курир, партизанка, болничарка, борец во првите воени редови.За нивната пожртвуваност говори бројот на жртви како жени во четиригодишната војна. Тито беше вистински пример како одличен водач за време на војната и тој беше инспирација на другите водачи во другите окупирани земји во Европа во светот. Тито и НОВ беа запаметени во југословенската историја, па и сите во светот беа информирани преку историските книги и документираните докази дека во периодот на војната, 20.000 партизани се спротивставија на 120.000 окупаторски војници. Од друга страна пак, Тито се спротивставуваше и на сугестиите од Советската влада и Коминтерната кои се обидуваа на некој начин да му се спротивстават на неговите одлуки. Тој сепак категорично го слушаше и му веруваше единствено на својот личен инстинкт како да раководи со вооружените сили на својот сопствен народ. НОВ и ПОЈ имаше уште еден непријател, а тоа беа внатрешните, односно домашните предавници, четници, усташи, балисти кои низ целата територија на Југославија се спротивставуваа на партизанското движење.

Тито со неговата визија и мисија успеа да создаде држава на Балканскиот полуостров и во Европа која се издвојуваше по државното и политичкото уредување.Новата држава претставуваше југословенска републиканска федерација составена од 6 републики и две автономни покраини која опстана скоро цели 45 години.Со ваквото државно уредување СФРЈ се разликуваше од другите држави во светот. Денешните и идните генерации за улогата и значењето на Тито и НОБ може да ги осознаат преку историјата, преку многуте документарни и играни филмови, книги, песни, раскази, пишани сведоштва на преживеаните борци од војната. Покрај тоа многу градови, села, планини уште во времето на неговото владеење го носеа неговото име: Титоград, Титов Велес, Титова Митровица, Титово Велење, Титов Дрвар, Титово Ужице, Титов Врбас, Титов Врв и други.

Тито се спротивставуваше Југославија да стане членка на НАТО и противник за влез на приватниот странски инвестициски капитал во СФРЈ. Во негово време постоеше законска забрана за учество на странскиот капитал во капиталот на домашната фирма со повеќе од 49 отсто.Меѓутоа, на ова се спротивстави Словенија каде се формираа странски фирми кои ги пласираа своите производи на домашниот пазар.Како еден од внатрешните причинители за распад на СФРЈ претставуваше распадот на ЈНА, кои меѓу себе се поделија, па дури и војуваа меѓу себе, прераснувајќи во долгогодишни војни.

Сето ова придонесе територијална поделба на СФРЈ, на мали и самостојни и независни држави, а се случи преку војни со многу човечки и материјални загуби.

Улогата и значењето на Јосип Броз Тито е мошне значајно уште од периодот на Втората светска војна и НОБ кога Македонија стана членка на Антихитлеровата коалиција.Со одлуките донесени на Второто заседание на АВНОЈ, Македонија беше планирана да претставува една од шесте републики во новата југословенска заедница. По војната, Македонија доби национално осамостојување и комунистички режим. За првпат доби државност, културна самостојност, економски развој и стана република на СФРЈ. Македонија беше вклучена во целиот општествено-политички, стопански и културен развиток на СФРЈ уште од 1945 година па се крајот на постоењето на СФРЈ.

По смртта на Тито, се измени сликата во водството на СФРЈ, наследниците на Тито не можеа да се снајдат во улогата да ја водат државата. Тие беа дезориентирани, неподготвени, неспремни да застанат на негово место и да продолжат да ја водат државата.

### 1.4. Период на криза во СФРЈ и во Македонија

Во почетокот на 80-те години во СФРЈ започна општа економска криза која траеше во наредните десетина години. Кризата ја опфати економијата, стопанството, се зголеми бројот на невработени. Започна емиграција на населението во европските земји, финансиски афери, затворање на големи претпријатија и фабрики. Економската криза беше продлабочена насекаде, државата беше задолжена на сите страни. Беа зголемени долговите, без никакво решение или пак предлог како да се излезе од кризата и да се вратат долговите.Никакво решение не понудија ниту најдобрите економисти во земјата, туку тие се свртеа на сосема друга страна. Населението своето незадоволство го изрази преку штрајкови и демонстрации. Не постоеше единствен југословенски пазар и се рашири инфлацијата низ цела Југославија. Кога опадна влијанието и авторитетот на СКЈ, се појави криза во единствената политичка партија. Партијата не можеше да понуди никакво решение за да се излезе од кризата.

Покрај промените кои се случуваа во Југославија, општествени промени се случуваа и во Европа каде се распаѓаше социјалистичкиот систем и се појавуваа економски и меѓуетнички проблеми.

Со појавата на национализмот во Југославија ќе се срушат револуционерните придобивки од НОБ, братството и единството, рамноправноста меѓу народите и народностите во СФРЈ. Сето ова наброено беа внатрешни причинители за рушење на системот на СФРЈ. [80]

Надворешни причинители за рушење на СФРЈ претставуваа влијанието и мешањето на разузнавачките и странските обавештајни служби внатре во државата.СФРЈ заземаше посебно место во развитокот на надворешната политика, како една од земјите основачи и водачи на неврзаното движење за кое многу европски земји беа против ова движење.

[80] https://youtu.be/ndDn3T1Cc5M

Против СФРЈ беа и многу странски политичари и државници.Мошне беше јасно дека Југославија се наоѓа на едно многу важно геостратегиско место на Балканот, за кое беа заинтересирани и двете страни и Западот и Истокот.

Покрај сите овие наброени причини, за распадот на СФРЈ придонесе донесувањето на уставните амадмани и Уставот од 1974 година. СФРЈ опстануваше на стаклени нозе, особено во периодот на 1986 година кога ескалираше состојбата на сите полиња, со големата криза во меѓурепубличките и меѓунационалните односи.

Поради промените кои настанаа на глобално светско ниво, не можеше повеќе да опстанува социјалистичкото самоуправување и воопшто политичкиот систем. Националната нетрпеливост со тек на време се повеќе разгоруваше, секоја од републиките го гледаше својот интерес и влијание. Ширум целата земја се повеќе се ширеше национализмот помеѓу југословенските народи кои не можеа никако да се договорат помеѓу себе како и на кој начин ќе продолжат да ја градат СФРЈ.

До израз дојдоа националните интереси, кога група политичари го изразија својот личен интерес и доминација да ја превземат власта во свои раце. Се појавија различни размислувања дали да опстане државата или да се сруши. Се појавија многу прашања дали да се прекројува нова карта на Југославија, дали да се преименува во централистичка или во унитаристичка држава или како конфедерација. Во тој период не се појави личност која би успеала да ја извлече земјата од кризата, туку состојбата ескалираше дури до распаѓање.Наместо да се избере мирен и цивилизиран начин да се реши проблемот, се појави воен конфликт кој се прошири во војна, во национална омраза, масовни убиства, раселување на населението, уништување на цели села и градови.

На овој начин се избриша сликата на некогашниот заеднички и мирен живот во СФРЈ, кога се склучуваа мешани бракови, децата учеа во исти клупи. Не постоеше никаква омраза кога младите се дружеа, во југословенската војска се вклучуваа сите и служеа воен рок во различни градови, се зацврстуваше пријателството, другарството и траеја со децении. Да не се заборави учеството на младите во младинските работни акции, градејќи патишта, брани, железнички пруги низ целата територија на Југославија.

Влијателен фактор за распаѓање на СФРЈ претставуваше глобалната промена на политичкиот систем во Источна Европа, почнувајќи од 1989 година. Демократијата се појави во источно-европските земји, додека пак влијанието на САД беше присутно во Европа и во СФРЈ. Можеби во тоа време, најголем проблем претставуваше појавата на група политичари  кои себично гледаа за себе како да дојдат на власт за свои лични интереси.

Со распаѓањето на СКЈ на 14-от конгрес, се отвори една нова политичка страница на формирање на политички партии кои едни ја наследуваа старата СКЈ, некои пак членови формираа свои нови политички партии со подготвени политички програми.

Во сите бивши југословенски републики започна процесот на формирање на политички партии. Насекаде се случуваа големи промени, почнувајќи од Словенија кога започна 10-дневната војна помеѓу ЈНА и територијалната одбрана на Словенија.

Со прогласување на независноста на Словенија и Хрватска за да се спречат секакви конфликти, после 25 јуни 1991 година започнаа уште поостри конфликти. Мошне активни беа словенечките паравоени сили кои убија војници на ЈНА за да ја обезбедат границата кон Унгарија и Италија и ја презедоа граничната контрола. За овој настан имаме различни податоци, според едни официјални дека загинале 44 војници и 185 ранети, а според други дека бројката е поголема за 30-40%.

Со одржување на референдумот за независност во Хрватска, во мај 1991 година, ЕЗ ја потврдија независноста на Хрватска во јануари 1992 година.

Босна и Херцеговина својата независност ја прогласија во март 1992 година.Додека пак Србија и Црна Гора прогласија независност кон крајот на април 1991 година кога се формира нивниот заеднички сојуз наречен Сојузна Република Југославија (СРЈ). Косово кое претставуваше дел од СРЈ во 1999 година беше под протекторат на воените сили на ООН и НАТО.

Во Хрватска со формирањето на националистичката партија ХДЗ на чело со Фрањо Туѓман, започна да се шири национализмот. Оваа партија победи на првите самостојни хрватски парламентарни избори. Веднаш потоа, Хрватите го изразија својот револт и национализмот кон Србите, преку исфрлување на Србите од државните органи.

Од другата страна пак се појави усташтвото, беше донесена одлука за обезбедување на оружје преку Унгарија и почна да се создаваат паравоени единици и војска. На овој начин започнаа првите акции против Србите кои живееја во Хрватска, уништување на нивните домови, куќи, прогонства, масовни убиства на цели семејства. Хрватите ги нападнаа ЈНА и касарните, најпрвин преку исклучување на струјата и запирање на водата. Започна масовно да се одзема оружјето и воената опрема за да се оневозможи силата на некогашната силна ЈНА. Најголемиот воен подвиг на паравоените хрватски сили претставуваше 1991 година кога го нападнаа градот Вуковар. Во тие напади Вуковар беше срушен со масовно уништување на српското население и освојување на градот.[81]

Хрватските сили ја нападнаа касарната на ЈНА, но СРСрбија испраќаше единици на ЈНА за да ја спасат касарната, а првенствено да се спаси и заштити српското население. Вуковар беше целосно уништен град, Хрватите не посакуваа повеќе да живеат во него, бидејќи будеше мрачни спомени, со мирис на терор и смрт.

По војната, еден дел од избеганите Срби се вратија назад во Вуковар и се обидоа да ги обноват своите домови и своите животи. На овој начин Хрватите ја постигнаа својата цел, а тоа е протерување на Србите од својата територија преку убиства и насилство.[82]

После ова мрачно сценарио во Вуковар беа направени меморијални гробишта. Таму се наоѓа најмасовната гробница во Европа по Втората светска војна. Секоја година се одбележува почетокот на војната, во спомен на загинатите цивили и војници.

---

[81] http://www.zlocininadsrbima.com/Zlocin.aspx?Naslov=Вуковар-1991

[82] https://sr.wikipedia.org/wiki/Вуковар

Изминаа 29 години и сеуште не е позната точната бројка на жртвите. Поставени се 938 бели крстови и два крста кои ги симболизираат најмладите жртви кои беа бебиња, а другите се оние најстарите, па дури и онаа жртва која имаше 104 години.[83]

Се претпоставува дека загинале 4000 војници и цивили, а околу 7000 биле протерани во српски логори.Од Вуковар беа протерани околу 22.000 жители. Ова го искористил Фрањо Туѓман во своја корист за пред целата светска јавност да објавува транспарентно дека Србите се агресори на хрватската територија. Милошевиќ и Туѓман го потпишаа договорот за мир, меѓутоа во следните три години се водеа 28 хрватски операции  против српската воена сила. Состојбата не се смири, туку војната се прошири во западна Босна, кога босанските Хрвати војуваа против Босанските Срби. Во мај 1995 година сите Срби беа протерани, а додека босанските и хрватските сили се здружија меѓу себе, завземајќи важни босански градови. Многу Срби заминаа во Република Србија, а во Босна се одржа референдум за независност и 98% од населението гласаа за независност. Србите се спротивставија на оваа одлука и тоа е главната причина за почеток на нова војна во април 1992 година. СФРЈ не е повеќе онаа мала и развиена земја, земја оаза на мирот и слободата.

СФРЈ беше вистински пример на држава дека и покрај тоа што беше мала држава, претставува реткост како држава во која се развива и гради. Во неа функционираа пет фабрики за монтажа на автомобили, таа е една од осумте држави во светот кои прозведуваа авиони, една од десет држави кои произведуваа тенкови, земја која разви политика на бесплатно здравство и бесплатно образование за сите во државата.

СФРЈ беше земја со голем углед и авторитет, особено од поглед дека со пасошот можеше да се патува насекаде низ светот без виза и располагаше со многу дипломатски претставништва низ целиот свет.Земја која го развиваше туризмот низ целата територија и беше примамлива за сите кои доаѓаа и ја посетуваа, од Триглав па до Вардар. Народот беше познат со својата гостопримливост, учтивост, почнувајќи од највисоките државни функционери кога ја посетуваа за службени потреби, а истото се однесуваше и за гостите кои летуваа или зимуваа во најпознатите центри за одмор и рекреација. Се развиваше и поддржуваше музиката, културата и традицијата кои беа прифатливи од сите југословенски народи и народности. Спортските клубови беа во мешан состав и постигнуваа големи резултати во домашниот спорт и во светски рамки.

Според некои податоци, како фактор виновник за распаѓање на СФРЈ претставуваше Германија која предвреме ја призна независноста на Словенија и Хрватска.Други пак го гледаа како освета од страна на Германија која доживеа голем пораз во времето на НОБ.Откако се споија двете Германии, се докажа дека таа е моќна држава прераснувајќи во доминантна светска земја и сила која ќе донесува важни и решавачки одлуки. Влијанието на Германија се рестартира особено кога на 06 април ја признаа Босна и Херцеговина, на истиот датум кога беше бомбардиран Белград на 06 април 1941 година. Други обвинети земји кои се замешаа во распаѓањето на СФРЈ беа  ЕЗ и Ватикан.

[83] https://narod.hr/hrvatska/uzivo-dan-sjecanja-na-zrtvu-vukovara-1991-godine-hrvatska-odaje-pocast-zrtvi-vukovara-i-skabrnje

Првенствено со појавата и ширењето на национализмот, започнаа воените судири и воените жаришта низ одредени територии на СФРЈ и започна процесот на нејзиното распаѓање. [84]

### 1.5. Повлекување на ЈНА

ЈНА претставува вооружена сила формирана уште во времето на Втората светска војна. Потоа ЈНА прерасна во вооружена сила која постоеше во поранешна ФНРЈ, подоцна во СФРЈ. ЈНА е забележана како четврта воена сила по големина во Европа. Командант на ЈНА беше претседателот на СФРЈ, Јосип Броз Тито се до неговата смрт 1980 година.

Кога Македонија стана самостојна и независна држава, како една од главните и приоритетни задачи претставуваше создавање на своја сопствена војска. За овој чекор потребно беше да се донесе нов Устав и законот за одбрана. На тој начин ќе се заокружи формирањето на Армијата на Република Македонија. А за тоа прво требаше под хитно да се повлече ЈНА од територијата на Македонија.

Овој план опфати долг период и траеше до 18 април 1992 година, кога се исели последниот војник на ЈНА. Иселувањето како тежок и сложен процес требаше да го опфати дислоцирањето на фамилиите на воените лица и војниците на ЈНА. Македонија е забележана и запишана во југословенската историја како единствена република во СФРЈ која успеа на мирен начин да ја повлече ЈНА од својата територија. Македонија го прифати разумниот и мирољубивиот начин на добро развиената стратегија да ја решава југословенската криза. Таа покажа пред сите републики и пред целиот свет дека е подготвена само на мирен начин да воведе нов општествено-политички систем кој се разликуваше од оној во СФРЈ. Македонија беше противник на насилството и војните кои започнаа во републиките, со осуда на вооружените судири кои со тек на време се ширеа.

Македонија патот кон изградбата на самостојна и суверена држава го започна чекор по чекор.Најпрвин започна со организирање на парламентарните избори, формирање на државните органи и институции, носење на Декларации и резолуции, спроведување на референдумот за самостојна држава, донесување на Уставот како највисок државен акт на една држава.Преку успешниот референдум изразена е волјата на граѓаните за создавање на своја сопствена држава. Се формира македонското министерство за одбрана со приоритетна задача да се грижи за безбедноста на Македонија.

Со следниот чекор требаше да се подготви операционен план и стратегија за мирно повлекување на ЈНА од Македонија. Прашањата се однесуваа за недвижниот имот на ЈНА, објектите, воено-здраствените установи, опремата на граничните објекти, во сопственост на ЈНА.

А за реализиција на овој план, потребно беше да се обезбедат државните граници на Македонија. Започнаа разговорите со сојузниот секретар за одбрана на Југославија, а за оваа операција се подготвуваа македонските државни органи: Собранието, владата и претседателот на Р.М. Според планот, потребно беше сите објекти како недвижен имот да се предадат во исправна состојба, да се изврши примопредавање со одредена

[84] https://youtu.be/yq21R_o6MeU

документација со вклучување на граничните единици на ЈНА. Оваа акција требаше да ја спроведе утврдена работна група која во одреден временски период требаше да ги регистрира сите објекти и средства, вклучувајќи го оружјето, воената опрема, авионите, тенковите, оклопните возила и другите вооружени средства. Меѓутоа, преку записниците требаше да се има увид за вклученоста на Македонија со целокупниот финансиски капитал и човечки потенцијал која партиципираше во создавањето на армискиот имот.Ова требаше да се земе во предвид од поствоениот период па се до 1992 година.

Покрај недвижниот воен имот, потребно беше да се реши статусот на воените старешини, војниците, пензионираните воени старешини и граѓанските лица кои работеа во ЈНА. Република Македонија уште на самиот почеток ги прифати воените старешини од ЈНА, војниците, пензионерите и граѓанските лица, давајќи им можност да се вработат во македонската војска, сите оние кои сакаа да останат да живеат и да работат во Република Македонија.

За да се заштитат македонските војници кои се наоѓаа во другите републики, побарано е да се вратат во своите домови во рок од 15 дена.

За пензионираните воени старешини им беше обезбедено навремено исплаќање на пензиите кои ќе останат да живеат во Република Македонија. Понудено беше на лицата кои работат на договор да се вработат во македонската војска.А питомците од Македонија да го продолжат своето школување во својата матична земја.

Разговорите кои се водеа со српската делегација беа тензични и нервозни со поставување на свои услови како да се разреши состојбата. Според склучениот договор, потребно беше до 15 април 1992 година, комплетно да се исели ЈНА од Република Македонија.Со записник да се направи примопредаја на недвижниот имот на ЈНА. Договорот беше објавен во сите јавни и информативни гласила. На Македонија и беа отстапени сите здравствени установи, па и најголемата установа „Воената болница‘‘, аптеките, целата опрема и апаратите за цивилна воздушна пловидба на аеродромот Петровец во Скопје.

Откако се заврши распределбата на имотот и средствата, започна втората фаза. Тоа значеше поставување на државните граници во Република Македонија, во траење од десет дена од 10 до 20 март 1992 година. На почетокот предавањето започна од западна граница, но во последен момент се промени страната на примопредавањето и започна од страната на Бугарија, односно од Крива Паланка. Се случија непредвидени работи, почнувајќи од лошата состојба на објектите со прекршување на претходно склучениот договор. ЈНА требаше да го остави недвижниот имот во исправна состојба, да ги подготват записниците за примопредаја на градежните објекти: касарни, згради на командите и штабовите, караулите, аеродромите, Воената болница и гарнизонските амбуланти и стационари, апотеките, магацините, воените хотели, одморалиштата, домовите на ЈНА, складиштата, објектите на военото стопанство и другите објекти. Потоа следува предавање на документацијата за станбениот фонд на ЈНА, со примо предаја на оружјето и воената опрема која беше користена од страна на ЈНА во Македонија, авиони, тенкови, оклопни и борбени возила и друго. А за сето ова

најпотребна беше пресметката со делбениот биланс за да се има увид колку Македонија учествувала во создавањето на армискиот имот од самиот почеток на ЈНА.

Додека во другите краеви се водеше војна и во тензична состојба, во Скопје се одржа средба на 21.11.1992 година во присуство на в.д. сојузниот секретар за народна одбрана и началник на ГШ на ЈНА со голем број преговарачи. Во еден ден на преговори, потпишан е договорот на кој учествуваше претседателот на македонската држава, Киро Глигоров.

Пред се беше потенцирано дека намерите на Македонија се однесуваат на мирен начин да се реши иселувањето на ЈНА. Најважно за Македонија беше донесувањето на важната одлука на состанокот на Претседателството на СФРЈ да не се испраќаат воени регрути во Македонија, ниту да се дава финансиска поддршка и да се иселуваат воените единици и воената опрема од Македонија. Војниците од Македонија да се вратат назад во својата роден крај во рок од 15 дена, а оние воени старешини кои ќе се одлучат да останат во Македонија да им се прекине договорот за работа во ЈНА. По завршување на долгите и тензични преговори склучен е следниот договор:

1.ЈНА да се дислоцира од територијата на Македонија најдоцна до 15 април 1992 година;

2.Целокупниот инвентар и недвижен имот кој ќе остане во Македонија, со записници да се забележи и да се предадат во корист на Македонија;

3.Им се гарантира правото на работа на сите старешини кои ќе останат во ЈНА, во рок од 2 месеци да се повлечат;

4.Оружјето и воената опрема на територијалната одбрана да се стави на располагање на Министерството за народна одбрана на Република Македонија;

5.Кога ќе се врши примопредавање на границите потребно е за сите гранични објекти да се предадат потребните материјали, освен оружјето и муницијата;

6.Да се предаде системот за врски и за набљудување на границата и граничните кучиња и коњи.

Договорот беше објавен во јавните средства за информирање за да се информира македонската јавност. Договорот беше реализиран, а за целиот процес беа формирани вкупно 52 работни комисии за прием на секој објект. Во одреден временски период оружјето, воената опрема и материјално-техничките средства беа однесени од Македонија на мирен и достоинствен начин, без никакви инциденти и проблеми. Некои здравствени објекти, беа уништени и оштетени од страна на југословенската војска. Многу здравствени објекти и аптеки беа испразнети. Ова значеше неисполнување на договорот кој беше претходно склучен.

Во следната етапа следуваше превземање на границите и комисиите утврдија дека уредите беа одземени од југословенската војска.

На државната граница кон Грција, Албанија и Бугарија примопредавањето заврши на 21 март 1992 година, со надлежност на единиците на Министерството за одбрана на Р.М.

Според договорот беа предадени сите гранични објекти, дел од воениот имот на караулите и гарнизоните на граничните единици. На овој начин заврши процесот на иселување на ЈНА и започна етапата на создавање на македонската војска.

Република Македонија на овој начин пред целиот свет се претстави како држава која се согласи на мирно и цивилизациско разрешување и одвојување од некогашната југословенска федерација.

### 1.6. Македонија чекори кон патот на мирно разрешување на југословенскиот конфликт

Како едно од најважните прашања кое требаше да го реши Македонија претставуваше повлекувањето на оние македонски војници и старешини кои беа распоредени низ цела Југославија. И покрај обидите и преговорите да се спаси Југославија од распаѓање, се случија воени конфликти надвор од Македонија кога настрадаа македонски војници.

Како прв забележан случај на страдање на македонските војници се случи во Сплит кога на 06 мај 1992 година загина првиот македонски војник Сашо Гешовски од Кавадарци.[85]

Веднаш по овој немил настан, Собранието на 09 мај 1992 година одржа вонредна седница со донесување на важни заклучоци. Тие се однесуваа за заштита на македонските војници, преку спроведување на голема и строга контрола, намалување на бројот на регрутите и воениот рок да се служи само во Македонија. Како втор немил случај претставуваше заробувањето на 100 македонски војници во Словенија. Револтираните родители, мајки, сестри на војниците излегоа на протести пред македонското Собрание. Пред нив се појави Киро Глигоров со ветување дека повеќе нема да се испраќаат војници во ЈНА. Во преговорите помеѓу македонската и словенечката страна, по два дена, се вратија војниците дома во своите домови.

Во овие тешки моменти, од една страна се повлекуваше ЈНА од Македонија со своите единици, воена опрема и оружје, а од друга страна пак се испраќаа регрути војници од Македонија во Хрватска и Босна каде се војуваше.

Во тие воени судири настрадаа македонски војници и се ширеа лоши вести за нивното страдање на воените жаришта. Ова беа тешки моменти за македонскиот народ, кога најбрзо изреагира претседателот Киро Глигоров. Тој преку писмо побара од сојузниот секретар за народна одбрана, генералот Кадиевиќ да се вратат македонските војници за да не учествуваат во вооружените судири. Реагираше и владата, меѓу кои и премиерот Никола Кљусев, министрите и министерот за внатрешни работи Јордан Мијалков. Преку спроведената акција, вечерта помеѓу 21 и 22 август 1991 година, со одземање на воената евидентна книга од подрачните канцеларии се заштитија информациите за нашите војници од сојузниот секретаријат. Сојузниот секретаријат и третата армиска област веднаш изреагираа на овој потег на владата и од тие причини тогашниот министер за одбрана Ристо Дамјановски беше разрешен.Тогаш околу 700-800 воени резервисти од Кумановско-Кривопаланечкиот крај требаше да заминат на хрватските

[85] https://republika.mk/vesti/balkan/incident-vo-split-na-pomenot-na-prviot-makedonec-zaginat-vo-vojnata-vo-jugoslavija/

боишта. Со добиената поддршка и заштита од страна на премиерот Никола Кљусев и министерот Мијалков, тие останаа во своите градови.

На овој начин се заштитија македонските резервисти од вклучување во туѓа војна и спречување на ширење на било какви инциденти.Во овие тешки моменти, претседателот Киро Глигоров за да го спаси својот народ во вовлекувањето во туѓи војни и воени интереси, во јануари 1992 година испрати писмо до сојузниот секретар за народна одбрана генерал Благое Аџиќ да преговараат. Киро Глигоров доби негативен одговор, со изговор дека ова треба да го решава претседателството на Југославија. Дури по вториот обид на преговори, договорен е датумот 21 февруари 1992 година како датум за преговори помеѓу македонската страна и ЈНА.

Пред одржување на средбата, мошне мудар потег направи Собранието кога на 14 февруари 1992 година го донесе законот за народна одбрана по скратена постапка. [86]

Средбата помеѓу Киро Глигоров и генералот Аџиќ на 21 февруари 1992 година претставува мошне значајна средба. На средбата беше постигнат договор за дислокација на ЈНА од Македонија со утврдување на краен датум до 15 април 1992 година. Ова всушност се случи многу порано кога примопредавањето на граничните објекти заврши на 20 март 1992 година. Без никакви инциденти, на мирен начин се повлече ЈНА со военото оружје и опрема. Собранието потпиша завршен акт за повлекување на ЈНА на 27 март 1992 година. Со ова заврши процесот на мирното повлекување на ЈНА преку примопредавањето на воените објекти на Македонија и се стави крај на служењето на воениот рок на македонските војници во ЈНА.[87]

### 1.7. Односите на Македонија и СФРЈ (1990)

**Политички односи**

И покрај познатите внатрешни и надворешни причини за кризата кои се повеќе се продлабочуваа во Југославија се поставуваше едно главно прашање на сите страни како да се излезе од кризата и тоа на почетокот на 1990 година?

Од страна на Словенија беше предложен конфедеративниот концепт за идното уредување, прифатлив и од страна на Хрватска. За ова сериозно прашање се дискутираше на 14-от вонреден конгрес на СКЈ кој се одржа на 20-22 јануари 1990 година во Белград во салата Сава центар во присуство на делегати од сите републики и покраини и партиска делегација на ЈНА.

Претседател на Претседателството на ЦК СКЈ беше Милан Панчевски од Македонија. На конгресот се појави судир помеѓу словенечката и српската делегација.Словенија предложи неколку новитети,со воведување на повеќепартискиот систем, трансформација на СКЈ, автономија на граѓанското општество и почитување на човековите права. Додека пак српската делегација поднесе предлог да се изврши централизација на Југославија.[88]

---

[86] *Службен весник на Република Македонија* бр. 8/1992

[87] https://www.youtube.com/watch?v=5HizCY4HbQQ&feature=youtu.be

[88]Андов,Стојан. *Јосип Броз Тито и распаѓањето на Југославија*, Матица македонска, Скопје: 2013, стр.370

По дводневната дискусија, словенечката делегација револтирана од конфликтот со српската делегација ја напушти седницата.На конгресот доминантен беше Слободан Милошевиќ како шеф на СКСрбија кој побара да продолжи конференцијата и покрај заминувањето на словенечката делегација. На овој предлог најпрвин се спротивставија Хрватите напуштајќи го конгресот, а потоа и македонската и делегацијата на Босна и Херцеговина.

Се појавија два спротивставени табори, од едната страна Србија, а од другата страна четирите републики кои беа револтирани од односот на Србија.Конгресот беше последниот конгрес на СКЈ после 45 години постоење. Во овој хаотичен период една политичка партија се распадна, а од друга страна пак од нејзините редови се формираа нови политички партии ширум сите републики.Конгресот заврши без никаков договор, освен што се појавија две спротивставени страни. Едната страна ја застапуваа Словенија и Хрватска кои го напуштија конгресот, а од другата страна Србија и Црна Гора кои беа против предлозите на словенечката делегација. Хрватска и Словенија во јули 1990 година ја прогласија својата сувереност со заеднички предлог да се трансформира федерацијата во конфедерација на суверени држави. Активностите на претседателството на СФРЈ продолжија и во првата половина на 1991 година, одржувајќи редовни состаноци со една цел да се бара решение за излез од кризата. Во овие тешки моменти се бараше одговорот на прашањето кој е најодговорен за исходот на овие настани.Одговорот беше сосема јасен дека најголема одговорност и грешки имаат претседателите на републиките кои не успееја да седнат на преговарачка маса и да го решат меѓусебниот проблем помеѓу републиките. А бидејќи беа повеќе претседатели и за да не се префрла вината од еден на друг, тие решија да ги превземат последните чекори за спас на СФРЈ од распаѓање. Оттука започнаа шестте меѓусебни средби, познати како ју-самити кои стартуваа од 28 март 1991 година и траеја се до 22 јули 1991 година. Можеби започнаа на време, меѓутоа не се донесоа никакви резултати од самиот почеток на првата средба.

Првата средба се одржа во Сплит на 28 март 1991 година и Фрањо Туѓман како домаќин се испромовира како владетел на Хрватска. На отворената дискусија се дискутираше за проблемите, но немаше никакви решенија или предлози за меѓусебен републички договор.

На втората средба во Белград на 04 април 1991 година, донесена е одлука за организирање на референдум, за да се изрази волјата на сите републики како да се уреди идната држава. Ова не беше прифатливо од страна на Словенија, бидејќи таа веќе спроведе референдум во декември 1990 година. Не беше ништо решено, јазот меѓу државите се повеќе се продлабочуваше. Државите влегуваа во се поголеми кавги, а Словенија и Хрватска се движеа кон патот на независноста.

На третата средба на Брдо кај Крањ, во Словенија, на 11 април 1991 година, Словенија и Хрватска доставија барање за изработка на концепт за заедница на шест суверени и независни држави кои ќе се создадат со распадот на СФРЈ. Овој предлог не беше прифатлив од Србија и Црна Гора кои бараа да се изнајде модел за спас на Југославија и да биде правен наследник на СФРЈ. Босна и Херцеговина даде предлог да се

организира референдум за модалитетот на идната југословенска заедница. Македонија се издвојуваше од другите републики со предлогот да се формира иден сојуз на самостојни и суверени држави и веднаш потоа да се зачленат во ЕЗ. На состанокот не беа донесени никакви одлуки, ниту пак заклучоци.

На четвртата средба која се одржа на 18 април 1991 година во Охрид, домаќин беше Киро Глигоров. Домаќините подготвија неколку точки за дискусија со цел да се донесат одлуки за моделот и идните функции на сојузот на суверени држави. Требаше да се донесат предлози за идната соработка и врските меѓу суверените држави врз принципите на ЕЗ и зачленување во ЕЗ.

На оваа средба се дискутираше за организирање на референдум за иднината на југословенската држава. Не беа донесени никакви одлуки ниту паак заклучоци и се влошија односите помеѓу Србија и Хрватска. Ова беше големо разочарување за јавноста и медиумите кои очајно очекуваа да се донесат важни одлуки за опстанок на СФРЈ, туку тие беа забележани како авантури и прошетки на присутните членови.

Наредната средба се одржа на територијата на Црна Гора во Цетиње. На почетокот беа изнесени заклучоците дека не е направено ништо на петата средба на републиките. За да се задржи мирот во Југославија, претседателите Изитбеговиќ и Глигоров поднесоа Заедничка платформа за идната југословенска заедница, со обидот на Глигоров да се смири состојбата во државата. И на оваа средба не се случија никакви позитивни промени и одлуки, односите помеѓу Србија и Хрватска уште повеќе се влошуваа.

Шестата и последна средба се одржа на 06 јули 1991 година во Сараево, Босна и Херцеговина. Беше донесена одлуката за подготовка на документот кој ќе претставува платформа на Глигоров и Изитбеговиќ.За платформата беа дадени пет години за имплементацијa.На оваа средба Милошевиќ и Туѓман дадоа изјави дека ја прифаќаат платформата, но подоцна ги повлекоа изјавите. Словенија и Хрватска не ја прифатија платформата. Ова значеше крај на постоењето на СФРЈ и последната шанса да се спаси СФРЈ од распаѓање.

Во донесувањето на важни одлуки за опстанок на СФРЈ се замеша и меѓународниот фактор, кога ЕЗ донесе одлука да се свика меѓународна или уште позната како мировна конференција за Југославија во Хаг на 7 септември 1991 година. Оваа конференција траеше со месеци и со прекини. Претседавач на конференцијата беше Питер Карингтон кој го доставил предлогот сите југословенски републики да добијат независност, со можност да не се менуваат границите. На ова прашање се спротивставил Слободан Милошевиќ, бидејќи голем број Срби живееле во Хрватска и Босна и Херцеговина. На тој начин Србите ќе живеат во други држави и покрај тоа што припаѓаат на српската заедница. Од друга страна пак, Слободан Милошевиќ не се спротивставуваше на прашањето независност да добијат Македонија и Словенија.[89]

[89]https://sr.m.wikipedia.org/wiki/%D0%A1%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%B7%D0%BD%D0%B0_%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0_%D0%88%D1%83%D0%B3%D0%BE%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D1%98%D0%B0

Ова е почеток на распаѓање на Југославија, со што се  покажа неуспехот на надворешното мешање, односно на Хашката конференција. Со ова се докажа дека не е потребно надворешно мешање и притисок во односите на една земја.

Најпрвин Словенија организираше референдум во декември 1990 година, за да се заштити од секакви воени конфликти и немири. На 25 јуни 1991 година  Словенија и Хрватска во ист ден ја донесоа Декларацијата за независност. Македонија истото го направи кога на 08 септември 1991 година, на референдумот  македонскиот народ се изјасни за суверена и самостојна држава. Босна и Херцеговина на 14 октомври 1991 година ја донесе Резолуцијата за сувереност и покрај противењето на Србите.

Арбитражната комисија на 16 декември 1991 година усвои два документа, Декларација за Југославија и Препорака за признавање на новите држави од Источна Европа и Советскиот Сојуз. Југословенските републики имаа сосема поинаков третман за разлика од другите држави, со поставување на ултиматум да си побараат признавање на независност најдоцна до 23 декември 1991 година. Комисијата предводена од Роберт Бадентер донесе одлука дека само Македонија и Словенија ги исполнуваат условите за признавање.Јасно беше дека само овие две републики на мирен и достоинствен начин се  одделија од СФРЈ, без никаков инцидент или воен конфликт, за разлика од другите републики кои се вклучија во воените конфликти.

Преку ноќ се смени одлуката на министерскиот состанок на ЕЗ во Лисабон кога беа признаени само Хрватска и Словенија. Македонија ја изгуби првата битка во меѓународната политика, а се потврди распаѓањето на Југославија од страна на меѓународниот фактор. Хрватска беше меѓународно признаена, а таа беше вовлечена во војна со човечки жртви и огромна материјална штета.

Хашката мировна конференција заврши неуспешно, летото 1992 година, единствено што донесе конечна одлука и потврда за непостоење на СФРЈ, а се разгори војната во екс југословенските територии.

Политичката криза во СФРЈ, ќе го предизвика почетокот на партискиот плурализам, конституирање на Словенија, Хрватска и Македонија како самостојни и суверени држави.

Во Босна и Херцеговина започна граѓанската војна во 1992 година која ќе заврши со Дејтонскиот договор на 12 ноември 1995 година. Оваа војна  имаше национален и верски карактер, со војување на трите страни: Хрватите, Србите и муслиманите. Најмногу настрада невиното население од сите националности, бидејќи на територијата на Југославија населението беше измешано. Покрај тоа, беа склучувани и мешани бракови, православен со муслиман и не претставуваше никаков проблем во тоа општество.

Србија и Црна Гора формираа Сојуз на Република Југославија.

Ова го одбележа  крајот на СФРЈ со што од една држава се создадоа неколку мали држави што перманентно се променија и границите помеѓу нив.

**Економските  врски и состојбата во Македонија и СФРЈ (1990)**

Познавајќи ја тешката економска криза во СФРЈ, беа направени последните обиди да се спаси државата. Посебно место и улога зазема премиерот Анте Марковиќ амбициозен и подготвен преку воведување на реформи кој ќе се обиде да ја спаси економијата. Оваа идеја беше прифатлива од сите, освен од српските и хрватските политички кругови. ЕЗ во март 1990 година за да го забрза процесот за прием на СФРЈ во ЕЗ и беше понудено 3-4 милијарди долари.

Овој предлог беше одбиен од страна на Слободан Милошевиќ и Фрањо Туѓман за да ги заштитат своите национални интереси и понудата ја одбија.[90]

Во овие тешки моменти единствено Анте Марковиќ беше голем оптимист дека сеуште постојат шанси да се спаси Југославија од распаѓање. Од тие причини тој формираше политичка партија, наречена Сојуз на реформските сили на Југославија.

Меѓутоа, Анте Марковиќ не добил никаква поддршка од страна на другите републики и кризата зема се поголем замав.

Се затвараа фабрики, претпријатија, или пак некои од нив преминуваа во приватна сопственост. Економската криза опфати зголемување на бројот на невработени, инфлација, сиромаштија, незадоволството растеше меѓу развиените и неразвиените републики.

Како една од слабостите на СФРЈ претставуваше нефункционирањето на федералните органи и во тие моменти Косово и Војводина побараа автономија на штета на Србија.

На Косово започнаа студентските немири со главно барање да добие статус на република, големо влијание изврши српскиот национализам и влијанието на Слободан Милошевиќ кој ги штител Србите на Косово.

## 2. Процес на осамостојување на Македонија

### 2.1. Создавање на политички партии

Со завршување на 14-от вонреден конгрес на СКЈ не беше постигнат никаков договор за спас на државата.[91]

На тој начин започна процесот на распаѓање на единствената политичка партија СКЈ во СФРЈ. Политичкиот живот во Македонија продолжи и по конгресот, кога на 20 септември 1990 година Собранието на СР Македонија ги усвои 25 амандмани ( LVII до LXXXI) на Уставот на СРМ. [92]

---

[90] Андов, Стојан. *Јосип броз Тито и распаѓањето на Југославија*, Матица, Скопје: 2013, стр.387

[91]https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%A7%D0%B5%D1%82%D1%80%D0%BD%D0%B0%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8_%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B3%D1%80%D0%B5%D1%81_%D0%A1%D0%9A%D0%88

[92] *Службен весник на Република Македонија* бр. 28/1990

Со усвојување на 25 амандмани, Македонија стана повеќепартиска држава. Се воведе политичкиот плурализам, наместо извршниот совет се воведе влада, колективното претседателство се замени со нова функција со претседател на државата. Започна едно ново време на формирање на политички партии од страна на различни етнички групи. Граѓаните претставуваа непосредни носители на власта и управувањето, преку функцијата пратеник во Собранието,кои се избираат на избори, во 120 изборни единици, со мандат од 4 години. Со закон се утврди функцијата пратеник.

Функцијата пратеник може да престане по неколку услови: да поднесе оставка, ако биде осуден на казна затвор од шест месеци или повеќе, во случај на смрт, ако ја изгуби деловната способност или ако врши уште една дополнителна функција покрај пратеничката. Собранието на СРМ ја одржа последната седница со претседателот Вулнет Старова и со стариот делегатски систем.

Вулнет Старова по професија професор, доктор по медицина роден на 6 мај 1934 година во Подградец. Уште во детството со своите родители се преселуваат во Скопје и на тој начин му се отвара патот да се школува и да заврши медицина. Покрај тоа, тој се истакнал и бил мошне активен во општествено-политичките организации и во органите на власта. Бил избран за делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, делегат во Организационо-политичкиот собор во Собранието на СРМакедонија. Бил член на ЦК на СКЈ, на Статутарната комисија на СКМ, на Републичката конференција на ССРНМ, претседател на Секцијата за здравство, член на југословенската комисија за УНИЦЕФ. И во уште многу други совети и одбори бил член, а во периодот од 1978 до 1986 година бил делегат во Сојузниот одбор на Собранието на СФРЈ. Ја извршуваше функцијата како последен претседател на Собранието СРМ од 28 април 1986 година до 8 јануари 1991 година, кога се формираше првото повеќепартиско Собрание на СРМ.

Вулнет Старова продолжи да работи како професор на Медицинскиот факултет и на Детската клиника во Скопје. Почина на 05 август 1995 година.



*Вулнет Старова (1934-1995)*

На 24 септември 1990 година Вулнет Старова како последен претседател на Собранието на СРМ, распиша избори за пратеници на Собранието на СРМ[93].

Според решението, изборите треба да се одржат на 11 ноември 1990 година, со обврски и задачи на Републичката изборна комисија (член 329 од Уставот на СРМ и Амандманот 74 на Уставот на СРМ од 24 септември 1990 година).

Врз процесот на создавање на политичките партии најголемо влијание извршија донесените три правни акти:

- Законот за изменување и дополнување на законот за општествените организации и здруженијата на граѓаните од 13 април 1990 година[94].

Законот е усвоен од страна на Собранието, а указот е потпишан за стапување во сила и објавен во Службен весник. Со овој закон беа определени регистрацијата на партијата и престанок на работата на партијата, како и од кои причини може да се забрани работата на една политичка партија, од кои средства и од каде може да се користат средствата за функционирање на партијата,

- Амандманите на Уставот на СРМ од 1974 година и од 21 септември 1990 година и

- Усвојување на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници.[95]

Новоформираните политички партии нудеа разни опции: Македонија да се изгради како самостојна и независна држава, да излезе од СФРЈ, да остане во рамките на СФРЈ. Според идејата на Партијата за Југословените Македонија да влезе во конфедерација со другите републики. [96]

Во периодот на постоењето на СФРЈ, политичката власт била во рацете на СКЈ, како единствена политичка партија во СФРЈ.Додека пак во Македонија постоела и функционирала СКМ. Покрај оваа партија, постоеле и други организации, како што се Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Синдикатот, младинските организации и други.

Формираните политички здруженија, организации и движења во Европа, извршија огромно влијание врз Македонија да се започне со формирање на разни движења, партии и организации.

Уште во 1989 година раководството на СКМ се подели на две струи. Едната струја е од конзервативен тип на чело со Михаил Данев, а другата е либерална, на чело со Петар Гошев кој бил избран за претседател на СКМ и тој е последниот претседател на партијата пред нејзиното распаѓање.

---

[93] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија,* бр.29/1990
[94] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија* бр.12 /1990
[95] *Службен весник на Социјалистичка Република Макеоднија* бр.28 /1990
[96] Климовски, Саво. Каракамишева, Тања. Спасеновски, Александар. *Политички партии и интересовни групи,* Конрад Аденауер, Скопје: 2016, стр. 89

СКМ одржа конгрес за да формира Комисија составена од 30 члена експерти. Комисијата имаше задача да подготват документи од стратегии, платформи за воведување на политичкиот плурализам и пазарната економија во Македонија. Во комисијата членови беа: Киро Глигоров, Никола Кљусев, Гордана Силјановска, Димитар Димитров, Денко Малески, Љубомир Фрчкоски, Лазар Китаноски, Димитар Мирчев, Јане Миљоски и други кои беа активни во научните институции, а потоа станаа важни политички и државни функционери во македонската политичка сцена.

На овој начин започна да се отвараат вратите на првите политички партии во Македонија, почнувајќи од 04 февруари 1990 година кога во Скопје се одржа првото собрание на Движењето за семакедонска акција – МААК.

Во периодот кога се формираа политички партии во Македонија и во другите земји во Европа се покажа масовност на формирање на нови и големи политички партии, како на пример во Унгарија се формираа 120 партии, во Словенија – 124, во Хрватска – 40 партии, во Бугарија – 61 партија, во Полска дури 300 партии.

Во Македонија во 1990 година беа формирани 23 политички партии :

1. Движење за семакедонска акција - МААК - 04.02.1990
2. Лига за демократија - 11.02.1990
3. Партија за македонско работничко обединување - 04.03.1990 во Прилеп
4. Социјалдемократска партија за Македонија - 18.03.1990
5. Народна партија на Македонија - 12.04.1990
6. Партија за демократски просперитет - 15.04.1990 во Тетово
7. Демократски сојуз - партија за земјоделците - 15.04.1990
8. Народна демократска партија - 23.04.1990
9. Демохристијанска партија на Македонија - 09.06.1990
10. ВМРО-ДПМНЕ - 17.06.1990
11. Работничка партија - 24.06.1990
12. СКМ-партија за демократска преобразба - 03.07.1990
13. Млада демократско-прогресивна странка - 12.07.1990
14. Социјалистичка партија на Македонија - 13.07.1990
15. Партија за човекови права - 20.07.1990
16. Странка на Југословените на Македонија - 26.05.1990
17. Партија за целосна еманципација на Ромите - 12.08.1990
18. Политичка партија на невработените - 12.09.1990
19. Работничко-земјоделска партија - 15.09.1990
20. Демократски сојуз на Турците - 22.09.1990
21. Сојуз на реформските сили на Македонија - 05.09.1990
22. Демократски сојуз на просветните работници - 15.11.1990
23. Балканска федерација - Балкан без граници - 15.12.1990

Во тезата обработени се детално податоците и информациите за секоја политичка партија, објаснувајќи ја поединечно нивната политичка програма.

**1.Движењето за семакедонска акција – МААК** претставува прва политичка партија формирана во Македонија на 04 февруари 1990 година на Основачкото собрание на МААК, а официјално регистрирана на 12 јуни 1990 година. Партијата е основана од страна на група на македонски писатели и интелектуалци Гане Тодоровски, Анте

Поповски и други. Во оваа партија се вклучил и Љупчо Георгиевски кој подоцна преминал во редовите на ВМРО-ДПМНЕ. За претседател бил избран Гане Тодоровски. МААК беше позната на јавноста  како партија на македонските интелектуалци кои се борат за заштита на човековите права, против дискриминацијата и за духовно обединување на Македонците без разлика каде се наоѓаат. Таа е политичка партија на сите граѓани кои живеат во Македонија без разлика на социјална, верска и национална припадност.

Според нивната програма Македонија треба да претставува слободна, самостојна, суверена држава и да ги заштити правата  на Македонците кои живеат во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија и оние во Албанија и Косово. Како држава Македонија треба да се изгради како парламентарна република, да се донесе нов Устав и да се подели власта.

Во делот на економијата потребно е да се развиваат сите облици на сопственост, да се воведе пазарното стопанство, слободен пазар на стоката, пазар на трудот, на капиталот и правна заштита на приватната сопственост.

Во надворешната политика како партија ќе се залагаат за развиток на добрососедски односи. Првенствена задача ќе претставува заштита на историското наследство на македонската територија од времето на цар Самуил до АСНОМ и ќе ги застапуваат националните идеали и интереси.Во тој контекст главна задача на МААК ќе претставува отварање на прашањето на поделбата на Македонија од Букурешкиот договор, со трајно решавање од страна на ООН и другите меѓународни организации.[97]

Според МААК,Букурешкиот договор е нелигитимен, бидејќи не е потпишан и неприфатен од страна на Македонија, туку само од една страна, од неговите окупатори. МААК ќе се залага за интернационализација на македонското прашање. За уште поголемо значење и историска вредност на Илинденскиот празник на 02 август 1990 година МААК го објавија Манифестот за слободна, независна, самостојна и независна Македонија. МААК ги штитеше интересите на сите граѓани и национални малцинства кои живеат во Македонија. Според нивната политичка програма, тие се залагаат за постоење на македонска народна војска, слободна царинска зона и македонска милиција.

Според нив сите Македонци треба да се обединат и да го решат македонското прашање. Во новата македонска држава се воведува политичкиот плурализам, со постоење на независна законодавна, извршна и судска власт. На прашањето за македонската православна црква треба да се вратат сите одземени имоти и да се почитува исламската вера подеднакво.

Според нив македонското новинарство е занемарено поради постоење и ширење на весници и списанија на српски јазик, отколку на македонскиот јазик.

---

[97] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици)*, Скопје: 1990, стр. 80

Селата во Македонија се запоставени во нивниот развој и напредок. Населението нема никакви услови за живот и егзистенција и од тие причини ги напуштаат селските средини и заминуваат во градовите да работат и да живеат нормално. Еден дел од младите  Македонци заминуваат во други држави да работат за егзистенција за себе и за своето семејство. Како политичка партија ја прокламираат идејата за формирање на министерство за регионален развиток и обнова на Македонија за да може да се развива и да се обнови државата.

Од тој аспект потребно е итна правна, стопанска и политичка обнова на западна и југозападна Македонија. Особено во овие области затоа што се многу опустошени и дотогашната власт не се грижела за нивниот развој. Тоа е уште една поголема причина да се донесе нов Устав за сите граѓани на Македонија, да се шири демократијата и да се заштитат човековите права и слободи. Преку воспоставување на стопанската реформа ќе се овозможи економски развиток на државата за да се намали невработеноста. Во тој период регистрирани се околу 160.000 невработени и над 150.000 технолошки вишок.Според податоците, во индустријата се вложувало со промашени инвестиции. Нивна замисла е да се развива земјоделството, сточарството, пчеларството, градинарството, овоштарството, лозарството и тутунопроизводството. За развој на државата потребно е да се намалат даноците на подолг временски период и да се овозможи влез на странски и домашен капитал во државата.За напредок на државата потребно е да се користи современата технологија и современите средства.

Државата треба да биде носител во откупување на земјоделските производи, со воведување на модерен систем за наводнување и развој на малите и големите компании.Сточарството потребно е да се модернизира. А за сето ова потребно е да се развива железничкиот, патниот и воздушниот сообраќај.Да се развива туризмот и претприемништвото и да се заштитат домашните производи. За развиено земјоделие и стопанство најпрвин потребно е да се ревитализира македонското село и да се воведат бескаматни кредити.Да се урбанизираат селата, преку воведување на електрична енергија, патна мрежа, водовод и канализација, изградба на здравствени домови и училишта. За зголемување на наталитетот, да се помогне на семејството, да се понуди поквалитетен живот за да може да се раѓаат и чуваат децата. На сите оние млади кои се под стечај или технолошки вишок да им се понуди  работа и солидна заработувачка. На младите кои се школуваат да им се помогне со вработување, за да може да оформуваат семејства и деца со обезбедување на економска сигурност и стабилност.[98]

## 2. Лига за демократија

Лига за демократија претставува нова политичка партија на македонската политичка сцена која на 11 февруари 1990 година одржа Основачко собрание, а се регистрира на 08 јуни 1990 година. Таа е првата регистрирана политичка партија во плуралистичка Македонија.Во својата политичка програма воведува многу промени меѓу кои промена на името на државата во Република Македонија со воведување на претставничката

[98] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990 стр.101

демократија и политичкиот плурализам.Како партија ќе се залага за признавање на сите права на малцинските заедници според меѓународните важечки конвенции.

Во економијата се залага да се вратат одземените имоти на граѓаните на Македонија. [99]

Уште пред почетокот на изборната кампања, Лигата за демократија ја подготви изборната политичка програма на 03 септември 1990 година. Според програмата, како партија ќе се залага за создавање на пристојно место за живеење на сите граѓани и да ги имаат сите права и слободи. А за ова потребно е да се создаде посовршен и поквалитетен систем на државното уредување. Според нив, тие беа против комунистичкото владеење кое траеше 45 години, со став дека комунистите воделе неисправна политика.Тие ќе се залагаат и ќе помагаат на сите оние на кои им е одземена земјата, да им се врати физички, во пари или акции.Според нив и на црквите треба да им се врати одземениот имот или со паричен надоместок. За да се развива стопанството, нивната политика насочена е кон продажба на општествената сопственост на граѓаните или на фирмите. Со насобраните средства да се создаде хипотекарна банка за развој и на тој начин ќе се помогне  стопанството. Покрај тоа  ќе биде опфатена приватноста на производството на храна, системите за наводнување, туризмот и развитокот на енергетиката. За развој на здравството, потребно е да се воведе приватизација на медицинскиот сектор, да се отвараат приватни клиники, приватни аптеки, стоматолошки ординации, санаториуми. Во приватниот сектор да се вклучат приватни домови за чување стари и изнемоштени лица. Во стопанството да се воведе приватната сопственост според европското искуство.Како дел од државните фирми да се развиваат ПТТ, железницата, енергетиката и други. Ќе се оневозможи распродажбата на државниот имот и средствата.И на тој начин богатите и функционерите нема да можат да ги откупуваат имотите со малку пари.Да се искористат  примерите од европските земји за воведување на нова даночна политика за развој на  македонската држава во секој поглед. Профитот на стопанските субјекти да се оданочува со признавање на трошоците во работењето.Затоа потребно е да се мотивираат граѓаните да ја зголемат потрошувачката за да се развива  уште повеќе производството и да се зголеми вработувањето.Земјата треба да се пошумува подинамично и почесто, да се изградат хидро-мелиоративни системи,автопатот до Гевгелија и нови објекти за нормално водоснабдување на градовите. За безбедноста на државата потребно е да се формира платена мала и професионална војска. Да се промени името на државата и да се нарекува Република Македонија. Да се замени знамето во тробојка црвено-црно- бела (црвеното – ја обележува крвта која е пролеана за слободата, црната- мачното минато, белата – надежта за посветла иднина). Измена да се направи на дотогашниот државен грб во традиционалниот грб златен лав со круна на главата врз црвен штит.Како партија сметаат дека треба да се заменат имињата на улиците, населените места, фирмите, институциите кои ги носеа имињата на познати комунистички дејци. Покрај Илинденскиот празник, да се воведат нови државни празници и да се празнуваат во текот на годината.

Тие ја прокламираат идејата за автономија на универзитетот со финансирање од буџетот и да го добие името по словенските просветители„Св.Кирил и Методиј‘‘.

[99] Ibid, стр.115

Покрај тоа да се обединат со богословскиот факултет и да се укине факултетот за безбедност и општествена самозаштита.

Реформи да се направат во кривичното законодавство, да се воведат казни за шумската кражба, построги казни за убиство на децата по раѓањето и казни за порнографските списанија. Нивна главна преокупација ќе претставува решавање на проблемот миграција село-град почнувајќи од развој на селата за да се спречи иселувањето од својата држава. На граѓаните ќе им се понуди здрава и чиста околина, ќе се контролираат загадувачите на животната средина и за нив да се воведат дополнителни даноци.Ќе се превземат и други мерки, почнувајќи од безоловниот бензин и унапредување на еколошките превозни средства. Да се заштедат суровините и природните богатства. За здрава животна средина ќе се забрани увозот на отпадоци во Македонија.Како партија ќе се залага за целосна неутралност на Македонија и поддршка од обединета Европа со гаранција на границите.Ќе се почитуваат меѓународните важечки конвенции за да се признаат и почитуваат сите права на малцинствата кои живеат во Македонија.

### 3.Странка на Југословените во Македонија

Ова е една од политичките партии кои се формираа во Македонија и која сеуште го поддржува постоењето на СФРЈ.Нејзиниот став е да се сочува СФРЈ и да се вклучи во европските интеграциони процеси. Нивната програма опфаќа почитување на секој граѓанин, заштита на културното и традиционалното наследство. Да се почитува секој јазик, култура, писмо, традиции, уметност, без да се загрозува слободата и правата на сите граѓани. Со Уставот и со другите закони да се заштитат правата на граѓаните, правото на трудот и работата, заштита на трудот, слободата на движење, правото на образование, школување и правото на здравствената заштита.[100]

Сите граѓани кои живеат во Македонија ќе бидат рамноправни без разлика на пол, раса, вера, национална припадност, имотна состојба, рамноправност во културата, изборот на професијата и вработувањето.Во федерацијата треба да се воведе и да постои еден монетарен,девизен и даночен систем и да се контролира пазарот.Потребно е да се решат и заштитат највиталните државни функции како што се народната одбрана, државната безбедност, внатрешните работи и заштита на животната средина. За одбрана на СФРЈ потребно е да постои една армија - ЈНА.Како држава ќе се залага за заштита и одбрана на националните и човековите права на македонското малцинство во соседните земји поради нивното непризнавање во другите држави.

Потребно е да се развива економијата преку брз технолошки развиток и банките да го помагаат стопанскиот и економскиот развој на државата. Да се развиваат стопанските гранки, особено сточарството и земјоделството. Тоа ќе се направи преку создавање на земјоделски задруги и сточарски стопанства и зголемување на бројот на добитокот во земјата.Потребно е да се модернизира и развива прехранбената индустрија преку воведување на современа технологија и модерни процеси.Земјоделството ќе бележи развој преку воспоставување на квалитетен воден фонд и достапност на електричната енергија.Напредокот на државата може да се следи преку формирање на научни и

[100] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр. 39

истражувачки тимови следејќи ги странските трендови за да се користат и кај нас. Малото стопанство ќе напредува преку воведување на нови стопански линии и со тоа ќе се зголемува стапката на вработеност. За да се развива туризмот треба да се насочат кон обновување на старите и отварање на нови хотелски комплекси. Со тоа ќе се овозможи зголемување на бројот на домашните и странските туристи и зголемување на приливот на пари и поголема добивка. Преку добро развиена социјална политика ќе се понуди социјална помош и помош на пензионерите.На невработените ќе им се помогне преку две понуди, едната е преквалификација, а другата е нови работни места. На овој начин ќе се спречи иселувањето на младите и ќе останат во својата татковина. Ќе им се овозможи да се школуваат и да се вработуваат кога ќе им се понудат вработувања. А за сето ова потребно е да се развива и да се промени школскиот систем и образованието.[101]

Оваа партија се издвојува од другите партии по прашањето за жената и нејзините права и улога како мајка и жена на која треба да и се помага во вистинска смисла на зборот. Жената го заслужува тоа поради нејзиниот придонес во развојот на општеството и заедницата, за нејзина еманципација и афирмација како слободна и рамноправна личност во општеството. Како една од главните задачи на партијата ќе претставува воведување на квалитетно здравство, помош на социјално загрозените лица како и грижа за најмладите и најстарите. На граѓаните ќе им понуди здрав и квалитетен живот преку воспоставување на здрава животна средина, здрава вода и здрава исхрана. Со ова ќе се спречи загадувањето на животната средина на луѓето. За намалување и спречување на бирократијата во државата ќе се залагаат да се вработат и да работат способни и квалитетни кадри. Како една од главните преокупации на партијата ќе претставува воспоставување на квалитетна социјална правда, економски просперитет на СФРЈ, политичка демократија за мир и слога, соработка и взаемно почитување.[102]

**4.**

Либералната партија (ЛП) е наследник на Сојузот на реформските сили која е формирана на 05 октомври 1990 година. Како партија се залага за слобода на граѓанинот во државата и воведување на демократскиот дух во Уставот. Според нив треба да се воведе слободна пазарна економија. За претседател на партијата беше избран Стојан Андов, и во периодот од 1992-1996 година коалицираше со СДСМ. Дури во 1997 година Либералната партија се спојува со Демократската партија и

[101] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр. 49
[102] Ibid, стр. 57

оттаму ќе произлезе новата партија под името Либерално-демократска партија – ЛДП која ќе опстане како партија до ден денес.[103]

4.

**Социјалистички сојуз – социјалистичка партија на Македонија**

Социјалистичката партија на Македонија ги содржи принципите на социјалистичката интернационала, демократскиот социјализам и социјалистичката визија од развиените европски земји.[104]

Тие ја прифаќаат и ја продолжуваат традицијата на Гоце Делчев,Никола Карев, социјалистичката напредна мисла на Васил Главинов и на социјалистичкото работничко движење. На политичката сцена се претставуваат како патриотска политичка организација за суверена Македонија и за Југославија. Како партија ќе се залага за модерна и демократска заедница за Југославија на доброволно здружување на суверените држави. Македонскиот народ за државното уредување ќе одлучува преку референдумот.А тие како партија сметаат дека државата треба да се изгради врз принципите на мир, рамноправност, толеранција, стабилност. Социјалистичката партија го опфаќа мислењето дека треба да се воведе парламентарна демократија преку организирани слободни, непосредни и тајни избори. Во новата држава потребно е да се донесе и да се почитува новиот Устав и нови закони. Власта да се подели на законодавна, извршна и судска власт. Да се воведе функцијата претседател на државата и ќе се избира преку општи, непосредни и тајни избори. За да се развиваат општините, потребно е да се развива локалната самоуправа.За одбрана и безбедност на земјата потребно е да се формира армија. На младите да им се помогне да се школуваат и да се вработуваат во својата татковина. На тој начин нема да им се дозволи да ја напуштат својата татковина и ќе го дадат својот придонес во развојот и напредокот на државата. Како една од главните приоритети на оваа партија ќе претставува развој на економијата преку привлекување на странскиот капитал и странски инвеститори од други држави кои ќе бидат заинтересирани да инвестираат во нашата држава. За ова потребно е добро развиена стратегија во областа на економијата. Според нив потребно е да постои и да функционира независно и професионално новинарство. Да се почитува слободата на вероисповед и на религијата. За правилен развој и напредок на приватниот сектор потребно е да се формираат развојни фондови и агенции.

[103] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9B%D0%B8%D0%B1%D0%B5%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%BF%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0_(%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0)

[104] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр. 78

За развиена економија потребно е да се извршува увоз-извоз на стоки и услуги во други земји. Да се утврди бројот на невработените и на оние кои се технолошки вишок за да може да се доквалификуваат и преквалификуваат за нови занимања и функции. За да се намали бројот на невработените ќе се воведе нов даночен систем. Со тоа ќе се подобри квалитетот на животот на граѓаните.Развиената економија ќе им помогне на неразвиените и заостанатите подрачја и реони. Како една од главните стопански гранки претставува туризмот кој треба да се развива беспрекорно и без застој. На тој начин ќе се афирмираат природните езера, зимските центри, националните паркови во текот на целата тековна година. Приоритет му даваат на заштита и опстанок на Дојранското езеро. Туристите потребно е да се привлекуваат преку обезбедување на современ и модерен сообраќај низ целата територија на Македонија.

Друга главна стопанска гранка претставува воведување на развиено и модерно земјоделство. Земјоделците ќе бидат ослободени од даноците. А на сите оние земјоделци кои за првпат во рок од пет години се вклучуваат во земјоделието ќе се воведе даночно ослободување. Во доменот на земјоделието, да се развива задругарството. Преку стручното оспособување и менаџирање на земјоделците ќе им се обезбеди социјална сигурност и помош. Како партија ќе се залагаат да се донесе закон за чување и заштита на воздухот, водата и почвата.На овој начин ќе ја заштитат животната средина.Ќе ја развиваат екологијата преку давање на поволни кредити за производство на здрава храна. За сите граѓани во Македонија ќе се развива и ќе се понуди квалитетна социјална политика за здрав и подобар живот.Да се понуди социјална помош на сите невработени, редовно да се исплаќаат пензиите на пензионерите, да се овозможи бесплатен превоз за учениците и студентите до школите и факултетите. На овој начин ќе им се помогне и на младите и на постарите генерации. На оние ученици кои се сиромашни ќе им се помогне преку доделување на бесплатни и поевтини книги. А за најдобрите студенти да се обезбеди бесплатно сместување во студентските домови и други поволности.Да им се помогне и на неписмените и на талентираните ученици.На прашањето за социјална грижа и безбедност да им се помогне на инвалидите. На социјалните случаеви да им се доделат станови и бесплатен тв приклучок за сиромашните.За развој на државата, потребно е да се воведе квалитетно здравство, преку модерно и приватно здравство за сите.

За развиена култура и наука треба да се формира министерство за култура. На талентираните спортисти да им се помогне во секој поглед и да им се доделуваат награди за најдобрите.Македонскиот спорт потребно е да се развива преку организирани спортски натпревари.

Една од главните активности на партијата ќе претставува напредок на надворешната политика и правата на Македонците кои живеат во Албанија, Грција и Бугарија.[105]

**6.Сојуз на реформските сили** претставува нова политичка партија на македонската политичка сцена која се залага за создавање на државно уредување на сите граѓани според традициите на Крушевската република и АСНОМ. Според нејзината програма, треба да се создаде парламентарна држава и да се почитуваат сите човекови права и

[105] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр.102

слободи и да се почитуваат и малцинствата. За да се развива државата најпотребно е да се развива стопанството, културата, образованието, просветата, науката и здрава околина. Фирмите треба да се преименуваат во акционерски друштва, а акционерите ќе бидат поставени како сопственици на фирмите. На овој начин работниците ќе имаат поголем одговорност и подготвеност за подобри резултати, за успех во работата на фирмите и за општ напредок. Покрај големите фирми, да се формираат мали и средни претпријатија.Да се воведе мешовит и приватен сектор за да се зголеми бројот на вработените лица со млади и креативни кадри. Како партија ќе се залагаат за развој на селата и селскиот туризам. На тој начин ќе се подигне животниот стандард во селата.

Како приоритет на нивната програма, ќе претставува развивање на меѓународната политика и добрососедски односи со соседните земји. [106]

**7. Социјал-демократска партија на Македонија**

Нова политичка партија на македонската политичка сцена, со идеи за создавање на модерна, демократска и економска развиена држава за сите кои живеат во Македонија. Главен приоритет ќе претставува развој на стопанството.За развиена држава треба да се почитуваат сите граѓански слободи, права и рамноправност.

Потребно е да се следи и да се користи развојната програма на економијата по примерот на другите социјалдемократски партии од Шведска и западна Германија. За развиена економија потребно е да се воведат и да се развиваат три фази, прво да се воведе здрава национална валута, развиено менаџерство и професионален однос кон работниците.На економски поглед да се отвараат мали и средни претпријатија, со економски иновации и инвестирања. Треба да се развива екологијата, земјоделството и рудното богатство.Потребно е да се развива и да се инвестира во сообраќајот, а особено во воздушниот. Македонија има потенцијал да го развива туризмот, а особено на реката Вардар и езерата.

Во областа на земјоделството да се развива говедарството, овчарството и козарството. Затоа неопходно е да се создаваат мали и средни приватни стопанства, задружни и приватни сточарски стопанства. На овој начин ќе се произведува здравата храна. Да се вклучат младите генерации да работат и да останат да живеат во селата. Со тоа ќе се оневозможи преселбата на младите во поголемите градови во Македонија и надвор од Македонија. Во даночната политика да се воведе нов даночен систем.

Да им се вратат одземените имоти кои припаѓаат на оштетените граѓани и на црквата по Втората светска војна. Државата да обезбеди социјално осигурување на сите граѓани во државата.На младите да им се овозможи описменување и школување за да се намали стапката на неписменост.

[106] Ibid, стр. 107

Како нова партија си постави неколку приоритети, почнувајќи од обезбедување на мир, благосостојба, меѓусебна толеранција, верска слобода, народна одбрана, развиена надворешна политика, пазарна економија, парламентарна демократија, чист воздух, чиста вода, здрава храна и здравство. Во новата држава да се донесе нов Устав, ново име на државата, да се укине политичката полиција и дискриминацијата, рехабилитација на сите досегашни политички затвореници.

Да се воведе задолжително десетгодишно основно образование, достојни плати за просветните работници, развој на културата, науката и на спортовите.

Да се понуди стабилност на пензиските фондови, да се воведе модерно законодавство, вода, струја и квалитетен живот во селските средини.[107]

**8. Млада демократска - прогресивна странка на Македонија (МДПС)**

Сосема нова партија која е подготвена да воведе парламентарна демократија во новата македонска држава.Според нивната програма власта треба да се подели на законодавна, извршна и судска власт.За поквалитетно претприемништво треба државата да се насочи кон воведување на нови технологии и професионализам во работата.[108]

За подобар и поефективен економски и социјален развој на државата ќе се формираат независни синдикати.

Едно од главните приоритети ќе претставува почитување на правата и слободите на сите кои живеат во Македонија за заштита и почитување на традициите на Крушевската република и АСНОМ. Потребно е да се донесе нов Устав кој ќе ги опфаќа граѓанските и демократските принципи. За граѓаните да се обезбеди социјална заштита и социјални права за здрав живот во здрава и чиста околина. Да се следи примерот во европските земји за воведување на квалитетно образование, односно да се воведе десетгодишно образование финансирано од страна на државата. Да им се помогне на младите таленти.

Да се развиваат земјоделството, сточарството, туризмот и сообраќајот.

Во доменот на поразвиено производство потребно е да се воведат европски и светски стандарди на производите за да може да се понудат и да се извезуваат на светскиот пазар. Само со квалитетни производи може да се освојува и да се успее на светските пазари. На тој начин и на домашниот пазар ќе се понуди квалитет и конкуренција.

Да се понудат нови вработувања, да се работи на смени, со скратено работно време, со право на доквалификација на вработените и со функционирање на берзата на трудот.

На младите да им се овозможи да работат во слободното време. Посебен акцент да се даде на пораст на наталитетот во Македонија, преку изградба на станови на млади брачни парови за да се оформуваат семејства и за поквалитетен и поздрав заеднички живот. Како приоритети на партијата ќе претставува модернизација на земјоделството

[107] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр.115
[108] Ibid, стр.116

и производство на квалитетна и здрава храна. За квалитетен селски живот да се развива селската инфраструктура и отварање на училишта во селата. Со воведување на современ и модерен животен стандард во селата ќе се подобрат условите за живот и ќе се прекине миграцијата село-град. Во здравството да се обезбеди модерна здравствена опрема за да се школуваат здравствените работници.

Преку формирање на еден автономен, квалитетен, модерен, ефикасен универзитет ќе се доближиме до европските стандарди на студии и ќе унапредува образованието.

Оваа партија подготви проекти од областа на образованието, економијата, за развој на Катланово, Крушево, менаџментот, човечките ресурси, за независна телевизија и радио. [109]

9. **Работничката партија на Македонија** претставува партија која ги штити правата и интересите на работничката класа. Според нивната програма сите претпријатија ќе работат без никаков притисок и влијание од страна на политичките партии и политиката. За развој на државата ќе се воведат реформи во државниот апарат и стопанството. Како партија сметаат дека е потребно да се спроведе ревизија на републичкиот буџет, контрола на парите, на приходите и расходите. Имотот кој е создаден од страна на работничкиот труд да се стави под заштита, да не се препродава и да не се трансформира во приватен капитал и приватна сопственост. Работникот ќе може да работи во малите и средните претпријатија за да се овозможи стопански развој на земјата.Со употреба на енергетските потенцијали да не се загадува земјата и населението.За да се олесни работата на земјоделците и да се развиваат селата неопходно ќе се градат системите за наводнување. Приоритетно е да се воведат реформи во образованието, со стручно и научно оспособување на просветниот кадар. Како партија ќе помогнат на сите да се школуваат за да се намали стапката на неписменоста.Ќе донесат нова и посебна програма за да му се помогне на спортот и физичката култура. Преку развиено здравство ќе се понуди квалитетна здравствена и социјална заштита за сите граѓани.Во новата држава да се донесе нов Устав и закони кои ќе важат за сите граѓани со што ќе им се овозможи на сите да бидат еднакви и рамноправни. Оваа партија го прифаќа постоењето на Југославија како федерација и заедница на сите народи.

Работничката партија на Македонија смета дека покрај постоењето на републичкиот парламент треба да се формира дополнително уште еден орган, односно форум на угледни граѓани кои ќе ја следат работата на парламентот. По овој став и размислување оваа партија се разликува од сите останати формирани партии.

Судската власт да се изгради како независна и деполитизирана власт со давање отчетност за својата работа и да се утврдува одговорноста и да се променат законите. Да се изврши контрола и поширока анализа на сите штетни закони кои се донесени и

[109] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр.125

кои не се во интерес на народот.Сите непотребни и штетни закони да се заменат со корисни и употребливи закони во сите области.

И оваа партија како и другите претходни сметаат дека треба да се вратат одземените имоти на граѓаните. Средствата за јавно информирање да работат чесно, коректно и објективно. Да се контролира работата на државните органи и сите оние кои не се корисни за државата да се укинат. И кога ќе се утврдат употребливите и корисните државни органи да се реформираат и модернизираат.И на тој начин ќе бидат функционални и корисни за граѓаните.[110]

**10. Народна партија на Македонија – 1909-1990**

Народната партија на Македонија ја продолжува традицијата на партијата на Јане Сандански основана уште во далечната 1909 година во Солун, со што ја заживееја старата партија.Таа се залага за сувереност на Република Македонија и за конституирање на конфедеративна Југославија.

Оваа партија се разликува од другите партии поради идејата за обединување на македонскиот народ и обединување на Европа, бришење на границите меѓу државите и формирање на балканска конфедерација.

Народната партија на Македонија не го прифаќа Букурешкиот мировен договор од 1913 година, бидејќи е склучен без согласност на македонскиот народ.

Нивна главна задача ќе претставува да се признае постоењето на македонското национално малцинство во другите држави кои не се признаени досега.

Ќе се потрудат да ги вратат иселените Македонци и да им овозможат квалитетен и добар живот.Ќе ја заштитуваат македонската православна црква, преку заживување на црковниот и духовниот живот во Македонија кој со децении беше забранет од комунистичкиот режим и да им се вратат сите цркви и манастири.

Оваа партија е иницијатор за создавање на демократско и плуралистичко општество. Новата македонска држава треба да се насочи кон економски развој, постоењето на праватна и државна сопственост  за да се зголеми вработеноста.

Да се овозможи да циркулира домашниот и странскиот капитал, да се помогне развојот на земјоделството и сточарството за да се зголемат нивните приходи и да се развива малото стопанство.

Оваа партија се разликува од останатите партии со тоа што има интересен предлог за младата популација кои не се школувани, а се невработени, времето на чекање во заводот за вработување да им се признае како пензиски стаж. Предлогот е неправилен и несоодветен за сите оние кои работат и стекнуваат работен стаж за да се пензионираат. На ваков начин би се создала незаинтересирана и пасивна младина. Овој предлог е неприфатлив и потребно е да им се помогне на невработените преку обезбедување на работни места, стручност и образование.

[110] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр. 125

Еколошките друштва ќе ја имаат главната улога за заштита на човековата околина. Ќе се борат против национализмот и шовинизмот и ќе ги почитуваат правата и слободите на националните малцинства кои живеат во Македонија. Според нивната програма ќе се развива образованието, со квалитетен стручен образовен кадар.[111]

## 11.Работничко-земјоделска партија

Нова партија формирана со слоганот да се воспостави добро село, подобар град за подобра Македонија.Таа ќе ги штити интересите на работниците и селаните за подобри социјални и економски права.[112]

Да се воведе квалитетно земјоделство, да се унапредува и модернизира за да се отвори европскиот и светскиот пазар. Потребно е да се врати земјата на земјоделците и селаните, да им се намалат или укинат некои од давачките за им се олесни дејноста.

Според нивната програма и планови тие ќе ги следат искуствата од Јапонија и Кина за да се обноват пасивните области за микро земјоделието за производство на храна.

За да не ги напуштаат селата, на селаните ќе им овозможи развиена рурална средина и ќе се развива селскиот туризам во убавите и опустошени села.

А за сето тоа потребно е да се започне од изградба на патиштата, воведување на електричната струја, вода, телефонски мрежи, достапност на радио и телевизија насекаде па дури и во најнедостапните места.

Во селата да има училишта, здравствен дом, пошта, да се развива културата преку формирање на културно-уметнички друштва. Само на тој начин ќе му се обезбеди на земјоделецот нормален и социјален живот. На земјоделците да им се обезбеди социјално и пензиско осигурување. За да се развива земјоделството најпрвин потребно е да се обезбеди водоводен систем за наводнување, следејќи ја светската технологија.

Преку формирање на посебни и специјални сервиси ќе се олесни работата на земјоделците.Според нивната програма неопходно е земјоделските производи да се произведуваат во Македонија да се пакуваат и извезуваат, да се понудат квалитетни производи и квалитетно пакување со македонски печат, препознатлив и примамлив на светскиот пазар. А за сето тоа треба да помогне употребливоста на современиот маркетинг и дизајнерство. Потребно е да се произведува здрава храна без пестициди и штетни хемиски средства. Да не се дозволува градба на големи објекти за да не се уништуваат плодните почви и за да бидат еколошко чисти.

За напредок на земјоделството, тие го понудија логото „за посреќно село, за посреќен град, за посреќна Македонија‘‘.

Оние работници кои останале без работа ќе им се понуди вработување во други претпријатија со преквалификација. Покрај тоа потребно е да им се даваат поволни кредити за да отвораат мали фирми и како сопственици да работат корисно и полезно.

---

[111] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици)*, Скопје: 1990,стр.151

[112] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици)*, Скопје: 1990, стр.152

Работниците ќе имаат право да купуваат интерни акции и обврзници во општествените претпријатија и на тој начин ќе станат косопственици. Тие ќе се залагаат за формирање на независни синдикати, за да може работниците да бидат информирани.

На невработените и хендикепираните да се воведе социјална помош.

На талентираните деца од земјоделските семејства да им се обезбедат средства за да се школуваат во најдобрите македонски школи.

Да се обезбедат субвенции на земјоделците, бесплатна здравствена заштита, поволни станбени кредити за изградба на станови за работниците со поволни камати.

Работничко-земјоделската партија се разликува од другите партии, по идејата да се создаде Министерството за рударство во Македонија, да се донесе посебен републички закон за рударство за да им се понудат поволни услови за работа на рударите.[113]

Преку оваа програма, партијата ќе се залага да се заштитат правата и обврските на работниците во сите стопански и општествени субјекти во Македонија.

**12. Демо-христијанска партија на Македонија**

Во својата политичка програма се осврнува на Светото писмо и Божјите заповеди. Според нивната идеологија треба да се создава здраво општество во развиени меѓучовечки односи, во мир, слога, љубов, разбирање, рамноправност и слобода.

За уредувањето на Македонија треба да одлучи народот.

За оваа партија најважни се Светото писмо и Божјите заповеди. Демо-христијанската партија на Македонија смета дека треба да се создаде суверена, демократска и парламентарна држава со еднодомен парламент и претседател. Тие ќе се залагаат за соработка со други европски партии за да развиваат добри односи и да се отворат границите во Европа.[114]

На граѓаните треба да се им се пружи добро развиена социјална политика преку нивно вработување и да им се понуди солидарност и хуманост. На невработените да им се исплаќа одреден паричен надоместок, додека не се вработат.Поддршка да се пружи на сите Македонци кои живеат во другите земји за да ги уживаат човековите права.

На сите граѓани да им се обезбеди здравствена заштита, здравствено осигурување во случај на болест или породување на жените.

Оваа партија се разликува од останатите партии, по заштитничкиот став и определбата жените да го посветат времето на децата и на семејството.Тоа може да се направи преку воведување на скратено работно време, забрана на определени дејности за жената, воведување на поповолни услови за да заминат во пензија и слично.

За да се развие економијата потребно е влез на странскиот капитал со нови инвестиции, да се произведуваат производи кои се дефицитарни на европскиот и

---

[113] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр.159

[114] Ibid, стр.160

светскиот пазар. Но најважно од сето ова е да се развиваат и другите гранки: земјоделството, лозарството, градинарството, рударството.На земјоделците да им се помогне со намалување на даноците.

Да се искористат максимално напуштените и празните земјишта и да се понудат на земјоделците за да ги обработуваат.Потоа нивните прозводи да се откупат и да се понудат на пазарите. Да се развива шумарството, преку пошумување на земјиштето со борова шума.

Приоритетна гранка која треба да се развива претставува сточарството преку одгледување на кози и овци. Да се нормализира животот во селата. Да се понуди квалитетен живот преку отварање на школи, цркви и се останато.

Да се развива трговијата, сообраќајот и туризмот.

Оваа партија е мошне исклучителна од другите која не ги заборави старите индустриски култури. Македонија е позната по одгледување на старите традиционални индустриски култури како што се памукот, оризот, сусамот, афионот, свилената буба, кикириките и друго.

На тој начин ќе се произведува здрава храна и ќе се вратиме на старите индустриски култури кои со долги години се одгледуваа на македонско тло и по која бевме препознатливи надвор од нашата држава.[115]

**13. Партија за демократски просперитет во Македонија**

Оваа партија ќе се залага за развој на демократијата и просперитетот на граѓаните во Македонија. Потребно е да се организираат избори и народот да ја избере владата и да ја контролира нивната работа и да се изберат претставниците во еднодомниот парламент. Во оваа партија, секој може да биде член без разлика на националната и верската припадност. Власта да се подели на законодавна, извршна и судска власт и да функционира способна и деполитизирана администрација. Да се донесе нов Устав и закони. Да се формира Претседателство на републиката составена од пет члена, а претседателот да се избира од повеќе кандидати на тајни и непосредни избори. Според нивната програма, потребно е сите да бидат рамноправни пред законите, со право да се школуваат на мајчин јазик за да се негува традицијата и јазикот. Во државата да постои пракса на зближување на луѓето преку размена на културните вредности помеѓу народите. Во контекст на образованиот процес, учениците да се школуваат на својот мајчин јазик во основните и во средните училишта и да се воведе вишо и високо образование.

Според оваа партија потребно е да се воведе приватното образование за да се намали неписменоста.Тие ја поддржуваат и ја поттикнуваат идејата за помош на талентираните ученици да се школуваат во странските земји. Откако ќе ги завршат студиите во други земји, да им се понуди помош да се вратат во својата татковина за да им се понуди соодветна и квалитетна работа.

---

[115] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр.165

Оваа партија посакува да се создаде слободна и отворена Европа со укинување на границите. Да се укинат визите за сите оние кои ќе се вратат во Македонија да им се понуди вработување. Потребно е да се понуди слобода на печатот за да може уште повеќе да се развива новинарството и журналистиката. Сите оние кои се враќаат од другите земји да им се помогне да го развиваат приватниот бизнис, а нивните деца да се школуваат на мајчин јазик.

Да се воведе автокефалност на македонската црква и слобода на верата.

Жената треба да се школува, да работи и да биде еманципирана.

Да им се помогне на младите генерации за зголемување на бројот на брачните парови и на семејствата. На овој начин ќе се зголемува наталитетот во Македонија.

На граѓаните да им е овозможи здрав и квалитетен живот, со чист воздух и здрава еколошка средина. Да се формираат банки, штедилници, осигурителни друштва, хидроцентрали и системи за наводнување.

Да се развива сообраќајот, со градба на автопатишта и патишта, железничката пруга од Кичево до Струга – Подградец за побрз излез во Европа.

Стопанството во Македонија ќе се развива преку отварање на мали и средни претпријатија и да се вработуваат сите оние кои се способни за работа. Да се развива земјоделството и селата. На тој начин ќе им се обезбеди пензиско и инвалидско осигурување на селското население.Со поголеми ангажмани да се извезуваат македонските производи низ целиот свет. Да се развива натуралниот туризам на село и на планини. Да се искористат убавините што ги нудат езерата и да се создаваат нови угостителски објекти. Со тоа ќе се развиваат уште повеќе угостителството, бизнисот и менаџерството. Да се следат светските трендови во сите области кои може да понудат уште поголем развој на македонската држава. За промена на општествено-политичкиот систем неопходно е да се воведе реформа и во јавните финансии.

**14. Демократскиот сојуз – партија на земјоделците на** Македонија се залага за демократски промени за сите граѓани кои живеат во Македонија, обезбедувајќи квалитетен живот и сигурна иднина.

Македонија како бивша југословенска република остана неразвиена во сите сфери.[116]

Како нова партија ќе се залага за парламентарна демократија, за еднодомно републичко собрание и постоење и функционирање на општински собранија.

Власта треба да се подели на законодавна, извршна и судска власт. Сите граѓани кои живеат и работат во Македонија потребно да се почитуваат и толерираат.

Според нивната програма републичкото собрание треба да биде составено од 120-140 пратеници, општинското собрание од 25-50 претставници. Законодавната власт да се извршува преку формирање на влада и да се укинат општинските извршни совети.

[116] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр. 177

Преку една подготвена анализа да се укинат сите неупотребливи и некорисни органи и организации во Македонија.

Да се изврши намалување на бројот на полицијата и на армијата и да се воведе професионална војска. Да се укинат сизовите и да се намали бројот на судиите.

За напредно и квалитетно општество потребно е да се вложува во образованието.

Пред се да се отвараат градинките како предучилишни институции, да им се помогне на сиромашните деца да се школуваат, преку бесплатен превоз, храна, интернетски престој и слично.

За средношколците да се обезбеди квалитетно образование преку воведување на класични гимназии и стручни училишта. На талентираните ученици да им се понудат нови наставни програми и планови.

Универзитетот да добие автономија,да се селектираат кандидатите преку квалификационите испити.

Најголема важност ќе се даде на Македонската академија на науките и уметностите и на другите културни институции.

Како партија ќе се залага за социјална политика, особено да се обезбеди посебен третман за децата чии родители се умрени или разведени, преку давање детски додатоци заклучно со четвртото дете. Да им се помага на сите сиромашни, невработени, незгрижени, инвалиди, лица со ниски приходи. На жените родилки ќе им се продолжи породилното отсуство.

На црквата да и се врати одземениот имот, а на граѓаните да им се овозможи слободно да ги празнуваат верските празници и во училиштата да се воведе предметот веронаука.

Да се развива земјоделството, екологијата и агроекологијата, да се заштитат природните богатства, водата, шумите, рудниците за злато.

Да се олесни и да се потпомогне извозот на македонските производи, да се отвори ветеринарен факултет, да се овозможи царинско олеснување за извоз на земјоделските машини.

За економски напредок на државата ќе се залагаат за воведување на реформи во даночната политика.

Да се развива сточарството, преку доделување на поволни кредити со поповолни камати и услови за исплата на истите.

Напуштените земјишта да се поделат на сите оние кои сакаат да го обработуваат со поволни услови и критериуми.

Да се развива спортот, културата и физичката култура на село.

Како партија ги гарантира сите права и слободи на националните малцинства кои живеат во Македонија а истото ќе го бараат и за Македонците кои живеат во други земји.

И ова е една од партиите кои не ги прифаќаат Версајскиот договор од 1919 година и Букурешкиот мировен договор од 1913 година.

Ќе соработуваат со сите партии кои ќе ја почитуваат Македонија.

Програмата на партијата беше подготвена и промовирана во октомври 1990 година.[117]

**15. Партија за целосна еманципација на Ромите**

Ова претставува партија на Ромите и на оние граѓани кои ја прифаќаат нивната програма и статутот.

Како самостојна политичка организација ќе соработува со другите ромски партии во Македонија и во светот.

Поради големата концентрираност на ромско население во Шуто Оризари и во други градови ќе ги решаваат комуналните и инфраструктурните проблеми кои датираат уште многу одамна. Учениците ќе се школуваат во основните училишта на ромски јазик.

Ромскиот јазик да се емитува на емисии, на МТВ и на радио, да се печатат весници на ромски јазик.

Да се врши промоција на ромската култура, преку организирани ромски вечери на поезијата и прозата, да се отвори и да се промовира театар на Ромите.

А како партија ќе се ангажира Ромите да се именуваат во народност во преамбулата на Уставот на Македонија.

Жената Ромка да се вработува и да се школува за да биде еманципирана. Тоа ќе биде нивна главна задача, школување и вработување на жената Ромка. Верниците Роми да го имаат правото на слобода на избор на вера, без разлика дали се христијани, муслимани или други вери и секти.[118]

---

[117] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990, стр. 189

[118] Ibid, стр.192

**16.** **ПДП – Партија за демократски просперитет** претставува првата албанска партија формирана во Тетово на 15 април 1990 година на основачко собрание.

Таа е партија на сите граѓани на Република Македонија без разлика на верска и етничка припадност. Според програмата, Македонија треба да претставува држава каде сите ќе бидат рамноправни да го негуваат јазикот, културата, да ги користат своите национални симболи. Тие се против насилството, омразата и недовербата.Како партија за развој во економијата ќе се залага за воведување на приватизација и за влез на нови инвестиции.[119]

На прашањето за развој на социјалната политика ќе се залага за давање на социјална помош на невработените, хендикепираните и за еманципација на жените.

Тие имаат поднесено барање до државата сите да учат на мајчин јазик, да се учи националната историја, книжевност, култура, традиција на другите народи. Според нив треба да се развива нова програма за дистрибуција на печатот, радиото и телевизијата кај населението во Македонија.

Во тој контекст, државата треба да обезбеди отварање на приватни телевизии и радио програми кои ќе емитуваат емисии на мајчин јазик, и да печатат свои весници и списанија.

Во образовниот процес, да се воведе нова програма за изучување на својата национална историја.

За развиток на стопанството ќе се воведе приватната сопственост и пазарното стопанство.

Да се укине визниот режим за населението кое живее во Македонија, пред се за да може да патува слободно низ целиот свет. Со тоа ќе започне процесот за спроведување на европската интеграција на Македонија и на Балканот.

Во стопанството да се воведе приватната сопственост и пазарното стопанство за да може да напредува и да постигнува големи и позитивни резултати.

**17. Народната демократска партија (НДП)** во својата политичка програма ги изразува економските, социјално-политичките, етнокултурните и образовните аспирации на албанската популација во Македонија.

Тие се залагаат да се остварат граѓанските и колективните права, со право на културна автономија на Албанците во Македонија.Во програмата, во член 23 тие бараат во Уставот да се гарантира правото на сите граѓани да се школуваат на својот мајчин јазик

[119] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82

во основното образование и со закон да се определи задолжително образование на албански јазик. На мајчин јазик да ја изучуваат својата историја, традиција, култура, книжевност и одбележување на историските датуми и личности.

Според член 27, да се употребува нивниот јазик и писмо пред сите државни органи и институции.

Со ова беа јасни намерите и аспирациите на Албанците кои живеат во Македонија, преку признавање како народ, поради тоа што тие живеат во голем број во Југославија (според тогашните податоци броеле над 3 милиони) „со право за слободно и национално определување, за самоопределување и со право за отцепување од тоталитарното и асимилаторско панславјанско ропство.‘‘(член 2).

Уште тогаш ја беа подготвиле Декларацијата со барање на оформување на самостојни, просветни и научни институции на албански јазик за да го изучуваат своето минато. Тие ја прокламираа идејата да се формира сеалбанско собрание за да се координира соработката помеѓу албанските политички партии со други меѓународни партии и асоцијации, за актуелизирање на албанското прашање, и за интегрирање на Албанците во европските процеси.

НДП се истакна по својата политичка цел за елиминација на унитарниот карактер на државата, во смисол да се федерализира Македонија и да се прогласи како бинационална држава.

НДП своите аспирации ги изрази преку донесување на резолуцијата во 1995 година која опфаќаше дека во новите држави не се почитува правото на самоопределување на албанскиот народ. А за мирот и стабилноста на регионот потребно е да се вклучи меѓународниот фактор за да се реши албанското прашање.

Нивниот став е дека Македонија треба да претставува суверена демократска држава на граѓаните, да се шири рамноправноста меѓу сите народи Македонци, Албанци, и другите етнички заедници. Тие беа против унитарна еднонационална македонска држава која може да предизвика кризи, несигурност, нетрпеливост, дестабилизација на Републиката и регионот.

Тие не се согласуваат со новиот Устав, бидејќи беше сосема спротивен на волјата на албанскиот народ и неговите права. Според нив, Уставот претставува потенцијален документ за појава на несогласувања и нерамноправност меѓу сите нив.

НДП смета дека Уставот треба да се менува за да се избрише институционалната нерамноправност и дискриминација. Тие во својата Резолуција ги обвинија владата и парламентот како главни виновници за сите оние проблеми и кризи кои се појавија, монтирајќи политички процеси против Албанците. [120]

[120]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9D%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B0_%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%BF%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0

**18.** **Демократска партија на Албанците (ДПА)** во својата политичка програма ги изрази своите аспирации сметајќи дека во Република Македонија треба да се воведе консензуална демократија со дводомен парламент, Албанците во Македонија да го добијат статутот на државотворен народ. Во сите државни институции да се вклучат Албанците, додека пак на претседателот на Република Македонија да се укине извршната власт, албанскиот јазик да се прогласи за службен јазик во државата.

Да се употребуваат симболите и сите важни историски настани, да се воведе албански потпретседател кој ќе се грижи за национална и културна еднаквост.

Да се овозможи слободно движење и комуницирање на луѓето, особено за албанскиот простор за нивен развиток без разлика на државните граници.

Да се легализира Тетовскиот универзитет и во наставната програма да се учи на мајчиниот јазик. Со ова да се овозможи потполна еднаквост на јазиците на народите и националните и етничките групи во јавниот и приватниот живот.Употребата на јазиците да биде регулирано со Устав и закони.

Преку овие барања партиите едноставно сакаа да се подобри положбата на албанската популација во Република Македонија.

Со тек на времето, аспирациите на албанските партии се оствариja, особено во периодот кога на 22 мај 2001 година се стави крај на војната. Тогаш се потпиша Призренската декларација во Охрид од македонската и албанската страна, Али Ахмети како политички претставник на ОНА, Арбен Џафери претседател на ДПА и Имер Имери претседател на ПДП.

Декларацијата ги содржи амандманите во Уставот на Македонија, употребата и прогласувањето на албанскиот јазик како официјален јазик во Македонија, етничко пропорционално претставување во државните институции, воспоставување на консензуална демократија, непречена употреба на албанскиот јазик и слободно комуницирање во албанскиот простор.

Всушност нивните идеи и активности беа на штета на Македонија во меѓународната политика. Тоа се однесуваше на нивните барања да се спречи признавањето на Македонија и нејзино вклучување во меѓународните организации.

Преку заедничкото писмо на ПДП и НДП испратено до претседателот на САД, Бил Клинтон, на 21 декември 1991 година за Република Македонија дека не ги исполнува условите за меѓународно признавање.

Првенствено незадоволството на албанското население се однесуваше поради податоците дека 8за еден албански пратеник гласаат 8000 гласачи, а за македонскиот пратеник околу 3600 гласачи.

Според податоците во македонскиот парламент беа избрани 23 албански пратеници наспроти 95 македонски пратеници.

Додека пак во Владата од вкупно 22 члена беа само тројца Албанци.

Во Тетово и Гостивар не се почитуваа изборните резултати за да се конституираат општинските собранија затоа што победија Албанците на изборите.[121]

**19.** **СКМ - Партија за демократска преобразба** регистрирана е на 03 јули 1990 година, претставува самостојна и модерна политичка партија која се залага за демократска преобразба на Македонија.

Тие ќе ја развиваат Македонија врз традициите на Крушевската република и АСНОМ. Сметаат дека треба да се промени комунистичкиот модел преку големи реформи, почнувајќи од прифаќање на современото европско социјалистичко движење и искуствата на македонското революционерно движење.

Партиски членови може да бидат сите граѓани без разлика на националната, верската и класно-социјална припадност. Предност за зачленување во партијата ќе имаат младите за да ги изразат своите прогресивни мисли и иницијативи.

Во политичката програма СКМ-ПДП го прифаќа демократскиот социјализам, целосната национална рамноправност и дасе создаде модерна сојузна држава.Во Македонија да се организираат парламентарни избори на кои народот ќе избере пратеници. Со тоа ќе се изрази волјата на народот и новата држава ќе се темели врз принципите на парламентарната демократија.

Власта ќе се подели на законодавна, извршна и судска власт.

Законодавната власт ќе ја извршува еднодомниот парламент и граѓаните ќе бидат главни носители на таа власт. Владата ќе ја претставува извршната власт. Парламентот ќе врши контрола врз работата на владата. Судската власт ќе ја извршуваат независни судови. Претседателот на државата ќе биде избран од страна на парламентот.

Локалната власт ќе биде организирана во вид на општина со воведување на квалитетен административен апарат.

Да се донесе нов демократски Устав и закони. Исто така да се донесе и Декларацијата за меѓунационални односи кој ќе ги повика Македонците, Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите етнички заедници да се здружат во унапредување на демократските и меѓуетничките односи во земјата.

[121] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%BF%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%90%D0%BB%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5

Според нивната програма, Македонија ќе се изгради како рамноправна држава на сите етнички заедници кои живеат во Македонија, еднакви пред законот без разлика на нивната припадност.

Партијата ќе се залага за воведување на  пазарното стопанство, со присуство на сите видови сопственост и афирмација на процесите на европската интеграција.

СКМ-ПДП својата програма ја донесе на 09 август 1990 година во Вевчани и ќе се залага за мир, демократија и просперитет на Македонија и Југославија.

За Југославија сметаат дека треба да се склучи нов договор. А Македонија  треба да добие сувереност, самоопределување, демократско и рамноправно учество во развојот на модерна Југославија. Тие се залагаат за европска Македонија, за свет без граници, а Балканот да претставува зона на мирот. Како партија ја прифаќаат Декларацијата на ООН за правата на човекот. Сите граѓани имаат право на вера и вероисповед, верска толеранција и почитување.

Според програмата на СКМ-ПДП,  треба да постои  демократска Југославија, а доколку не се постигне договор со другите народи, тогаш да се формира конфедерација со другите републики. Или пак да се создаде  самостојна држава во договор со другите народи на југословенската заедница.

Тие ќе се залагаат за рамноправност помеѓу половите, за заедничко живеење и толеранција помеѓу генерациите.

Да се развива семејството, децата да добијат правна и општествена заштита за  здраво и безгрижно детство. На сите деца да им се овозможи квалитетно образование и воспитание.Младите да се школуваат и воспитуваат, а на старите да им се обезбеди социјална, материјална  и човечка сигурност.

Според нивната програма потребно е да се развива новинарството обезбедувајќи им слобода и самостојност на јавните гласила.Да се создаде независен и слободен синдикат кој ќе се грижи за правата на работниците. Да се воведе нов економски систем за управување со претпријатијата. Во тој контекст државата да претставува главен и договорен стопански субјект кој ќе инвестира и да создаде услови да можат и другите да инвестираат.

Како партија ќе се залага да постои оптимален однос меѓу приватниот и државниот сектор, приватизација,со можност банките и фирмите да претставуваат профитни организации.Со воведување на новиот даночен систем ќе се развива добра даночна политика во иднина за да се развива стопанството.Развиената економија ќе ја намали стапката на невработеност и ќе се воведат економски реформи. Како партија ќе се залага за нормалниот тек на реката Вардар, градот Крушево да се изгради како посебна туристичка и културна атракција за  привлекување на домашни и странски туристи.

За технолошки развој на земјата потребно е да се изгради модерен информатички и комуникациски систем, центри за истражување и да се ангажираат квалитетни истражувачки кадри. Да се помогне развојот на малите и средните претпријатија преку формирање на посебни агенции и фондови.

Во сите наброени активности, да се помогне занаетчиството, односно за да се развиваат приватните дуќанџии и занаетчии неопходно е намалување на нивните даноци.

Земјоделството да претставува главна стопанска гранка со нова даночна политика и даноци. Да се заштити од странската конкуренција и да се активираат напуштените земјоделски површини. Главна преокупација да претставува развојот на сточарството.

Тоа да се направи преку формирање на посебен фонд и земјоделска банка за развој на земјоделството, како и пошумување на почвата. Во селските подрачја треба да се направи инфраструктура преку изградба на патишта, водовод и канализација, електрична енергија, ПТТ, создавање на образовни, здравствени и културни институции.

Да се воведе посебен пензиски фонд и осигурување за да им се обезбеди добар и квалитетен живот на земјоделците и на нивните семејства.

Да се користи квалитетна вода, систем за наводнување и да се олесни нивната работа. За зголемување на извозот на македонските производи потребно е да се школуваат посебни кадри за да го истражуваат светскиот пазар и да се пласираат македонските производи.

За здрава природна околина да се развива екологијата, да се заштити човековата околина, воздухот, водата и шумите и да не се користат природните богатства.

Да се воведе приватно здравство, нудејќи квалитетни услуги, понуди и конкуренција. Државата да понуди квалитетна социјална политика и помош на најкритичните социјални групи.

Да се формира министерство за култура, за развој на културата, образованието, науката за сите кои живеат во Македонија без разлика на национална и верска припадност.

За напредок на државата најпотребно е да се развива образованието и науката.

Да се развиваат добрососедските односи за да се спроведе соработка и афирмација на македонското национално малцинство во соседните земји.

Како партија тие се иницијатори за формирање на посебна агенција за заштита на имотите на Македонците во соседните земји. [122]

**20. ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство**

[122] Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990,стр.34

ВМРО-ДПМНЕ одржа основачко Собрание на 17 јуни 1990 година во „Домот 25 Мај" во Скопје, а партијата е регистрирана на 03 август истата година.

Таа е национална политичка партија на македонскиот народ со антикомунистички и конзервативен концепт. Како партија ќе се залага за создавање на независна држава на Македонија, со воведување на парламентарна демократија по примерот на западните држави. За една нова држава потребно е да се развива економијата, да се воведе пазарната економија, приватната сопственост и да функционираат и другите видови на приватност.[123]

Да се развиваат меѓуетничките односи и почит на сите права според меѓународните конвенции.

За почетоците на формирање на партијата ВМРО-ДПМНЕ може да ни помогне објавената книга од првиот претседател на партијата, Љупчо Георгиевски.

Сосема е јасно дека процесот на создавање на политички партии го започнавме многу доцна во споредба со другите републики.

Ако се навратиме на еден друг момент кога се формираше првата политичка партија во Македонија, МААК претставуваше партија на историчари, аналитичари, научници и уметници. На самиот почеток на функционирање на партијата член беше и Љупчо Георгиевски.

Поради некои несогласувања со тогашните сопартијци, Љупчо Георгиевски ќе ја промени партиската страна, односно ќе се приклони кон новата партија ВМРО-ДПМНЕ.

Партијата беше формирана благодарение на големата активност на Драган Богдановски кој живееше и работеше во Шведска и на Борис Змејковски. Покрај нив, се вклучија и Тодор Богданов, Владо Голубовски, Доста Димовска и други.[124]

На основачкото собрание за претседател беше избран Љупчо Георгиевски, а за секретар Борис Змејковски.Драган Богдановски не беше подготвен да го преземе кормилото на партијата, бидејќи тој беше политички затвореник и бегалец од својата татковина.Тој сметаше дека нема да може да собере нови членови кои ќе бидат активни за да ја промовираат партијата.Според политичката програма таа ќе се залага за создавање на самостојна и независна Македонија, со своја војска, своја валута, пасоши, спортски репрезентации и друго.ВМРО-ДПМНЕ својата политичка моќ ја почуствува на првите парламентарни избори во ноември 1990 година кога освоија 39 пратенички места.

---

[123] Георгиевски, Љубчо. *Мојата македонска приказна*, Ѓурѓа, Скопје: 2018, стр.325

[124] Глигоров, Киро. *Македонија е се што имаме*, Култура, Скопје: 2002, стр.162

Според кажувањата на Љупчо Георгиевски во тој период најактивни партии беа ВМРО -ДПМНЕ, СКМ-ПДП на Петар Гошев, ПДП од албанските партии и реформските сили на Стојан Андов.

ВМРО му понуди на Петар Гошев да бира кои места ги сакаат во владата. Гошев имал желба да биде премиер,Стојан Андов - претседател на Собранието и тоа значеше владата да биде составена од сите политички партии, вклучувајќи ја и албанската партија ПДП.

ВМРО-ДПМНЕ како партија со најмногу пратенички места ја даде иницијативата за поделба на власта меѓу другите политички партии за да можат со заеднички сили да ја создаваат независноста и самостојноста на Македонија.

Меѓутоа, од самиот почеток партиите завзедоа различни ставови за повеќе прашања, па и за прашањето за македонските војници кои се наоѓаа во Хрватска кога започна војната.Од тие причини ВМРО-ДПМНЕ ова го сметаше за сериозен проблем и ги започна секојдневните контакти со ХДЗ со барање да се повлечат македонските војници од Хрватска.Како партија беа единствени и сами беа во овие барања.

Од друга страна пак, Киро Глигоров се состануваше со Алија Изитбеговиќ со иницијатива и план за спасување на СФРЈ од пропаст.ВМРО-ДПМНЕ како партија беше насочена со својот сопствен и единствен став дека нашите војници нема потреба да учествуваат на туѓи фронтови и за туѓи земји да гинат.

Во овие тешки моменти се вршеше дури и мобилизација на резервниот состав на ЈНА во Македонија. Се собираа млади момчиња на возраст од 25-30 години и се сместуваа по касарните.А кога тие беа преполни, започнаа да се собираат и во училиштата.

За да се заштитат македонските војници, Љупчо Георгиевски во улога на потпретседател на Советот за безбедност побара да се донесе одлука да не се испраќаат воените резервисти надвор од Македонија. Меѓутоа, тој не доби никаква поддршка за ова прашање.

Бидејќи,како партија не успееја на мирен начин да го решат ова прашање, ВМРО-ДПМНЕ донесе одлука да кренат бунт во касарните и сите се разотидоа.

За овој чин некои го сметаа за дезертерство на македонските војници во редовите на ЈНА.

Но, пред се ова претставуваше граѓанска непослушност за да не учествуваат во никакви воени судири со други воени единици, за да не покажат никаква национална омраза.Не можат да се објаснат подетално причините на Киро Глигоров кој не даваше максимална поддршка и заштита на нашите војници кои беа во Хрватска.Најверојатно сеуште беше присутна мислата и оптимизмот дека сеуште може да се спаси и да опстане СФРЈ.

Затоа од тие причини ВМРО-ДПМНЕ превзеде акција за спас на војниците и резервистите кога го одземаа регистарот на списоци на територијалната одбрана. Државниот врв не превзеде никакви мерки за да се заштитат воените резервисти и да се спасат резервите во храна и девизните резерви.

Уште на самиот почеток, се направија големи грешки. Требаше да се изготви една добра стратегија за да не се одземе оружјето и целата воена опрема од ЈНА, затоа што војската се создаваше и се наоѓаше во Македонија со децении.

Според некои проценки целата воена опрема и оружје имаше вредност од 5 милијарди долари. Беа прифатени условите и барањата на Србија и ЈНА за да се повлечат единиците со оружјето.Исполнети беа желбите и волјата на Србија,која преку повлеченото оружје профитираше, нудејќи го во илегална продажба со одлична заработувачка.

За Македонија се случи уште една неповолна состојба, кога Словенија, Хрватска и Србија упаднаа во југословенскиот монетарен систем, присвојувајќи ги резервите. Македонија остана  само со 20 милиони долари, наместо да располага со поголема сума на пари како што другите републики земаа милиони долари.

Во бизнис смерот во Македонија дојдоа многу фирми да земат роба на почек, па дури никогаш не ги ни платија, започнаа со грабежи и со тоа државниот врв не успеа да се справи.

Сите овие неправилности многу ќе и наштетат на Македонија кои ќе и донесат голема економска криза и ќе трае со години. ВМРО-ДПМНЕ се издвојува од другите партии по својата програма која се декларира дека ќе работи за целосно, духовно, политичко, економско и етничко обединување на распарчениот македонски народ и држава во обединетиот Балкан и Европа.

Сосема е јасно и прецизно наведено дека „македонскиот народ никогаш нема да се помири со поделбата на Македонија во Букурешт‘‘ и дека сеуште го нема остварено својот национален идеал.

За Македонците од Грција, Бугарија и Албанија сметаат дека не се национално малцинство, туку се само покорени и окупирани делови од македонската нација.Тие ќе се залагаат за национално помирување со сите Македонци и за хомогенизација на македонскиот народ во една целина.Како партија ќе го воскреснат Илинденскиот идеал на македонскиот народ.Според нивната програма, Букурушкиот мировен договор и нанесе на Македонија голема неправда.Тие го завземаат ставот за воведување на конфедерација во Југославија и прифаќање на суверенитетот за обединување на Македонија, по преговорите со соседните земји.

Откако ќе се создаде македонската држава треба да се донесе нов Устав и да се смени името на СРМ во Република Македонија.

Да се донесат нови државни симболи кои ќе ја опфаќаат историјата и традицијата на македонскиот народ.На лицата со македонско државјанство да им се издаваат македонски пасоши.Новата држава да има право на самоопределување до отцепување и поврзување со други народи, со право да прогласи вонредна состојба доколку има потреба.

Да се воведе парламентарна демократија и нов општествено-политички систем.На сите граѓани да им се гарантираат сите човекови права и слободи, слобода на здружување,

слобода на говорот и на печатот, на вероисповед, право на приватна сопственост. Да владее правото на граѓанинот да биде биран и да бира, еднаквост пред судовите, рамноправност на половите, без привилегии на граѓаните. Македонската православна црква треба да претставува независна институција и ќе ја претставува македонската држава и македонскиот народ.

Државата ќе ги гарантира граѓанските права на сите национални малцинства предвидени со меѓународните конвенции.Потребно е одржување на добри односи со земјите од бивша СФРЈ. Тоа особено се однесува на добри односи со Србија која кон нас го изразува национализмот, шовинизмот и не ја признава македонската православна црква. Српското барање се однесува на враќање на српските колонисти во Македонија и Српската академија на науките и уметностите не ја признаваат Македонија и македонскиот народ.Како партија ќе ги штитат интересите на Македонците кои живеат во соседните земји Бугарија, Грција и Албанија. Приоритетна задача на ВМРО-ДПМНЕ ќе претставува создавање на економски и политички услови за членство во Европската заедница.Македонија да се вклучи во Европа само преку директни преговори и договори со другите држави. Неопходно е да учествува во меѓународните проекти, да стане членка во меѓународните институции. Да се насочи кон отварање на странски амбасади и конзулати во земјите низ светот.

За добра соработка со соседните земји потребна е добра патна комуникација и воспоставување на трговски, економски, политички, културни врски со земјите.

За македонското иселеништво ќе формираат посебно Министерство за работите на македонските иселеници, да им се помогне на македонските иселеници кога ќе се вратат во Македонија да го развиваат својот бизнис. За иселениците кои ќе останат да живеат во другите држави ќе им помогнат да го развиваат културниот живот и образованието на децата на македонски јазик.

Според ВМРО-ДПМНЕ потребно е да се формира македонска војска под раководство на македонските старешини и да зборуваат на македонски јазик. Тие сметаат дека Македонија економски пропадна поради режимот во СФРЈ.

Излезот од кризата го гледаат преку брза стопанска реформа, воведување на пазарна економија, приватизација и слободен пазар на трудот и капиталот.Потребно е да се создаваат акционерски компании и специјални комисии за продажба на државната сопственост.Да се развива малото стопанство и да се создаде македонска банка.Да се отвораат границите со соседните земји за развој на економијата, преку размена на стоки и услуги со сите држави на Балканот и пошироко.Да се овозможи развој на сите градови во државата, а не само на Скопје, за да се спречат социјалните и економските разлики и кризи.Да се формираат центри за технолошки развој, центри за истражување со високи технологии и употреба на современ информатичко-комуникациски систем. Покрај тоа да се создаваат мали и средни претпријатија. Да се решаваат проблемите со недостатокот на вода, електричната енергија, да се создаваат вештачки езера, брани, системи за наводнување.Државата да се насочи кон инвестирање на градба на патишта и железници. За развој на селото потребно е да се врати земјата на селаните, да им се даваат специјални кредити, даночни олеснувања, да се гарантира цената за откуп на земјоделските производи. Во селата да се воведат системите за наводнување, модерни

патишта, електрична енергија.На земјоделците да им се гарантира сигурна пензија и здравствена заштита.Да се отвори македонски универзитет кој ќе наликува на европските за да се школуваат младите. Да се воведе квалитетна социјална политика, секој граѓанин да има здравствена и социјална заштита, со можност да се школува за личен и професионален развој. На младите генерации ќе се понуди враќање на гимназиите, самостојност на Универзитетот и отварање на приватни училишта. За развој на државата потребен е развој на македонската култура, националната кинематографија, македонската народна, забавна и рок музика, детската литература и издавачката дејност.

Како партија ќе се потрудат да ја формираат македонската информативно-новинска агенција (МИНА), да се воведе Македонска радио телевизија и нови списанија од повеќе области.

Ќе се ангажира да прекине загадувањето на воздухот.Земјоделството да се развива преку производство на здрава храна, здрави продукти и да се заштити билниот и животинскиот свет.

Во македонската плуралистичка сцена ВМРО-ДПМНЕ претставува прва политичка партија која ја прифати идејата за суверена и независна македонска држава во конфедеративна Југославија.

## 2.2. Првите повеќепартиски парламентарни избори во Р.Македонија

Откако заврши процесот на формирање на политичките партии беше донесен законот за избор и отповикување на пратеници и одборници на СРМ.[125]

Покрај овој закон беа донесени законите: Законот за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на СРМ [126], според кој се определува изборот на 120 пратеници и Законот за избирачките списоци.

И покрај започнатиот процес на распаѓање на СФРЈ, Македонија го превзеде Законот за избирачките списоци од 1976 година[127] кој беше употреблив во тоа време.

Ова е доказ дека Македонија мошне тешко се одвојуваше од некои закони донесени и применувани во времето на СФРЈ.

На собраниската седница беше донесена одлука за прогласување на амандманите од LVII до LXXXI на Уставот на СРМ, со што започна процесот на организирање на првите повеќепартиски парламентарни избори.[128]

Со донесување на овие закони се создадоа услови за организирање на повеќепартиски парламентарни избори во Македонија.

Македонскиот плуралистички модел на демократија е изграден врз основа на неколку елементи:

---

[125] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија* 28/ 1990
[126] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија* бр. 28/ 1990
[127] *Службен весник на Социјалистика Република* Македонија бр. 8/1976
[128] Службен *весник на Социјалистика Република Македонија* бр. 28/1990

1.Граѓаните се носители на суверенитетот, преку организирање на непосредни избори на секои четири години, значи мандатот на еден пратеник ќе трае четири години,

2.Претседателот на државата - чиј мандат трае пет години, се избира на претседателски избори,

3.Градоначалниците и советниците на локалната власт - се избираат на локални избори на секои четири години.

Со тоа власта во Македонија беше поделена на законодавна, извршна и судска власт.

Така на 24 септември 1990 година, тогашниот претседател на Собранието д-р Вулнет Старова (претседател во периодот од 28.04.1986-08.01.1991), согласно членот 329 од Уставот на СРМ и амандманот бр.74 од Уставот на СРМ го донесе решението за распишување на првите парламентарни избори за пратеници на Собранието.

Според решението одлучено е изборите да се одржат на 11 ноември 1990 година, а за спроведување на ова решение треба да се погрижи Републичката изборна комисија.[129]

На изборите народот треба да избере 120 пратеници од 120 изборни единици како што била поделена Македонија. За изборен модел прифатен е мнозинскиот модел.

Покрај кандидати од политичките партии, на изборите учествуваа и независни пратеници. Пред почетокот на предизборната кампања, беа поставени услови за фер и демократски избори.

Граѓаните имаат право да гласаат на општи, слободни и непосредни избори, преку тајно гласање со заокружување на ливчето само за еден кандидат. Овие избори се разликуваат од сите наредни избори бидејќи немало коалиции.

Секоја политичка партија учествуваше самостојно на политичката изборна сцена со една единствена мисла дека тие ќе бидат победници, не гледајќи во другите дека се конкурентни и дека ќе бидат губитници.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничката седница одржана на 28 септември 1990 година донесе одлука за именување на претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии за избор на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија во 120 изборни единици.[130]

Пред почетокот на парламентарните избори во Социјалистичка Република Македонија беа донесени повеќе документи:

- записници,
- упатства,
- образец за спроведување на изборите,
- образец за собирање на потписи за предлог на кандидат за пратеник,
- листа на кандидати за пратеници во Собранието на СРМ,

---

[129] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија* бр.29 /1990

[130] file:///D:/Downloads/stenografski%20beleski%2028.09.1990.pdf стр.33

- изјава за прифаќање на кандидатурата,
- записник за утврдување на редоследот на политичките организации и други форми на организации и здружување на независни кандидати на заедничката листа на кандидати за избор на пратеници,
- записник за работата на избирачкиот одбор за утврдување на гласовите,
- записник за работата на изборната комисија на изборната единица,
- решение за повторување на гласањето,
- решение за распишување на нови избори,
- решение за поништување на гласањето,
- уверение за избор на пратеник во Собранието

На седницата на републичката изборна комисија одржана на 06 октомври 1990 година беше донесен правилник за предлагање и утврдување на кандидати за пратеници и одборници од граѓаните.Со ова се утврдија сите правила и законитости околу одржување на првите повеќепартиски избори во Македонија.[131]

Првите самостојни парламентарни избори во Република Македонија се одржаа на 11 ноември 1990 година.Партиите кои земаа учество на изборите беа поделени на две спротивни страни: едните се залагаа за создавање на самостојна, независна македонска држава, а другите се залагаа за заштита и опстанок на југословенската држава како конфедерација или лабава федерација.

Во првиот изборен круг учествуваа 18 политички партии, 1 општествено политичка организација и 43 независни кандидати, или вкупно 1158 кандидати.

Се избираа 120 пратеници во 120 избирачки единици.

На изборите беа евидентирани вкупно 1. 339. 021 избирачи со право на глас. Во првиот изборен круг гласаа 1.135 728 гласачи, односно 84,82% од вкупниот број гласачи запишани во избирачкиот список.

По завршување на првиот изборен круг изборите завршија во 24 изборни единици. Додека пак вториот изборен круг се одржа на 25 ноември 1990 година и гласањето продолжи во останатите 96 изборни единици, со излезеност од 76,75%.

Според податоците од државната комисија за избори на првите повеќепартиски избори излегоа да гласаат вкупно 1.135.728 избирачи, или 84,82 %.

По завршување на изборите пратенички места добија 8 политички партии и 3 независни пратеници.

Првиот изборен круг заврши со избрани 24 пратеници (од вкупно 1115 кандидати од 18 политички партии, една општествена организација и 43 независни кандидати).

Додека во вториот круг учествуваа вкупно 372 од предложените кандидати и 3 независни пратеници. [132]

---

[131] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија* бр.32/1990
[132] Каракамишева, Тања. *Избори и изборни системи*, Култура, Скопје: 2004, стр. 249

Македонскиот изборен модел се разликува од францускиот, американскиот и британскиот модел.

Пратеник станува оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале во изборната единица, под услов бројот на добиените гласови да не е помал од 1/3 од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список.

Според законот за избори, за 14 дена се организираше вториот круг на гласање, а учествуваа оние кандидати кои во првиот круг добиле најмалку 7% гласови од избирачите кои гласале.

По завршување на вториот круг на парламентарните избори се заокружи изборот на 120 пратеници во првиот повеќепартиски македонски парламент.

Резултатите беа објавени во Извештајот на републичката изборна комисија и објавени во третиот број на Службениот весник на СРМ од 18 јануари 1991 година.[133]

На изборите ВМРО-ДПМНЕ имаше 38 пратеници, СКМ-ПДП - 31 пратеници, ПДП - 17,Сојузот на реформските сили на Македонија (СРСМ) - 11, Сојуз на реформските сили на Македонија - Млада демократска прогресивна странка (СРСМ-МДПС) - 6, партија за демократски просперитет - народна демократска партија (ПДП-НДП) -6, Социјалистичка партија на Македонија (СПМ) - 4, независни кандидати - 3, Странка на Југословените во СРМ - 2, Народна демократска партија (НДП) - 1, Социјалистичка партија на Македонија -Партија за целосна еманципација на Ромите во Македонија (СПМ-ПЦЕР) - 1, Социјалистички сојуз на Македонија (СРСМ-МДПС) - 1 пратеник.[134]

Со формирањето на новиот парламентарен состав, Македонија доби повеќепартиски парламент, но ниту една партија не доби апсолутно мнозинство на гласови.

Изборниот модел требаше да донесе стабилен и ефикасен парламент, но поради недостаток на парламентарно мнозинство требаше да коалицираат политичките партии по завршувањето на изборите.

Откако се конституира првото повеќепартиско Собрание се случија неколку промени во партиските редови.Тоа е моментот кога за брзо време од ВМРО-ДПМНЕ се повлекоа 5 пратеници, еден пратеник формира своја партија наречена ВМРО-ДП, тројца пратеници заедно формираа партија наречена Илинден-слободни демократи и еден пратеник пристапи кон ВМРО - Татковинска партија. Со тоа се намали бројот на пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ од 38 на 33 пратеници.

И во другите партии се случија истите промени кога СКМ-ПДП остана без двајца пратеници и Сојузот на реформските сили остана без еден пратеник.

Покрај промена на бројот на пратеничките групи, се случуваа и други промени.

Тоа се однесуваше на промена на имињата на одредени партии, кога СКМ-ПДП го смени во СДСМ, Сојузот на реформските сили го смени во Либерална партија.

---

[133] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија*, бр. 3/1991
[134] https://sobranie.mk/posleden-sostav-1991-1994.nspx

Многу неочекувани моменти се случија уште на самиот почеток на работата на Собранието, почнувајќи од повлекување на некои пратеници од своите матични партии и промена на имињата на партиите.

Со тек на време се зголемуваше бројот на членовите во политичките партии формирани пред одржување на парламентарните избори.Започна една општа еуфорија и тренд на граѓаните да се зачленуваат во политичките партии.Додека пак од друга страна,новоизбраните пратеници наместо да ги извршуваат пратеничките задачи и обврски кон народот и државата тие се насочија кон неважни и непредвидени активности. Ова значеше почеток и продолжеток на нус појавите и на првите и на наредните парламентарни избори. На тој начин започна да се крои политичкиот живот во Македонија.

Уште од самиот старт на работата на првоизбраните пратеници се забележаа нивните погрешни чекори во македонскиот парламент. Тие наместо да се фокусираат на донесување и спроведување на закони, на важни одлуки и решенија, спроведување на ветената предизборна политичка програма кои ја понудија на граѓаните, пратениците се бавеа со сосема други дејности.

Ова претставуваше негативен и неприфатлив процес кој датираше уште од самиот почеток на првите самостојни парламентарни избори и за жал тој ќе потрае и во иднина.Сосема е јасно дека сето ова ќе влијае врз работата и функционалноста на Собранието. Свои аномалии имаше и мнозинскиот изборен модел, меѓу кои изборните единици немаа ист број на евидентирани гласачи во избирачките списоци. На пример имаше градови со мал број избирачи и градови со поголем број на избирачи и тоа значеше нееднаква вредност на изборниот глас.

Во Македонија за првпат профункционира автохтониот изборен систем кој ќе претрпи големи измени во следните избори.

Во првиот повеќепартиски парламентарен состав беа избрани жени пратенички од три политички партии : од ВМРО-ДПМНЕ - Доста Димовска, Ратка Димитрова и Биљана Лазаревска, од редовите на СДСМ партијата Славјанка Стојанова и од Сојузот на реформските сили на Македонија Ѓулистана Јумеровска.

Бројот на жените пратенички во првиот парламентарен состав беше многу мал и тие беа претставнички од три македонски политички партии. Додека пак од албанскиот блок немаше ниту една жена пратеничка.Со создавање на новиот парламентарен систем, Македонија отвори нова страница во историјата на парламентаризмот во Република Македонија.Овие избори во Македонија ќе донесат нов демократски поредок и Македонија ќе се изгради како самостојна и суверена држава.

Денес после скоро 30 години од првиот референдум, поранешниот пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, Борис Ѓорчески од Прилеп изјави на ТВ Канал 5 дека времето во кој бил пратеник, биле насочени кон одржување и спроведување на референдумот во Македонија и членството во ООН. Како основни задачи на пратениците претставуваше спроведување на референдумот, создавање и прогласување на независна и самостојна Македонија, донесување на нов Устав и нови закони.

Според Ѓорчески, резултатите од референдумот покажаа дека македонскиот народ е подготвен да изгради своја самостојна држава.Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ завземале различни ставови околу прашањето за Киро Глигоров како кандидат за претседател на Македонија.

Како бивш пратеник, Ѓорчески зборуваше за своето искуство, за разликата на личниот доход во тоа време со личниот доход на денешните пратеници.

Како превоз го користеле железничкиот и автобускиот сообраќај.Помалку го користеле патничкото возило и со услов да се возат двајца пратеници.Патните трошоци биле подмирени од страна на Собранието.

„Тоа што е создадено на 08 септември 1991 година никој и никогаш нема да го сруши‘‘ – тоа беа зборовите на поранешниот пратеник од Прилеп, Борис Ѓорчески.[135]



[135] https://youtu.be/h2jn47P_i9s

## 2.3. Првото плуралистичко Собрание на Република Македонија

На 08 јануари 1991 година се одржа конститутивната седница на првото плуралистичко собрание на Република Македонија.[136]

Според привремениот деловник на СРМ, седницата ја започна најстариот пратеник Никола Стојановски од Титов Велес, по професија лекар. Остана праксата и од претходното работење на конститутивната седница да ја започне најстариот пратеник, како што беше и на Првото заседание на АСНОМ.

Пред почетокот на седницата, постоеја различни размислувања која химна да се свири, дали македонската или југословенската. После долга расправија одлучено е да се интонира прво македонската, па потоа југословенската химна.
На првата конститутивна седница новоизбраните пратеници едногласно ја дадоа следната заклетва:

„Изјавувам дека функцијата пратеник ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам кон Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.‘‘[137]

Во собраниската сала се наоѓаа неколку слики и тоа од маршалот Тито и од македонските револуционери Гоце Делчев и Никола Карев. Веднаш потоа се верификуваа мандатите на пратениците и следеше изборот на претседател на Собранието. Јавно се гласаше и со најмногу гласови се избра Стојан Андов, кој беше претседател на Сојузот на реформските сили на Македонија.

Стојан Андов е првиот избран претседател во првиот плуралистички македонски парламент.Тој е роден на 30 ноември 1935 година во Кавадарци. Бил магистер по економски науки. Уште во периодот на СФРЈ, Стојан Андов бил член во сојузната влада, југословенски амбасадор во Ирак, преговарач на Југославија се експертите на Европската економска заедница.Стојан Андов бил претседател на Собранието во следните периоди :

08.01.1991 - 19.11.1994,
19.11.1994 - 06.03.1996 и
во периодот од 30.11.2000 - 03.10.2002 година

Стојан Андов беше претседател на Собранието во времето кога се носеа многу закони, декларации, првиот Устав на Република Македонија.
Тој се кандидираше и на вторите претседателски избори кои се одржаа во 1999 година.
Стојан Андов пензионерските денови ги поминува во пишување и објавување на многу негови дела кои се сведоштва на историјата на парламентаризмот во периодот на постоењето на СФРЈ и формирањето на современата македонска држава. Исто така учествува и на многу отворени тв емисии и не потсетува на времето кога се градеше Република Македонија.

---

[136] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/1sednica8jan910.pdf
[137] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија* 3/1991



Стојан Андов ( 1934 -     )

Уште на првата седница се појавија многу нерешливи прашања, почнувајќи од прашањето која химна да се интонира, верификацијата на мандатите на пратениците и кој да се избере за претседател на Собранието.

Покрај избор на претседател на Собранието, беа избрани и потпретседатели на Собранието:Киро Поповски од Социјалистичка партија на Македонија, Тито Петковски од СКЈ – Партија за демократска преообразба, Џеладин Мурати од Партија за демократски просперитет на Албанците и Драги Арсов од ВМРО-ДПМНЕ.

На политичката сцена беше познато дека ВМРО-ДПМНЕ ја дадоа својата согласност Стојан Андов да се избере за претседател на Собранието, но со  инсистирање да се доршат разговорите околу поделбата на  државните функции.

Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ја напуштија  седницата, а додека останатите со 81 вкупен глас „за‘‘ и ниту еден „воздржан‘‘ и „против‘‘ за прв претседател на Собранието избран е Стојан Андов од СРСМ. Стојан Андов ја даде свечената изјава  за прв претседател на Собранието пред присутните пратеници.

На седницата на 08 јануари 1991 година беа донесени многу важни одлуки почнувајќи од  Привремениот деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и ги опфаќа следните активности:

- свикување и раководење со седниците и доставување на материјалите,
- избор на верификационата комисија,
- верификување на мандатите на пратениците,
- предлог и избор на претседател и потпретседатели на Собранието,
- избор на претседател на државата,
- избор на потпретседател на претседателот на државата и
- избор на влада.

На оваа седница беа избрани претседателот и членовите на Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ, во вкупен број од 29 члена.

Првиот повеќепартиски состав одржа повеќе од 70 седници, некои од нив траеја маратонски, некои никогаш не беа завршени, а многу од предложените закони не дојдоа на дневен ред да се дебатираат и донесат, ниту пак гласаат.

Новиот пратенички состав донесе неколку важни одлуки во новиот период на македонскиот парламентаризам:

- Одлука за распишување на референдум на 06 август 1991 година

- Одржување на референдумот на 08 септември 1991 година

- Декларација за сувереност на Македонија

- Одлука за самостојност на Република Македонија

- Промена на атрибутот на Социјалистичка Република Македонија премина во Република Македонија

- Донесување на првиот Устав на Република Македонија и други важни закони и одлуки

**2.4. Избор на претседател на Република Македонија**

Како втор важен чекор во кроење на македонската политика претставуваше избор на претседател на државата. И покрај непостигнатиот договор помеѓу партиите, вкупно 22 пратеници од СКМ-ПДП го предложија Киро Глигоров за претседател на Р.М.[138]

На третата собраниска седница на 19 јануари 1991 година на дневниот ред беше прашањето за предлог за избор на претседател на државата. (функција која е утврдена со амандманите на Уставот на СРМ од 1990).[139]

На почетокот разговорите за предлог кандидат за претседател на државата ги водеа Љупчо Георгиевски од ВМРО-ДПМНЕ, Петар Гошев од СКМ-ПДП и Стојан Андов од реформските сили.Постигнат е договор СДСМ да го предложи претседателот на државата, ВМРО-премиерот, а реформските сили - претседателот на Собранието.

Како предлог од страна на Божин Павловски до партијата ВМРО-ДПМНЕ го предложил за кандидат, скопскиот и повардарскиот митрополит Михаил од Штип, по примерот во Кипар каде за претседател беше избран владиката Макариос.

На почетокот оваа идеја беше прифатлива од страна на Љубчо Георгиевски, гледајќи во него како неутрален, сериозен, непартиски човек. За овој предлог се согласија и другите преговарачи Стојан Андов и Петар Гошев.

Меѓутоа во една дискусија со митрополитот Михаил, тој не ни помислувал да ја соблече мантијата и да започне да се бави со политика, па дури и да се кандидира за претседател на државата. На почетокот овој предлог не беше прифатлив од страна на дедо Михаил, но по неколку дена убедувања тој се согласил.[140]

Сосема беше нејасно и неизвесно дали предлогот како кандидат за претседател на државата, митрополитот Михаил ќе добие поддршка од партиите од левиот блок, од независните пратеници и од ПДП - албанската партија.

Предлогот не беше прифатен и за брзо време беше предложен Киро Глигоров. Киро Глигоров најпрвин се консултирал со семејството.Неговото семејство било против оваа идеја поради неговата старост и неговите 73 години.

---

[138] Андов, Стојан. *На мој начин*, Матица Македонска, Скопје: 2003, стр. 251-256
[139] Стенографски белешки, 3 седница на Собранието на С.Р.М., 19 јануари 1991, http://www.sobranie.mk/SessionDetailsID
[140] Георгиевски, Љубчо. *Мојата македонска приказна*, Ѓурѓа, Скопје: 2008, стр.81

Меѓутоа, Киро Глигоров ја добил поддршката од пратениците Славко Милосавлевски и од Невзат Халили од ПДП. Според законот, претседателот треба да се избере со двотретинско мнозинство и со тајно гласање.

На седницата за избор на првиот претседател на државата на 19 јануари 1991 година, кога се броеле гласовите, 60 гласа гласале „за" а 60 биле неважечки ливчиња и на тој начин Киро Глигоров не бил избран за претседател на државата. Во 60 неважечки ливчиња, 37 биле пречкртани, а 23 биле празни и заклучокот е мошне јасен дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не гласале за единствениот кандидат Киро Глигоров, додека пак ПДП не го подржувале изборот на Киро Глигоров за претседател.

Всушност, да разјасниме дека Киро Глигоров требаше да ја добие целосната поддршка од пратениците, потребни му беа 80 гласови, со тоа што според стенографските белешки, како доказ може да се увиди дека не гласале пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и ПДП.

Мошне беше јасно дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ имаа изградено едно заедничко мислење за Киро Глигоров дека е Србоман и дека тој ќе се бори за поврзување на Македонија со Србија.Затоа во тие моменти додека се избираше претседател на државата, ВМРО-ДПМНЕ ги започна преговорите со барање две функции, потпретседател на државата и премиер, изразувајќи го незадоволството со прераспределбата на државните функции.

Стојан Андов беше првиот кој ги започна преговорите со ВМРО-ДПМНЕ.Според испланираното сценарио,премиерската функција требаше да припадне на ВМРО-ДПМНЕ.Кога Киро Глигоров го предложил Љубчо Георгиевски за потпретседател на државата, Собранието требаше да го избере. Според овие договори, ПДП требаше да добие едно место за потпретседател во Собранието, еден потпретседател во Владата и голем број министерства на кои ќе бидат поставени Албанците, а исто така и заменици министри.

После овие долги и неизвесни преговори, на следната седница на 27 јануари 1991 година од вкупно 119 присутни пратеници со тајно гласање гласаа 114 „за" , а со 4 „неважечки" Киро Глигоров го избраа за претседател на Република Македонија.

На овој начин по пат на гласање од страна на пратениците, без организирање на претседателски избори, по вториот круг со 114 гласови, Република Македонија го доби својот прв претседател на суверена и независна Република Македонија.[141]

На свечената седница за потврдување на функцијата претседател, во собраниската сала присуствуваа важни личности, политичари, дипломати, претставници од верските заедници каде што Киро Глигоров се заблагодари и потенцираше дека тој ќе биде претседател на сите граѓани на Македонија, без оглед на националната, верската и политичката припадност. На својот инаугурален говор Киро Глигоров се потсети на времето на создавањето на македонската држава и времето на Првото заседание на АСНОМ на кој земал учество.[142]

---

[141] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/05sed27jan91god.pdf

[142] Глигоров, Киро. *Македонија е се што имаме*, Култура,Скопје: 2002, стр.176

Киро Глигоров (1917 - 2012) роден во Штип, завршил на Правниот факултет во Белград.Учесник во НОБ, секретар на Иницијативниот одбор за подготовка на Првото заседание на АСНОМ. Бил избран за народен претставник на заседанието, секретар на АСНОМ. По војната извршувал многу функции, како сојузен секретар за финансии, потпретседател на Сојузниот извршен совет, член на Извршното биро, на Претседателството на ЦК СКЈ и претседател на Сојузното собрание. Киро Глигоров беше претседател на Република Македонија во два мандата кој траеше од 1991 година до 1999 година кога се повлече и своето слободно време го посвети во пишување и објавување на многу монографии. Киро Глигоров ќе биде запаметен во македонската политика како најстар и најпознат македонски политичар во современата историја на парламентаризмот. Кога на 17 ноември 1999 заврши неговиот втор мандат на 82 години старост, Киро Глигоров беше запишан во Гинисовата книга на рекорди во 2000 година како најстар претседател на држава во светот. Киро Глигоров почина во Скопје на 01 јануари 2012 година во својот дом во Скопје.



Киро Глигоров (1917 - 2012)

Веднаш потоа следуваше изборот на потпретседателската функција. Како што беше претходно договорено, Киро Глигоров го предложи за потпретседател на државата, Љупчо Георгиевски, кој имаше само 25 години. Меѓутоа, левиот блок беше против овој предлог, бидејќи Љупчо Георгиевски бил многу млад.

Гласањето помина по следниот редослед, од 119 пратеници 78 се изјаснија „за‘‘ а 41 ливчиња беа неважечки и не беше избран за потпретседател.

Во вториот круг на гласање од 118 присутни пратеници, 73 гласаа „за‘‘ и 45 „неважечки‘‘ ливчиња и повторно не беше избран за потпретседател на државата.

ВМРО-ДПМНЕ беше незадоволна со гласањето и сметаше дека и по завршување на вториот круг на гласање за нивниот кандидат тие ќе бидат изиграни.

На седницата на 01 февруари 1991 година повторно беше ставен предлогот Љубчо Георгиевски да биде избран за потпретседател на државата.

Во третиот обид со 88 гласа „за‘‘ од вкупно 118 присутни пратеници и Љубчо Георгиевски беше избран за потпретседател на државата.[143]

Според ова, во овој период беше поставена единствената постоечка функција во нашата држава, потпретседател на државата и по тоа сме први и се разликуваме од другите држави и единствени сме во целиот свет.

Се прашуваме дали имаше потреба да се постави ваква функција на една млада и нова држава во развиток и прогрес. Дали на овој начин се искажуваше доминацијата на една нова политичка партија или значеше  исполнување на некои барања на тогашните големи политички партии.

Меѓутоа и по изборот на Љупчо Георгиевски, тој поднесе оставка, бидејќи не се согласуваше со водењето на македонската државна политика.[144]

Критики се упатија уште на самиот почеток на формирањето на Собранието, се вршеа опструкции на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, не им беше дозволено да расправаат по одредени прашања.

Уште на самиот почеток во Македонија не се градеше демократијата.

Беше упатена забелешка и критика кон работата на македонското Собрание, затоа што седниците се закажуваа на 20-30 дена и поголемиот дел од нив се расправаше за дневниот ред, наместо да се концентрираат на решавање на крупни работи,да донесуваат важни закони или документи кои се важни во овие тешки моменти на самостојна и независна Македонија.

Вака започна работата и функцијата на македонското Собрание, без никаков ред и распоред на одредување  на приоритетите во државата.

Едноставно не се знаеше од каде и како да започне да функционира законодавната власт во Република Македонија. И покрај присуството на искусните политичари од претходното општествено-политичко уредување, тие не го пренесуваа искуството и знаењето за да помогнат нормално и приоритетно да ги извршуваат законодавните активности.На тој начин тие ја изразуваа својата доминација и престиж во политичките кругови за да завземат високи политички позиции.Од тие причини нема да се изградува демократскиот и законодавниот процес во Република Македонија. Тоа ќе придонесе да се појават  многу недостатоци и пропусти кои ќе се провлекуваат и во иднина.

На новото Собрание и беше потребно еден поинаков пристап на работа, да се носат важни и значајни одлуки, закони и решенија за да може да застане на едно мирно и

[143]Фондација Институт Отворено Општество – Македонија, Демократска Македонија, Фондација Отворено Општество – Македонија, Скопје: 2003, стр.81

безбедно тло,каде ќе се обединат сите политички партии, без никакви уцени, предрасуди и политички заговори.

### 2.5. Избор на првата експертска влада на Република Македонија

За заокружување на власта во Македонија,следен чекор претставуваше избор на владата, односно поставување на извршната власт во новата држава.

За избор на владата, ВМРО-ДПМНЕ требаше да го номинира кандидатот од своите партиски кругови. Беа предложени неколку кандидати : Лепавцов, Ставрев, Костурски и Богданов кој ниеден не беше прифатлив од страна на Киро Глигоров. Изминаа два месеци, а Македонија немаше влада, затоа што не можеше да се избере.

Киро Глигоров го предложи формирањето на експертската влада на чело со Никола Кљусев, без никаква консултација со круговите на ВМРО - ДПМНЕ.

Меѓутоа Никола Кљусев не беше член на партијата ВМРО-ДПМНЕ, тој стана член дури во 1998 година. Приказната за избор на експертската влада започнува уште во оној момент,кога ВМРО-ДПМНЕ за мандатор го предложи првиот кандидат Александар Лепавцов.Меѓутоа Киро Глигоров побара предлози на уште неколку кандидати за мандатор. Љубчо Георгиевски достави предлози за уште тројца кандидати: Милан Ставрев, Пандил Костурски и Тодор Богданов.

Киро Глигоров не ги прифати предлозите со категоричен личен став дека ниеден од предложените кандидати не е подготвен да одговори на функцијата премиер на владата.

Сосема беше јасно дека Киро Глигоров пред се не припаѓаше на домашната политичка сцена и не беше во состојба да ги процени нивните квалитети и способности. Киро Глигоров отсуствуваше од домашната политичка сцена и немаше можност да ги познава ниту пак да ги запознае предложените кандидати.

Од тие причини ја донесе конечната одлука да не прифати ниеден од предложените кандидати од ВМРО-ДПМНЕ. Тој даде еден обичен одговор дека ниеден од нив не е соодветен за премиер на новата влада.

Ова претставуваше една голема грешка, бидејќи не се даде шанса на ниеден кандидат од ВМРО-ДПМНЕ да застане на премиерската функција.Со ова започна првата политичка криза во Македонија, бидејќи Георгиевски немаше други кандидати да ги предложи за премиер на владата. Георгиевски немаше ниту доблест, ниту идеја за мандатар на владата да предложи некоја од трите пратенички кои успееја да влезат во првиот плуралистички состав. Како партија тие доживееја голем успех и покрај малиот број на жени пратенички, за разлика од другите политички партии кои не успееја да имаат во своите пратенички редови ниту една жена-пратеник, освен од три партии.

Ова е второто изигрување на ВМРО-ДПМНЕ од страна на другите политички партии. На некој начин уште од самиот почеток на поставување на темелите на плуралистичкиот живот започна да се истакнува влијанието и доминацијата на одредени политички функционери.

Ова значеше дека уште на самиот почеток започнаа опструкции, недоверба или несогласувања помеѓу политичките лидери во Македонија.

И покрај можноста да ја формираат првата влада како најбројна партија, ВМРО-ДПМНЕ не успеа да ја состават владата во определениот рок. Сосема беше нејасно прашањето и да се даде вистинскиот одговор дали навистина партијата ВМРО-ДПМНЕ не располагаше со капацитет на квалитетни политичари кои ќе ги завземат министерските места.Или можеби тие беа исплашени како ќе ја организираат и спроведуваат извршната власт после одвојувањето од СФРЈ. Затоа претседателот Киро Глигоров донесе одлука да се формира експертска влада како преодна влада, се до оној момент кога ќе се формира новата влада.Ова ќе биде причина ВМРО-ДПМНЕ да го врати мандатот.Со ова Македонија се соочи со уште еден сериозен проблем кога на самиот почеток на создавање на државата, политичарите не успееја да се договорат да формираат влада.Во целата оваа еуфорија, се замешал Стојан Андов кога му дал предлог на Глигоров за почеток да се формира една привремена неполитичка и експертска влада.Идејата на Стојан Андов беше прифатена на состанокот на кој присуствуваа Глигоров, Андов, Георгиевски како потпретседател на државата како и сите лидери на другите политички партии. Како прв кандидат Глигоров имал за идеја да го повика д-р Никола Узунов, професор на Економскиот факултет и да му го понуди мандатот на новата експертска влада.Професорот Узунов го одбил предлогот, затоа што се занимавал со наука, со научни проекти, си ја сакал професијата и не бил воопшто заинтересиран за политика. Следен предлог за премиер бил академикот Никола Кљусев кој веднаш го прифатил предлогот, без никакво размислување и дилеми.

На 07 март 1991 година на седницата[145] Киро Глигоров за мандатор на владата го предложил Никола Кљусев и беше избран на седницата на 20 март 1991 година[146] .

Со ова беше избрана првата влада на Република Македонија.

Со тоа треба да го запаметиме датумот 20 март 1991 година, кога беше формирана првата влада на независна и самостојна Република Македонија. Како што треба да го запаметиме датумот 16 април 1945 година, датумот на првата влада на Народна Република Македонија.

На оваа седница пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не беа задоволни со изборот на експертската влада.Од причина што не беа избрани по пат на избори и дека нема да одговорат на функцијата.

За изборот на експертската влада гласаа од вкупно 115 пратеници, 83 гласаа „за‘‘, 17 беа „против‘‘ и 3 беа „воздржани‘‘.

Првата избрана влада беше експертска и непартиска.Таа беше составена од 4 члена од МАНУ, 14 доктори на науки и магистри и 4 експерти од стопанството и општествените дејности.

---

145 https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/09sed7mart91god.pdf
146 https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/010sed20mart91god.pdf

Владата со своите активности превзеде многу работи кога се менуваше системот, пред се со воведување на новиот монетарен систем - денарот, со насочување кон изградба на пазарното стопанство. И покрај спротивставените политички страни и размислувања, тие имаа само едно заедничко размислување, а тоа е да се сочува мирот и да се создаде државата Република Македонија.

На чело на првата влада на Република Македонија беше поставен академикот Никола Кљусев (претседател), а додека академикот Блаже Ристовски, Јован Андонов и Беќир Жута беа избрани за (потпретседатели) на владата. [147]

Членовите на владата беа повеќето симпатизери и членови на ВМРО ДПМНЕ меѓу кои и Никола Кљусев, Јордан Мијалков-министер за внатрешни работи кој бил близок пријател на Кљусев, Ѓорѓи Наумов-министер за правда, академик Ѓорѓи Ефремов – министер за наука, Илија Андонов-синот на Ченто-министер без ресор, Александар Лепавцов-министер за урбанизам,Димитар Димитров за образование ,потпретседатели д-р Блаже Ристовски, Јован Андонов и Беќир Жута,министер за одбрана-Ристо Дамјановски,Илјаз Сабриу-за труд и социјална политика,Иван Ангелов-министер за земјоделство,Цветан Грозданов-министер за култура,Перко Колевски-министер за здравство,Јане Миљовски-министер без ресор,Денко Малески-министер за надворешни работи,Гоце Петрески-министер за развој, Методија Тошевски-министер за финансии, Стојан Трајановски-министер за стопанство,Мартин Треневски-министер за информации и Љубомир Фрчковски-министер без ресор,Алаедин Тоска-министер без ресор. И покрај големиот број на министерства, владата не покажа големи резултати во периодот додека траеше нивниот мандат.Владата успеа во своето 15-месечно постоење да се претстави како креатор на монетарната политика, во делот на одбранбениот систем, одвојување на војската и одбраната од ЈНА.

Според  составот на првата влада очигледно беше дека не е присутна ниту една жена на функција министер.

Според академското портфолио,Никола Кљусев, првиот премиер на владата на Република Македонија завршил економија па дури и докторирал на Белградскиот универзитет. Работел како редовен професор на Економскиот факултет и бил член на МАНУ.

На економски план, Македонија се наоѓаше во една тешка и независна положба од аспект што суровините ги снабдуваше од другите југословенски републики. Кризата која се појави помеѓу републиките, како дополнителен проблем за Македонија претставуваше недостиг на уплатите на средствата на која и следуваа. На тој начин уште повеќе се продлабочи големата економска криза со недостаток на пари во Македонија.Пред се државата немаше  средства за да може да се снабдува со нафтени деривати.Не можеше да ги обезбеди  лековите и  најосновните прехранбени производи, застана увозот и извозот на производи и стоки.Како најголем предизвик на владата претставуваше воведувањето на новиот монетарен систем.

Од тие причини ја подготвуваа новата македонска валута за да се стави крај на употребата на југословенскиот динар во  периодот на инфлацијата.

---

[147] https://www.makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=40153

На 26 април 1992 година  воведена е македонската валута - македонскиот денар, кога се донесе Законот за паричната единица на Република Македонија[148] и Законот за употреба на паричната единица на Република Македонија.

Со ова се заокружи монетарната независност на Република Македонија.[149]

Владата веднаш се зафати со разрешување на клучните проблеми во конституирањето на суверенoста и независноста на македонската држава.

Започна процесот на осамостојување на државата со повлекување на југословенската армија и мирното раздружување,меѓународното признавање, заштитата на територијалниот интегритет и безбедноста.Ги превзеде приоритетните мерки за обезбедување на економскиот и социјалниот мир во државата.

Меѓу првите одлуки на Владата беше одлуката за повлекување на македонските војници од југословенската армија и формирање на македонската војска. Новоизбраната влада ја имаше најтешката задача уште на почетокот на своето формирање,со поставување на повеќе задачи како што се: организирање на референдум, воведување на сопствена монетарна политика, антиинфлациска политика и донесување на многу закони од сите области.

Експертската влада доби негативна оценка и големи критики поради тоа што не превзеде ништо за време на своето постоење, затоа што со неа управуваше и манипулираше еден човечки фактор. Пред се, експертската влада беше  формирана вон партиите во Македонија, немајќи никаква одговорност пред некого и од тие причини се појави еден голем хаос во државата. Кога ќе се направи анализа на краткото постоење и работење на експертската влада ќе се донесе заклучок дека таа не работеше ништо корисно за државата и за народот.Не успеа да и помогне на заостанатата и осиромашена економија, не обврнуваше доволно време да му помогне на работникот да излезе од кризата. Не направи ништо за да се стопира затворањето на многу фабрики, приватни фирми кои должеа плати и придонеси.

Една од главните грешки на експертската влада претставуваше чинот што не постави свои заменици министри, а по се изгледа така најмногу им одговораше за да нема кадровски промени и да не напредува државата.

Владата не успеа уште од самиот почеток да подготви еден акционен и оперативен план на активности во предлагање и спроведување на закони  како би можеле на тој начин да и овозможи на Македонија напредок и просперитет.

Наместо министрите од експертската влада да се потрудат околу донесување и спроведување на економската програма за заштита, тие ја прифатија програмата на Анте Марковиќ, ја штитеа и ја поддржуваа економијата на Србија.Тоа беа тешки моменти за Македонците, нанесувајќи им големи последици,со неможност да си ги подигнат парите од југословенските банки и никогаш не успееја да си ги повлечат.

---

[148] *Службен весник на Република Македонија* бр. 26/1992
[149] https://www.youtube.com/watch?v=GQnl5vRzb1w

Наместо да се фокусира во предлози на закони од областа на економијата, Македонија се доведе во уште потешка финансиска состојба. Јасно беше дека тие ја поддржуваат економската политика на Југославија, а од друга страна пак не го прифаќаа предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за воведување на македонската валута. И покрај недоволното искуство, промените ги започна експертската влада преку воведување на независниот и самостоен монетарен систем. Пред да ги постави темелите на монетарниот систем, Македонија го користеше југословенскиот монетарен систем и уште од многу поодамна беше вовлечена во инфлација, пораст на цените и општа економска криза. Во текот на првиот владин мандат забележан е шверц со гориво за Косово и Србија, шверц со дрога, оружје и криминал.

Сосема јасен и точен е ставот на Љупчо Георгиевски дека македонското комунистичко раководство од сите други беше најпослушно и маргинализирано. Сите после Ченто, беа големи послушници само за да ја задржат власта во своите раце и гледаа само за себе, а за Македонија не направија ништо корисно и полезно. Средствата за јавно информирање не можеа да ја извршуваат својата работа и функција, бидејќи беа ставени во монополска состојба.

Летото, поточно на 07 јули 1992 година Собранието изгласа недоверба на експертската влада на Кљусев, поради недоволната ефикасност и постигнатите слаби резултати. Мандатот беше понуден најпрвин на Љубчо Георгиевски, потоа на Петар Гошев од СДСМ кои го вратија, а потоа на Бранко Црвенковски кој беше претседател на СДСМ и тој формираше влада.

Тоа значеше дека уште од самиот почеток на поставување на извршната власт пропадна првата експертска влада.

А додека пак за втората влада после понудениот мандат на двајцата мандатори, СДСМ успеа да ја формира втората македонска влада.

Втората македонска влада започна да функционира на 05 септември 1992 година, се до следните парламентарни избори во 1994 година.[150]

За премиер беше поставен Бранко Црвенковски, потпретседатели на Владата беа назначени: Стево Црвенковски, Бекир Жута и Јован Андонов. На чело на одбраната беше поставен Владо Поповски, Љубомир Фрчковски продолжи со МВР, Туше Гошев министер на правосудството и управата, Денко Малески за надворешни работи, Џевдат Хајредини за финансии, Петруш Стефанов за стопанство,Софија Тодорова за развој, Антони Пешев за урбанизам, градежништво,сообраќај и екологија, Ефтим Анчев за земјоделство, шумарство и водостопанство, Илијаз Сабриу за труд и социјална политика, Димитар Бајалџиев за образование и физичка култура, Аслан Селмани за наука, за култура – Ѓунер Исмаил, за здравство – Јован Тофовски и четири министери без ресор: Јане Миљовски, Љубе Трпески, Гордана Силјановска и Сервет Авзиу.

Ова е првата влада во Република Македонија каде за првпат имаше присуство на две жени во извршната власт.

[150]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%92%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B0_%D0%BD%D0%B0_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%BE%D0%B4_1992

Во времето на ова двегодишно владеење на владата на СДСМ беа донесени неколку закони меѓу кои најважни беа Законот за знамето и химната; Законот за државјанство; Законот за лична карта; Законот за премин на државната граница и движењето во граничниот појас; Законот за движење и престој на странци; Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија итн.

Со овие донесени закони се регулираа личните документи на граѓаните како и престојот на странските државјани во нашата држава.
Како еден од многуте важни донесени закони претставуваше законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал кој се претвори во приватна сопственост.

Според тогашните политичари кои беа вклучени во афирмација на политичкиот живот и развојот на економијата во Македонија, како што беа Петар Гошев, Љупчо Георгиевски и други активни политичари јасно и прецизно го искажаа својот став дека законот за приватизација на фирмите во иднина ќе се покаже мошне штетен за системот,а особено за работниците кој ќе придонесе да се зголеми бројот на невработените и да се затвараат многу фирми и фабрики.

А оние фирми кои се откупуваа за малку парични средства од страна на актуелните политичари се замешаа и во приватизацијата и во транзицијата на македонската држава. На овој начин политиката се замеша во креирање на економијата во Република Македонија. [151]

Уште на самиот почеток на работата, првата експертска влада не ја изврши успешно својата активност како претставник на  извршната власт. Единствено што 20 март 1991 година е забележан како датум на избор на првата влада на Република Македонија во историјата на  македонскиот парламентаризам во најновиот период.[152]

Додека пак поуспешна се претстави втората влада која успеа за краток временски период да донесе многу закони од повеќе области.

### 2.6. Декларација за независност на Република Македонија

Како еден од првите документи со историска важност за Македонија престставува Декларацијата за независност на Македонија усвоена од страна на Собранието на 25 јануари 1991 година.

Со тоа започнува процесот на независност на македонската држава. Оваа декларација ја претстави Македонија како подготвена држава на мирно раздружување и прифаќање на мирен начин за одделување од СФРЈ за да создаде своја држава.

За оваа декларација едногласно гласаа сите 120 пратеници  со „за‘‘ правото на самоопределување и отцепување. Со ова се покажа дека сите 120 пратеници потврдно изгласаа за независна и самостојна македонска држава.Се  отвори патот кон идното уредување на Македонија,суверeноста на СРМ, независноста, територијалниот

---

[151] https://www.youtube.com/watch?v=Bf7Ms8n0Y9U&feature=youtu.be
[152] *Службен весник на Република Македонија* бр.12/ 1991

интегритет, правото на македонскиот народ на самоопределување како и правото на отцепување.[153]

За донесувањето на Декларацијата за сувереност се повикаа на членот 318 од Уставот на СРМ [154] и во согласност со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Според членот 318 од Уставот на СРМ, Собранието може да донесе одлуки, декларации и резолуции.

Декларацијата за сувереност е мошне значаен документ кој се донесе уште на самиот почеток на создавање на суверена, самостојна и независна Македонија.

Според содржината на Декларацијата, Република Македонија самостојно одлучува за идните односи со државите и другите народи во Југославија, во согласност со своите интереси по мирен и демократски пат.

Според изјавите на Киро Глигоров, предлогот за Декларацијата за сувереност на Македонија ја дадоа пратениците на ВМРО ДПМНЕ.

Претходно за неа се дискутираше во Комисијата за уставни прашања и усвоена е од страна на пратениците на собраниската седница на 25 јануари 1991 година.[155]

Како предлог беше поднесена многу порано, уште кога се конституираше Собранието, од страна на ВМРО-ДПМНЕ.Оваа идеја ја образложија во нивната политичка програма. Постоеја многу недостатоци за да се донесе во вистинско и брзо време, пред се поради неизбраната влада, недостаток на претседател на државата и други државни функционери. Мошне конструктивно и добар потег беше направен со одржување на средбата на делегациите на СРСМ и ВМРО-ДПМНЕ на 24 декември 1990 година.

Од страната на ВМРО-ДПМНЕ учествуваа Љубчо Георгиевски, Борис Змејковски, Тодор Богданов и Драги Арсов, а од страната на СРСМ учествуваа Стојан Андов, Ристо Иванов, Стево Црвенковски и Зоран Крстевски. На средбата Љубчо Георгиевски пред сите присутни ја произнесе идејата за донесување на Декларацијата за сувереност на Македонија.

Така на седницата на 09 јануари 1991 година, пратеникот Ламбе Арнаудов од ВМРО-ДПМНЕ даде предлог да се донесе Декларацијата за сувереност на Македонија.[156] Меѓутоа, два дена подоцна, односно на 11 јануари 1991 година претседателот Стојан Андов донесе заклучок да се задолжи Комисијата за уставни прашања да ги подготви документите: Декларацијата за сувереност и Платформата за разговорите за иднината на Југославија.

За овие активности беа формирани две работни групи:

- Првата работна група имаше за задача да го изготви Нацрт текстот за Декларацијата за сувереност и за ова беше задолжен Драги Арсов, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ и

[153] *Службен весник на Република Македонија* бр.5/1991
[154] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија* бр.7/ 1974
[155] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/04sednica25jan91god0.pdf
[156] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/1sednica8jan910.pdf

- Втората работна група да го изготви текстот за Платформата за која беше задолжен Тито Петковски од СКМ-ПДП

Идејата за донесување на Декларацијата беше позитивно прифатена, бидејќи овој документ има државен карактер. Против него беше Сојузниот извршен совет со поднесување на барање до Уставниот суд на СФРЈ за да се утврди нејзината уставност. Според законите на СФРЈ, заклучено е дека Декларацијата претставува обид за создавање на нова суверена држава на територијата на СФРЈ и го сметаа за незаконски. Пред се сојузната влада го направи чекорот од Уставниот суд за да ја поништи Декларацијата која е сосема спротивна од Уставот на СФРЈ.

За Декларацијата претходно се расправаше во Комисијата за уставни прашања.

Откако заврши дискусијата во Комисијата, таа продолжи на собраниската седница на 25 јануари 1991 година. На неа се дискутираше за предлозите на двата документа од двете работни групи.Со воведен збор се обрати спикерот Стојан Андов пред присутните пратеници. По долга и бурна расправа беше усвоена Декларацијата.

За Платформата имаше забелешки со што беше задолжена Комисијата за уставни прашања да го среди текстот.

Најважно и најзначајно е  пратениците од првиот парламентарен состав едногласно го изгласаа првиот документ од нивните пратенички клупи. Со ова  се одбележа  првиот донесен документ кој ја прокламира сувереноста на Македонија и можноста за конституирање на независна и самостојна македонска држава.

Така во членот 1 се вели: „Со оваа Декларација се изразува сувереноста на Социјалистичка Република Македонија во согласност со уставните определби за независност и територијалниот интегритет на македонската држава, како и правото на народот за самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување".

Со ова се изразува волјата на македонскиот народ.

Со Декларацијата се предвидува системот да се темели врз основа на Уставот на СРМ се до оној момент додека не се донесе нов Устав. Декларацијата  претставува основа за донесување на првиот демократски Устав на Македонија.

Мошне е јасно дека за Декларацијата гласаа сите 120 пратеници и ова е речиси меѓу првите документи за кои гласаа сите пратеници во законодавниот дом.

Декларацијата се состои од 4 члена, изразувајќи ја сувереноста на СРМ, согласно уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, со право за самоопределување и правото на отцепување.

Со овој документ се потврдува ставот на Македонија како суверена и самостојна држава потребно е да ги решава идните односи со другите држави на другите народи на Југославија.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија врз основа на член 318 од Уставот на СРМ, а во согласност со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, на седницата одржана на 25 јануари 1991 година, донесе

Д Е К Л А Р А Ц И Ј А

за сувереност на Социјалистичка Република Македонија

Член 1

Со оваа декларација се изразува суверенoста на Социјалистичка Република Македонија согласно со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.

Како анализа на Декларацијата, на самиот почеток во член 1 констатирано е дека граѓаните ја изразија својата волја и својот глас го дадоа за Република Македонија за да се конституира како суверена и самостојна држава со право да стапи во иден сојуз на суверени држави во Југославија. Во членот 1, став 2 потенцирано е дека граѓаните на демократски начин испишаа нова страница за заокружување на самостојноста и сувереноста на Република Македонија како држава.

Член 2 го објаснува својот меѓународно-правен субјективитет кој ќе го заснова врз почитување на меѓународните норми за односите меѓу државите и врз принципите на почитување на територијалниот интегритет и суверенитетот,немешање во внатрешните работи, меѓусебно почитување, доверба и развој на сестраната соработка со сите земји и народи.

Во членот 3 искажана е определбата за добрососедство, соработка со европските и другите земји, меѓународни организации и групации.

Со овој документ прикажана е заинтересираноста да се вклучат во процесот за билатерална и мултилатерална соработка со Европа и регионот.

Во членот 4 изразен е ставот дека не е заинтересирана за територијални претензии кон соседните земји, и дека решително ќе се спротивставува доколку биде загрозен сопствениот територијален интегритет и суверенитет. Македонија се залага за решавање на проблемите по мирен пат и по пат на преговори.

Во членот 5 опфатена е грижата за положбата на деловите од македонскиот народ во соседните земји.

Во членот 6 истакната е свесноста на Република Македонија за местото и одговорноста како фактор на мирот и безбедноста на овој простор со намера да се изгради како модерна и демократска држава.

Декларацијата го изразува демократскиот став и процесот на осамостојување на Република Македонија. Како важен државотворен акт ја изразува меѓународната правна политика на Македонија, вклучувајќи ги идните односи со соседните земји.

По нејзиното донесување, Декларацијата се наоѓаше во просториите на Собранието, односно во Спомен собата на АСНОМ.

По повод 60 години од одржувањето на АСНОМ, на свечен чин во присуство на воената гарда и претседателот на државата Ѓорѓи Иванов беше пренесена и до ден денес Декларацијата за сувереност се наоѓа во Музејот на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим, кој претставува важен историски документ во македонската историја и македонскиот парламентаризам.

### 2.7. Референдум во Република Македонија

За да се одвои на мирен начин од југословенската федерација Македонија реши да го направи тоа преку спроведување на референдум за осамостојување.

Најпрвин се гласаше за Одлуката, па потоа претседателот на Собранието и предложи на Уставната комисија да го подготви прогласот за да биде потпишан од сите партии и да се повика населението на Македонија да гласа на референдумот.

На 06 август 1991 година на собраниската седница се одлучуваше за прашањето за спроведување на референдум во Македонија. На седницата Киро Глигоров се изјасни дека референдумот е историска одлука, историски и демократски чин кога народот ќе се изјасни дали сака своја сопствена држава или да стапи во сојуз на суверени држави.[157]

Народот сам ќе одлучи и ќе реши за својата судбина. Дискусијата ја продолжи независниот пратеник Тодор Петров кој го постави прашањето што ќе се случи доколку не успее референдумот. Македонија ќе претставува обично подрачје, а народ кој не сака држава ќе биде народ кој не постои и ќе се зголемат аспирациите на соседите.

На седницата се јавија за збор многу пратеници меѓу кои и Абдурахман Алити од ПДП кој смета дека со референдумот Македонија ќе претставува демократска заедница на рамноправни граѓани и Албанците ќе гласаат на референдумот.

Донесена е одлуката од Уставната комисија да се подготви прогласот потпишана од сите партии и да се повика населението во Македонија да излезе на референдум.

На полноќ беше донесена Одлука за распишување на референдумот во кое стоеше прашањето:

***„Дали сте за суверена држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија?“***

[157] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/20sednica4prod6avg91godi.pdf

Според одлуката за распишување на референдум во членот 2 предвидено е граѓаните да се изјаснат за прашањето: *„Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија“?,* со право на заокружување на една од двете опции, „За“ или „Против“.

Во членот 3 утврден е датумот за одржување на референдумот, 8 септември 1991 година.

Во членот 4 предвидено е референдумот да се спроведе на начин и постапка утврдени со Законот за републички референдум, а во членот 5 се предвидува дека референдумот ќе го спроведе Републичката комисија. [158]

Откако се донесе одлуката, Собранието испрати Проглас до народот со кој се повикуваат граѓаните да го поддржат референдумот.[159]

Единствени кои се откажаа од прогласот, кои не го потпишаа и одобрија беа албанските партии.[160]

Пред одржување на референдумот беа потребни подготовки. Недостасуваше Законот за референдум за кој пратениците требаше да дискутираат на собраниска седница.[161]

На првото продолжение на 21-та седница одржана на 23 август 1991 година пратениците требаше да го донесат законот за изменување и дополнување на Законот за републички референдум со Предлог на закон.[162]

На прашањето за референдумот во Македонија, двете големи политички партии имаа различни размислувања.

ВМРО-ДПМНЕ го зазема ставот дека во Собранието треба да се донесе Декларација за самостојност на Македонија, додека пак СДСМ беше против овој предлог. За референдумот поддршка му дадоа ВМРО-ДПМНЕ и владата на Кљусев, додека СДСМ и реформските сили не се вклучија во кампањата за референдумот.

Албанците го бојкотираа референдумот, упатувајќи отворен апел до сите Албанци да не учествуваат на референдумот. Во тие моменти референдумот се одложуваше од страна на СДСМ поради сеуште постоечката верба дали ќе преживее или ќе се распадне СФРЈ.

Ова мошне јасно покажа дека СДСМ е определена за сочувување на СФРЈ и од тие причини референдумот се одржа со задоцнување. Постојат сознанија дека Киро Глигоров учествувал во формулирање на референдумското прашање: „Дали сте за

---

[158] Службен весник на Република Македонија бр.37/ 1991

[159] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A0%D0%B5%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D1%83%D0%BC_%D0%B2%D0%BE_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0_(1991)#/media/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:%D0%A0%D0%B5%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D1%83%D0%BC_1991_%D0%BF%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%B0.jpg

[160] Георгиевски С., Додевски С., Документи за Република Македонија 1990-2005, Правен Факултет „Јустинијан Први“, Скопје: 2008, стр. 151-152

[161] Службен весник на Република Македонија бр. 40/ 1991

[162] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/21sednica1prod23avg91god.pdf

суверена и независна држава во Македонија, со право на влез во иден сојуз на суверени држави ?‘‘

На 08 септември 1991 година се одржа Референдумот на кој во 34 општини во 2.658 гласачки места, граѓаните се изјаснија за самостојна и суверена држава Македонија. На прашањето кое стоеше на гласачкото ливче : **Дали сте за самостојна и суверена држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија?**

Народот требаше да го искаже својот став и определба.

Според официјалните податоци, од 1.495.807 гласачи на гласање излегле 1.132.981 граѓанин со право на глас или 75.74 проценти, а од вкупниот број граѓани кои гласале на Референдумот позитивно се изјасниле 1.079.308 граѓани, односно 95,26 проценти (72,16 % од вкупниот број на граѓани со право на глас), „против‘‘ гласале 39.639 гласачи или 2,65 проценти, а неважечки ливчиња имало од 13.648 гласачи или 0,91 проценти.[163]

Според тоа, Републичката комисија за спроведување на референдумот го подготви и го поднесе извештајот со конечните податоци на гласање на референдумот од 8 септември 1991 година.

Бројките сосема јасно покажуваат дека не присуствувал албанскиот електорат кои бојкотираа изразувајќи го својот став и револт дека тие се против создавање на самостојна македонска држава.Референдумот заврши успешно, без никакви забелешки, примедби, приговори, жалби за текот на референдумот. Бројот на гласачите кои дадоа потврден глас за Референдумот го изразија својот став дека тие се за своја сопствена суверена и независна држава.

По завршување на гласањето, на плоштадот Јосип Броз Тито, денес познат како плоштад Македонија, вечерта на 08 септември 1991 година беа соопштени резултатите од страна на претседателот на Референдумската комисија, дека граѓаните се изјаснија за независна и суверена држава.[164]

Веднаш потоа, Киро Глигоров првиот претседател на Македонија се обрати со зборовите : ***„Граѓани и граѓанки на Македонија, дозволете вечерва на вас и на сите граѓани и граѓанки на Македонија, да ви ја честитам суверена и независна Република Македонија".***[165]

На градскиот плоштад народот излезе со музика, знамиња, транспаренти : „Да живее независна Република Македонија“; „Да живее слободна самостојна Република Македонија“ и заедно со државниот врв го прославија денот на независноста на Република Македонија. На плоштадот присуствуваа претседателот на државата и членовите на Владата и свечено беше отворено шампањско. Од лидерите на партиите застапени во Парламентот беше присутен само лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, а

[163] https://old.sec.mk/star/arhiva/1990_Referendum/Izvestaj_za_sproveden_referendum_1990.pdf
[164] https://www.youtube.com/watch?v=O1HPQv9dBKk
[165] https://youtu.be/yq21R_o6MeU

Претседателот на Собранието, Стојан Андов забележан е на јужната граница на пат за Солун.



**По референдумот, прослава на плоштадот**

Осми септември е прогласен за државен празник на Република Македонија, кој се празнува секоја година преку разни културно-музички манифестации и се одбележува роденденот на нашата држава.[166]

Покрај тоа, претседателот на државата  го доделува Орденот „8 СЕПТЕМВРИ", организира разни свечености заедно со владата за да се одбележи овој голем празник. Ова претставува нов датум во историјата на парламентаризмот на македонскиот народ. На овој начин се создаде новата македонска држава која претставува нов субјект на меѓународната сцена.

Референдумот е прогласен за успешен и претставува  уште еден чекор на отцепување на Македонија од СФРЈ и рушење на југословенската заедница. На најдемократски начин преку референдумот народот ја изрази сопствената волја и желба дека се заинтересирани за создавање на своја сопствена држава изградена на демократски, самоуверени и слободарски принципи.

Собранието на 17 септември 1991 година ја донесе Декларацијата, веднаш после девет дена од одржување на референдумот.

Декларацијата пред се ги потврди референдумските резултати за конституирање на Република Македонија како суверена и самостојна држава.[167]

Забележано е дека граѓаните на Република Македонија на демократски начин ја испишаа страницата на македонската многу вековна историја со заокружување на самостојноста и сувереноста на Република Македонија како држава.

Всушност, Декларацијата претставува формална одлука на Собранието на Република Македонија за конституирање на Република Македонија како суверена и самостојна држава, со тоа што на референдумот беше изразена волјата на граѓаните.

Според Декларацијата, Република Македонија треба да води успешна надворешна политика за да добие меѓународно признание. Потребно е да ги почитува односите со

---

[166] https://upload.wikimedia.org/wikipedia/mk/d/d9/%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%B0_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D0%A0%D0%B5%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D1%83%D0%BC%D0%BE%D1%82_%D0%B7%D0%B0_%D0%BD%D0%B5%D0%B7%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D1%81%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.jpg

[167] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/23sednica17sep91godi.pdf

соседните земји и меѓународните односи воопшто и да ги почитува документите на ООН, на КЕБС и на Париската повелба.

Македонија го изрази својот став дека нема да се меша во внатрешните работи на другите држави, и ќе бара да се почитуваат правата и слободата на Македонците кои живеат во соседните земји, а се третираат како национални малцинства.

И на крајот од Декларацијата потенцирано е дека Република Македонија ќе се гради како модерна и демократска држава, ќе се грижи за мир и безбедност во регионот. [168]

Декларацијата за сувереност на СРМ претставува важен акт според кој се изразува сувереноста на СРМ, согласно уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ за самоопределување и правото на отцепување.

После тоа следуваше времето на донесување на новиот Устав за да се определи општественото уредување и идните државни симболи на Република Македонија.

### 2.8. Донесување на првиот Устав на Република Македонија

Откако се донесе Декларацијата за сувереност, Собранието требаше да размислува за донесување на Устав и тоа да претставува примарна и основна задача на Собранието. Можеби пратениците требаше да го донесат Уставот веднаш по Конститутивната седница и изборот на претседателот на државата.

Матичното работно тело, односно Комисијата за уставни прашања на третата седница одржана на 27 февруари 1991 година донесе одлука да започнат подготовките околу донесувањето на Уставот.

Се појави големо прашање кој ќе го предложи предлогот за новиот Устав. Поради недостаток на доволен број на потписи од пратеници од сите партии, владата не можеше да ја игра главната улога како предлагач на Уставот.

Остана само претседателот на државата Киро Глигоров да го поднесе предлогот за Уставот.Во тој период претседателот беше зафатен со многу работни обврски, почнувајќи од составување на владата, интензивни и бројни состаноци со претседателите на другите југословенски претседатели околу решавање на југословенското прашање. Активностите на претседателот Глигоров траеја два месеци кои не му дозволија да се фокусира на предлог Уставот. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше прва која го подготви предлогот за Устав и поднесен до Собрание на разгледување.

На 06 мај 1991 година претседателот Киро Глигоров достави предлог за пристап кон измена на Уставот на СРМ за да се донесе нов Устав на Република Македонија. Истиот ден пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе предлог за измена. Но, поради навреме поднесениот предлог Устав од страна на претседателот, предлогот од ВМРО-ДПМНЕ требаше да биде повлечен.

[168] Службен весник на Република Македонија, бр.42/1991

Предлогот за Устав од страна на претседателот на државата беше доставен врз основа на амандман LXXIX, точка 1, став 1 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија. Предлогот се состоеше од вовед и основни насоки како да се подготви текстот на новиот Устав.

Воведот содржи податоци за најважните историски факти, за континуитетот на создавањето и афирмацијата на македонската држава. Особено се истакнува „неговата вековна борба за национална и социјална слобода за создавање на своја држава, а посебно од државно-правните традиции на Крушевската Република и историските одлуки на АСНОМ како и државно-правните темели на македонската држава во рамките на југословенската федерација.‘‘

Уставот претставува важен историски чин за да се потврди создавањето на македонската држава како суверена, демократска и правна држава,со засновање на суверенитетот на македонскиот народ и граѓаните на Македонија, владеење на правото, социјалната правда и еднаквоста на сите кои живеат во Македонија.

Предлогот е поделен на пет дела :

1. Во првиот дел истакнато е дека „Република Македонија претставува суверена држава на македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во неа. Македонија потребно е да ја сочува својата сувереност, особено во преодниот период кога се одвојува од СФРЈ и кога власта треба да ја насочи на својата територија меѓу своето население, за да обезбеди одбрана и развој на меѓународните односи. Македонија својата сувереност ја обезбеди уште како федеративна република во рамките на СФРЈ и во овој дел беа опфатени разговорите кои се однесуваа за иднината на југословенската заедница.
2. Вториот дел ги опфаќа основните принципи за конституирање на власта: демократијата, владеењето на правото, непосредните избори во услови на политички плурализам. Новиот Устав треба да ги опфати основните човекови слободи и права, нивната заштита, како основа на политичкиот систем на парламентарната демократија. Уставот како највисок законодавен акт, треба да ги гарантира правата на сите националности, национални малцинства и етничките групи. Опфатени се највисоките стандарди на меѓународното право, од европските и светските искуства.
3. Во третиот дел од Предлогот ја содржи поделбата на целокупната власт на законодавна, извршна и судска. Преку Уставот потребно е да се направи политички избор на моделот на парламентарниот демократски систем.
4. Во четвртиот дел со Уставот треба да се обезбеди слобода и еднаква правна заштита на сите видови сопственост, пазарот и социјалните функции на државата.
5. Петтиот дел содржи дека со Уставот треба да се поставаат основите на правото на граѓаните на локална самоуправа.

Ова беше предлогот на претседателот на државата, да се опфатат принципите на новиот политички, економски и правен систем, слободите и правата на човекот и граѓанинот, правата на националностите, организацијата на државната власт и други прашања. Предлогот треба да ја донесе измената на Уставот на СРМ и да се донесе нов Устав на Република Македонија.

На 9 и 10 мај 1991 година се одржа 13-та седница кога беа донесени заклучоците за политичко-безбедносната состојба во земјата и во републиката.[169]

Веќе на 18 мај 1991 година на следната седница беа донесени заклучоци за политичката криза во СФРЈ.[170]

Според заклучоците, Собранието и другите државни органи треба да се ангажираат да донесат нов Устав.

На 17-та седница одржана на 15 јуни 1991 година,Собранието расправаше по Платформата на претседателот на државата Киро Глигоров и претседателот на Претседателството на Босна и Херцеговина Алија Изитбеговиќ, за идната југословенска заедница и беше усвоен заклучокот:

1.Собранието ја поддржува Платформата како основен документ и ќе ги продолжи разговорите за заеднички и идни решенија за идното уредување на СФРЈ како Сојуз на југословенските републики и ќе придонесе за иден развој на сите југословенски републики.

**Работата на Комисијата за уставни прашања**

Со донесената собраниска одлука[171]се утврди составот и бројот на Комисијата за уставни прашања, како матично работно тело. Таа беше составена од претседател и 28 члена (17 пратеници и 11 научни и стручни работници од областа на правото). Претседател на комисијата беше Стојан Андов, членови од ВМРО ДПМНЕ: Драги Арсов, Томе Стефковски, Ацо Спировски, Драги Гроздановски, од СКМ-Партија за демократска преобразба: Петар Гошев, Тито Петковски, Наќе Стојановски, Славјанка Стојанова, од Партија за демократски просперитет во Македонија:Абдурахман Халити, Насер Зибери, Зуди Емини, од Сојузот на реформските сили на Македонија: Зоран Крстевски, Панче Насев, од Социјалистичка партија на Македонија - Киро Поповски, од Странка на Југословени – Ристо Стаменов и Евтим Манев како независен пратеник. Со собраниската одлука се утврди составот на Комисијата од научни и стручни работници од областа на правото :[172]

1. Ѓорѓи Наумов – заменик обвинител на Македонија,

2. Пандил Костурски – претседател на Советот на синдикатите на општина Центар,

3. Коле Мангов – судија на Окружниот стопански суд – Скопје,

4. Милош Симоновски – претседател на Окружниот стопански суд- Скопје,

5. Димитар Мирчев- научен советник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања,

6. Гордана Силјановска – Давковска – асистент на Правниот факултет во Скопје,

---

[169] Службен весник на Социјалистичка Република Македонија бр. 21/1991
[170] Службен весник на Социјалистичка Република Македонија бр.22/1991
[171] Службен весник на Социјалистичка Република Македонија бр.3/1991
[172] Службен весник на Социјалистичка Република Македонија бр.5 /1991

7. Беќир Жута – вицегувернер на Народна банка на Македонија

8. Митхад Емини – секретар на Партијата за демократски просперитет на Македонија

9. Љубомир Фрчковски – доцент на Правниот факултет во Скопје,

10. Димитар Бајалџиев – вонреден професор на Правниот факултет во Скопје и

11. Владо Поповски – вонреден професор на Правниот факултет во Скопје[173]

Според списокот, како членови во Комисијата беа вклучени само две жени, едната беше пратеничка, а другата од Правниот факултет.

Постоеше големо незадоволство од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ поради неприфаќање на нивниот уставен предлог, а се прифати предлогот на Киро Глигоров. Од тие причини тие поставија прашање до Комисијата за уставни прашања. Се водеше долга и тензична расправа, и на крајот се донесе конечна одлука предлогот на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да се повлече од страна на нивниот координатор.

Беше донесена заедничката одлука да се прифати предлогот на Киро Глигоров за да се олесни и забрза постапката на донесувањето на Уставот. На ова се сложија и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Комисијата имаше за задача да го подготви текстот на нацртот на новиот Устав со формирање на работни групи составени од членови од Комисијата, од владата и од познати стручни и научни работници.

Работните групи треба да се поделат според областите на политичкиот систем, економскиот систем,меѓународните односи,слободите и правата на човекот и граѓанинот.Поднесен е предлог, работниот текст да биде подготвен од страна на Правниот факултет во Скопје како највисока научна институција. Собранието ја задолжи Комисијата да го определи рокот кога да се заврши предлогот на Уставот се до неговото донесување.

Глигоров ја поднесе иницијативата да се одржи јавна расправа на која ќе учествуваат академици,научни и стручни работници од областа на правото и економијата, предложени од страна на МАНУ и Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј‘‘ во Скопје.

Според дадените инструкции,новиот Устав треба да биде краток,јасен и реален. Владата имаше поинаков став за новиот Устав кој треба да се донесе за современа држава со парламентарна демократија со заштита на човековите и граѓанските права. Владата имаше свое мислење за промена на терминот ,,народност‘‘ во терминот ,,национално малцинство и припадници на национално малцинство‘‘.

Потоа, да се тргне терминот ,,мултикултурно општество‘‘ за да може Македонија да претставува држава која ќе ги почитува правата на националните малцинства и етничките групи во областа на културата, опфаќајќи ги највисоките стандарди на меѓународното право, европските и светските искуства.

[173] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје : 2013 стр. 30

Покрај Уставот, истовремено требаше да се донесат предлози за идните симболи на државата.

Предлогот за Устав, беше разгледуван од страна на 16 работни тела на Собранието давајќи му поддршка, за да  биде Уставот современ, изградувајќи ја парламентарната демократија и почитување на правата на човекот и граѓанинот.

Но, оваа содржина не ја прифатија пратениците од албанските партии кои сметаа дека Република Македонија треба да претставува држава на сите граѓани во Република Македонија.

**Собраниска седница за предлог на Уставот (23 мај 1991 година)**

На 15-та собраниска седница  на 23 мај 1991 година, се обрати претседателот Глигоров до пратениците, со образложение за предлогот на Уставот.

Во говорот се истакна дека со донесувањето на Уставот ќе заврши долгиот историски процес за создавање на суверена македонска држава.[174]

Уставот треба да претставува основен документ, темел на политичкиот систем и парламентарната демократија, да се засноваат државните и политичките институции. Да се гарантираат поединечните и колективните права на граѓаните, сожителство на сите кои живеат во Македонија, без оглед на националноста, културата и верата. Во новиот Устав да не се вметнуваат различни идеологии,партиски размислувања и политички согледувања. [175]

Со донесување на Уставот ќе се почитуваат и применуваат законите од страна на сите граѓани на Република Македонија.Според говорот на Киро Глигоров со донесувањето на новиот Устав,ќе завладее правото,демократијата и живот во демократски дух. [176]

Во дискусијата се пријавија и учествуваа вкупно 26 дискутанти од кои 18 пратеници од различни пратенички групи и 8 од поканетите гости, претседатели или претставници на одделни политички партии.Предлог Уставот доби поддршка од сите присутни дискутанти, пратеници, гости со еден заеднички став да се донесе новиот Устав во Македонија.

За текстот предлог на Уставот се појавија различни размислувања. Едно од нив беше дека Уставот ќе претставува единствен носител на суверенитетот на македонскиот народ и дека на сите граѓани ќе им бидат гарантирани слободите и правата според меѓународните норми и стандарди.Дискутантите од албанската припадност имаа поинаков став дека Македонија треба да биде суверена држава на сите граѓани на Македонија, Македонци, Албанци, Турци, Власи, Срби, Бошњаци.

На овој начин Македонија ќе претставува заедничка татковина на сите нејзини граѓани, рамноправни без оглед на нивната национална, верска и друга припадност. Дел од нив

[174] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/15sed23maj91god.pdf
[175] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје : 2013, стр.35
[176] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/15sed23maj91god.pdf

беа против терминот „национално малцинство". Оние кои не беа Македонци побараа да се прифатат највисоките меѓународни стандарди и искуства како би се употребиле во новиот Устав на Македонија.[177]

Врз основа на Амандманот LXXXIX точка 1, став 2 на Уставот на СРМ, Собранието со 97 гласа „за" без „против" и без „воздржани"донесе Одлука за усвојување на Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, за да се донесе нов Устав на Република Македонија.[178]

Со ова започна превземање на следниот чекор кон пристапување на измена, односно донесување на нов Устав на Република Македонија.

Во овие активности Собранието усвои и неколку заклучоци:

1.Собранието ја задолжи Комисијата за уставни прашања да подготви Текст Нацрт на новиот Устав на Република Македонија.Комисијата има задача да формира работни групи составени од пратеници, претставници од Владата, истакнати научни и стручни работници од областа на политичкиот,економскиот систем,меѓународните односи, слободите и правата на човекот и граѓанинот.

2. Комисијата да ги подготви роковите кога ќе се подготви и кога да се донесе Уставот на Република Македонија.

Со овие заклучоци да биде запознаена Комисијата за уставни прашања.

Со ова се заклучува дека претседателот на државата Киро Глигоров беше иницијатор за подготвка на новиот Устав, а целокупната активност да ја подготви и заврши Комисијата за уставни прашања.

## Нацрт на Уставот на Република Македонија

Комисијата за уставни прашања веднаш ги започна првичните активности околу утврдување на текстот на Нацртот на Уставот.Се вклучија сите членови во Комисијата, работеа деноноќно, за да се заврши за многу брзо време.

На осмата седница на Уставната комисија на 14 јуни 1991 година се утврди Оперативниот план за активности на Собранието за подготовка и донесување на новиот Устав. Потребно е претходно планот да се достави до Собранието и да биде усвоен.Оперативниот план се состои од четири фази со поделба на активностите во одреден временски период за секоја фаза со цел да се заврши до крајот на 1991 година.

Активностите започнаа со подготвување на текстот на Нацртот на Уставот. Следно требаше да се одржи јавна расправа. Веднаш потоа на собраниска седница да се утврди Нацртот на Уставот и сите овие активности да се финализираат јуни-јули.

Јавната расправа треба да се одржи во август-октомври, заклучоците да се донесат ноември-декември и да се произнесат резултатите на јавната расправа.Подготвениот

[177] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје : 2013 стр. 37

[178] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/15sed23maj91god.pdf

текст на предложениот Устав да се поднесе на расправа и таа да заврши до крајот на декември. И на крајот Собранието да го донесе и прогласи Уставот на Република Македонија. Освен Уставот, неопходно е да се донесе и усвои Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Во Оперативниот план на Комисијата за уставни прашања беше наведено дека за донесување на новиот Устав на Македонија големо влијание извршија надворешните фактори. Потребно е да се обезбеди мир, безбедност, да не се шири воениот судир во Македонија.

Дополнителен надворешен фактор претставуваше прогласувањето на независноста на првите екс ју републики Словенија и Хрватска. Сите овие наброени причини ја забрзаа постапката за донесување на Уставот уште во првата половина на ноември 1991 година со цел да се обезбеди правна заштита на државата.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ заедно со пратеникот од ВМРО-НП Владимир Голубовски поднесоа предлог за донесување на Уставен закон за да се прогласи самостојноста и независноста на државата.

Предлогот не беше ставен на дневен ред на седницата, со ова повторно се игнорираа предлозите поднесени од страна на пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО-НП. Покрај актуелната тема за донесување на Уставот, на 18-та[179], 19-та[180] и 20-та[181] седница, главна тема на дискусијата беше безбедносната состојба на Македонија и општата состојба во југословенскиот простор.

На првото продолжение од 20-та собраниска седница на 29 јули 1991 година[182] како прва точка на дневниот ред требаше да биде актуелната безбедносна политичка состојба во Република Македонија, како втора и главна точка предлогот за донесување на Уставниот закон за прогласување на самостојност и независност на Република Македонија и да се донесе Уставот.

Во текот на работата на 20-та седница, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ беа многу активни кои поднесоа Нацрт-Декларација за самостојност на Република Македонија. Таа ќе биде повлечена, а Комисијата ќе го утврдува Оперативниот план, членовите започнаа остра дискусија за начинот и методологијата за изготвување на текстот за новиот Устав. Дилемата започна уште на самиот старт, кој да го подготви првичниот текст на Уставот.

Според еден предлог потребно е да се формираат работни групи за одделни области, составена од научни и стручни работници кои ќе ги подготват парцијалните делови на уставниот текст и кој ќе го претставува интегралниот текст.

Потоа треба да се одржи расправа и да се утврди од страна на Комисијата за уставни прашања. Предлози беа поднесени од МАНУ, владата, Здружението за уставно право на Македонија и Здружението на правниците од Македонија кои требаа да формираат четири работни групи, но тоа не се случи.

---

179 https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/18sed24juni91god.pdf
180 https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/019sed6juli91god.pdf
181 https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/020sednica26juli91god0.pdf
182 https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/20sednica1prod29juli91god1.pdf

Според вториот предлог требаше да се формираат работни групи кои ќе работат на работниот текст, подготвени од Правниот факултет во Скопје или од страна на експертската работна владина група која имаше подготвено таков текст.

Според комисискиот заклучок треба да се достави работниот текст на Нацрт Уставот од страна на експертската владина група во вид на тези и образложение со објаснување за предложената содржина на новиот Устав.

Откако ќе се изготви работната верзија на Уставот, работните групи ќе расправаат по одделни области.Веднаш потоа да се организираат консултации со претставници од политичките партии кои не се застапени во Собранието.

А откако ќе се утврди Текстот на Нацртот на Уставот да се достави до пратениците во Собранието.[183]

Експертската владина група беше составена од:

- д-р Љубомир Фрчковски, д-р Владо Поповски, м-р Лазар Китановски и д-р Димитар Мирчев.

Меѓутоа, во работата не беа вклучени професори по уставно право кои можеа да дадат голем придонес во концептот на Нацртот на Уставот.

Ова беше една од најголемите грешки што неа беа вклучени стручни лица по уставно право кои можеа и беа подготвени со своето знаење во вистински правец да ја насочат работата и подготовката на Нацрт Уставот.

Експертската работна група донесе работен текст на Нацртот на Уставот со Преамбула и нормативен дел.

Преамбулата се состои од подолг текст составен од 5 става.

Првиот став се состои и започнува од историската генеза на македонската држава, опфаќајќи го историското заедништво на македонскиот народ со другите национални и етнички малцинства. Потоа го опфаќа историскиот развој на Македонија, почнувајќи од државно-правните традиции на Крушевската република и историските одлуки на АСНОМ.

Опфатено е времето кога Македонија претставува суверена република во Федеративна Република, а со референдумот од 8 септември 1991 година се конституира како држава на македонскиот народ со обезбедување на целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија.[184]

Истото се однесува и во основните одредби (член 2,став 1) во нормативниот текст „Република Македонија е држава на македонскиот народ и држава на сите граѓани што живеат во неа.‘‘

---

183 д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013*), Винсент графика, Скопје : 2013, стр. 40

184 Устав на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, Скопје: 2011, стр.11

Текстот ќе биде причина за појава на многу несогласувања помеѓу членовите на Комисијата за уставни прашања.

Нормативниот текст се состои од 8 оддели со вкупно 139 членови, кои се поделени на :

1. Основни одредби;
2. Основни слободи и права на човекот и граѓанинот со три точки;
3. Организација на државната власт составен од четири точки;
4. Уставен суд на Република Македонија;
5. Организација на локалната самоуправа;
6. Односи со други држави;
7. Измена на Уставот;
8. Преодни и завршни одредби

Работата продолжи со одржување на јавната расправа на 22 јули 1991 година и на неа учествуваа академици, научни и стручни работници од МАНУ и Универзитетот „ Св.Кирил и Методиј‘‘.Расправата траеше четири дена со прифаќање на предлози, сугестии и забелешки од страна на Комисијата.Измени се направија во Преамбулата во која наместо во пет, се направија измени во два става.

Првиот став го опфаќа историскиот континуитет на македонската држава,а во четирите алинеи како дел од првиот став ги опфаќаат целите што треба да се постигнат со донесување на Уставот.

Вториот став опфаќа дека Собранието е носител на Уставот, а не граѓаните како што стоеше во предлог текстот подготвен од страна на владината експертска група.

Со ваквата промена, Преамбулата добива лик и содржина како другите современи Устави.

Направени се следните измени:

- во членот 1 наместо „Македонија е демократска, правна и социјална држава‘‘, Република Македонија се дефинира како „суверена и независна, демократска и социјална држава‘‘. На овој начин беше дефиниран карактерот на државата, а не чија е државата.

Не беше прифатлив предлогот во Уставот да се вметне и точката за утврдување на државните симболи кои требаше да се уредат со Уставниот закон.

Во содржината за Собранието наместо работи во сесии, се измени дека работи во постојано заседание.Следува промена во бројката од 100.000 избирачи како предлагачи на кандидат за претседател се намали бројката на 10.000 што е реална бројка. [185]

Се намалија надлежностите на претседателот на државата, со право на именување на двајца судии на Уставниот суд и четири члена во Републичкиот судски совет, со надлежност само на двајца членови.

---

[185] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје : 2013, стр.48

Собранието ќе добие надлежност да избира судии на Уставниот суд, да разрешува судии и со тоа Собранието доби поголеми овластувања.[186]

Донесено е решение владата да ја добие надлежноста за ратификување на меѓународните договори, за разлика од другите Устави, таа надлежност ја имаше Собранието.

Беше прифатен предлогот претседателот на владата да врши измени на составот на владата, а за промената да го известува Собранието.

Направена е измена во Републичкиот судски совет, наместо да избира судии, Собранието ќе го добие правото да избира. На овој начин ќе може Собранието да се меша во судската власт.

По расправата беше донесена и прифатена одлуката Уставниот суд да се состои од седум судии, од кои тројца да се избираат од Собранието и по двајца именувани од претседателот на Републиката и Републичкиот судски совет.Одлуката ќе биде променета, со тоа што бројот ќе се зголеми на девет судии, избрани од Собранието, двајца на предлог на претседателот на државата и од Републичкиот судски совет.

За Уставниот суд прифатен беше предлогот да се одлучува за уставноста и законитоста на изборите за пратеници и за републичкиот референдум.

Измени се направија во одделот „меѓународни договори‟ да се замени со „меѓународни односи‟.

Донесен е предлог решение 30 пратеници да бидат овластени предлагачи на Уставот, а цензусот за граѓани да биде 30.000. Сите овие наброени промени во текстот беа прифатливи и подготвени да се доставaт на расправата на Комисијата за уставни прашања. Уставот е составен од Преамбула и нормативен текст.

Преамбулата е дадена во два става.

Нормативниот текст е структуиран во девет (I-IX) оддели со вкупно 137 члена. Одделите се поделени на :

1. Основни одредби
2. Основни слободи и права на човекот и граѓанинот (со три точки)
3. Основи на економските односи
4. Организација на државната власт (шест точки)
5. Локална самоуправа
6. Меѓународни односи
7. Одбрана на Републиката, воена состојба и вонредни околности
8. Измена на Уставот и
9. Преодни и завршни одредби[187]

[186] Устав на Република Македонија, Собрание на Р.М., Скопје: 2011, стр.39

[187] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје: 2013, стр. 51

На 10-та седница на Комисијата која се одржа на 8 и 9 август 1991 година се расправаше за содржината подетално.Покрај тоа, се анализираа Устави од другите земји кои имаат демократско политичко уредување.

Според Уставот власта е поделена на законодавна, извршна и судска власт.

За основните носители на власта подетално е објаснета нивната положба, функциите и кои се нивните одговорности.На 9 август 1991 година Комисијата достави до Собранието измени во Текстот на Нацртот на Уставот, претходно разгледуван од сите работни тела на Собранието.

На седницата на Комисијата за уставни прашања на 20 август 1991 година се разгледуваа извештаите на работните тела.

Работните тела донесоа завршен заклучок дека текстот е добра основа за донесување на квалитетен и модерен Устав.

**Одржување на собраниска расправа за утврдување на Нацртот на Уставот**

Собранието на 21-та седница на 22[188] и на 23[189] август 1991 година го разгледуваше Нацртот на Уставот на РМ. Воведно излагање имаше претседателот на Комисијата за уставни прашања кој беше формален предлагач на Текстот на нацртот на Уставот. Текстот е современ, либерален, граѓански, краток и јасен, прикажувајќи ја улогата и местото на граѓанинот остварувајќи го суверенитетот преку демократски избрани претставници преку референдум.

Расправата траеше два дена и во дискусијата се јавија 42 пратеници. Акцент на дискусијата се стави на три важни теми, почнувајќи од дефинирање на националните малцинства во Преамбулата, одредување на карактерот на државата и употребата на јазиците на националните малцинства.

За дискусија се јавија пратениците од ПДП и НДП кои побараа Албанците да се дефинираат како народ или дел од народ, за да бидат рамноправни со другите. Поднесоа свои предлози во Преамбулата да се наведат и другите националности кои живеат во државата. Исто така побараа да се обезбеди службена употреба на албанскиот јазик и гарантирање на сите да имаат еднакви права.

На гласањето, со 92 гласови „за‘‘ и со ниеден глас „не‘‘ и „воздржан‘‘ со акламација се прогласи Текстот на Нацртот на Уставот на Република Македонија.

Донесените заклучоци беа објавени во Службениот весник, почнувајќи од Нацрт на Уставот на Република Македонија.За ова потребно беше да се организира јавна дискусија и да се објави во весниците „Нова Македонија‘‘,Флака е влазеримит‘‘ и во „Бирлик‘‘.

Со ова се отвори можноста сите оние кои се заинтересирани да се вклучат во креирање на Нацрт Уставот и материјалите да се достават до Комисијата за уставни прашања.

Главна задача на Комисијата за уставни прашања се состоеше од следење на работата на јавната дискусија. Најдоцна 10 дена по нејзиното завршување, донесените резултати

---

[188] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/21sednica22avg92god.pdf
[189] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/21sednica1prod23avg91god.pdf

да се поднесат до работните тела на Собранието и на собраниска седница.Потоа следува подготовка на извештајот од сите расправи со краен текст на предлог на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

На седницата од 23 август 1991 година со 92 гласа „за‘‘ беше донесен Законот за изменување и дополнување на законот за републички референдум, за да може да се организира референдум за измена на границите на републиката и за влегување во сојуз со другите држави или пак да излезе од сојузот.[190]

Јавната дискусија за Нацрт на Уставот траеше 21 ден се до 21 септември 1991 година. Таа требаше после десет дена од нејзиното завршување да достави три важни документи: Извештај за резултатите од јавната дискусија до Собранието, Текст на предлогот на Уставот и Текст на предлогот на Уставниот закон за спроведување на Уставот.

**Јавна дискусија за Нацрт на Уставот**

Граѓаните беа информирани за јавната дискусија за Нацрт на Уставот преку печатените медиуми, телевизискиот медиум МРТВ и други информативни средства. Нивна задача е да ја следат работата на јавната дискусија, да доставуваат информации до граѓаните.Преку посебни емисии да се вклучат што повеќе научни и стручни соработници за да даваат предлози, решенија, сугестии и оценки за Нацртот на Уставот.Комисијата јавно апелираше да се вклучат сите општински собранија, МАНУ,државните универзитети, Уставниот суд, Стопанската комора на Македонија, стручни и научни здруженија и политички партии.

Во јавната дискусија учествуваа многу државни институции, 16 општински собранија, МАНУ, Правниот факултет, Уставниот суд на Македонија, Врховниот суд, Јавното обвинителство, Адвокатската комора на Македонија, Јавното правобранителство на Македонија, МПЦ, Стопанската комора на Македонија, Старешинството на исламската заедница, СОК, ССМ, Здружение на правници на Македонија, Сојузот на пензионери на Македонија, раководни органи на 13 политички партии, претпријатија и голем број граѓани.[191]

Јавната дискусија беше одлично организирана и спроведена. Од неа произлегоа два документи: Извештајот и Прегледот составени од предлози, мислења и сугестии. Според Извештајот прифатен е Нацрт Уставот како важен законодавен акт за уредување на државноста, суверенитетот и самостојноста на новата македонска држава. Се утврдуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот и заштита на правата на националните и етничките малцинства.

Во Преамбулата,се нагласува дека Македонија ќе претставува држава на македонскиот народ и на граѓаните кои живеат во неа, без да се набројува кој живее во неа. За употреба на јазикот, нагласено е македонскиот јазик да биде службен јазик, дури и со предлог за паралелна употреба на јазиците.

---

[190] *Службен весник на Република Македонија* бр. 40/1991

[191] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје: 2013, стр.60

Од тие причини беше спроведено едно истражување од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања за Нацрт на Уставот, вклучувајќи 1400 испитаници.

Извештајот од јавната расправа се состоеше од 60 страници, а Прегледот од 223 страници.Во јавната расправа учествуваа голем број поединци, организации, здруженија, дури и црковни и исламски свештеници.

Нацрт Уставот на Република Македонија претставува современ граѓански акт, утврдувајќи ја државноста, самостојноста, суверeноста, изразувајќи ја слободната и демократска волја на народот за економски, стопански развиток на државата и развој на парламентарната демократија.

Забелешки и сугестии имаше најмногу за Преамбулата, на прашањето како да се спомнуваат како националности или национални малцинства и да не се набројуваат поединечно. Албанците уште тогаш сметаа дека во Преамбулата треба да се третираат рамноправно како македонскиот народ.

Различни мислења и ставови се појавија за Републичкиот судски совет, за Уставниот суд како да се избираат судиите, за овластувањата, потребата од воведување на уставна жалба и слично.

Се појавија различни мислења  и на други теми како е што се одбраната на државата, меѓународните односи, локалната самоуправа и за неопходното проширување на правата на националните малцинства.

**Активностите на Комисијата за уставни прашања пред донесување на Уставот**

Комисијата за уставни прашања ја одржа 12-та седница на 24 и 25 септември 1991 година кога се утврди Извештајот за резултатите од јавната дискусија по Нацртот на Уставот на Р.М. и текстот на предлогот на Уставот на Р.М. [192]

Ова беше мошне интересна и долга седница со 19 продолженија и тоа почнувајќи од 5,7,9,10,12,13,14,15,16,17,18,21,22,25,26 и 28 октомври и на 01 ноември 1991 година. Експертската група беше задолжена да подготви работен текст,опфаќајќи ги мислењата и предлозите од јавната дискусија.

Измени следуваа во „Основите на економските односи‘‘ која требаше да претставува посебна точка 4 во Одделот„Основни слободи и права на човекот и граѓанинот‘‘.

Во Преамбулата се спомнува конституирањето на Република Македонија како суверена, самостојна, граѓанска и демократска држава, со почитување на човековите права, граѓански слободи и национална рамноправност. Веднаш по текстот на Преамбулата, продолжува содржината во девет оддели со вкупно 135 члена :

1.Основни одредби,

---

[192] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје: 2013, стр.65

2. Основни слободи и права на човекот и граѓанинот (4 точки),

3. Организација на државната власт (5 точки),

4. Уставен суд на Р.М.,

5. Локална самоуправа,

6. Меѓународни односи,

7. Одбрана на Републиката, воена и вонредна состојба,

8. Измена на Уставот,

9. Преодни и завршни одредби

За прогласување на Уставот седницата траеше во 19 продолженија. Главна тема беше содржината на Преамбулата со различни мислења и ставови од повеќе пратенички групи.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се изјасни со мислењето дека Република Македонија претставува национална држава на македонскиот народ и рамноправност на сите граѓани.

На ова се спротивставија албанските партии ПДП-НДП со мислење дека треба да се дополни со албанскиот народ како конститутивен елемент во државата заедно со македонскиот народ. Овој предлог не беше прифатен, и се отворија долги дискусии и несогласувања помеѓу македонските и албанските партии. Покрај тоа, албанските партии сметаа дека албанскиот јазик треба да се стави како службен јазик заедно со македонскиот јазик и дека сите имаат право да се школуваат на својот мајчин јазик. Тоа се однесуваше на оние области каде Албанците беа мнозинство.

Беше усвоен предлогот од 10.000 избирачи да бидат овластени предлагачи на закон за да  можат граѓаните да влијаат во предлогот и донесувањето на закони. Овој предлог покажа дека бројката е преголема.Текстот се дополни со интерпелација  како посебен механизам за да може Собранието да врши политичка контрола.

За Предлогот за распишување на референдумот, се промени бројката од 50.000 на 150.000 за да може да се вклучат што поголем број граѓани и да ги решаваат проблемите.

За текстот на предлогот на Уставот беа поднесени вкупно 441 амандмани, (ВМРО-ДПМНЕ – 33, СДСМ-18, СПМ-17, ПДП-НДП-5, РСМ-ЛП-37, работни тела – 22 и од владата – 5).

За Преамбулата беа предложени 16 амандмани, за членот 1 – 8 амандмани, за членот 5 за симболите- 8, за јазикот – 14, за членот 48 и за правата на националностите - 13.

Додека траеше расправата, повлечени беа многу амандмани од страна на предлагачите.

Комисијата ја формираше Редакционата група која на 20 август 1991 година изврши правен и технички преглед на текстот.

Во неа спаѓаа: д-р Владо Поповски, Евгеник Димитров, Ксенте Богоев, Асен Групче, Лазар Китановски, пратениците Томислав Стефковски, Зоран Крстевски, Абдурахман Алити, Наќе Стојановски и секретарот на Собранието, Милован Шиковски и Рокса Георгиевска - секретар на ЗПК.

На текстот се вршеа и лекторски поправки. Поради нерешени прашања, редакционата група побара од Комисијата да ги разгледа и да предложи одредени измени.

Комисијата на 13-та седница на 18 ноември 1991 година, ги разгледуваше сите амандмани и гласаше за нив.

Беа прифатени само 52 амандмани кои се воведоа во пречистениот текст на Предлогот на Уставот и се достави до Собранието.

Во членот 2 став 1 се промени терминот „народ" со терминот „граѓани'.

Беа прифатени следните амандмани: амандманот за Народниот правобранител да претставува посебен орган во Уставот, амандманот за воведување индивидуална одговорност на министрите за која одлучува Собранието на предлог на премиерот без можност премиерот сам да разрешува членови од владата. Беше усвоен амандманот со кој Уставниот суд треба да се уредува со акт на Судот.

Му се одзеде правото Републичкиот судски совет да предлага јавен обвинител и надлежноста беше предадена на владата.[193]

Во пречистениот текст на предлог на Уставот беа прифатени амандманите и на 8 ноември 1991 година беа доставени до Собранието.Паралелно се утврди текстот за предлог на Уставниот закон за спроведување на Уставот.

### 2.9 Одржување на собраниската седница за донесување на Уставот

На 25-та седница на Собранието која се одржа во продолженија на 9[194],11[195],15[196],16[197] и 17 [198]ноември 1991 година како главна точка се разгледуваа амандманите по Текстот на предлогот на Уставот.Стојан Андов се обрати пред пратениците во две улоги, најпрвин како претседател на Комисијата за уставни прашања и како формален предлагач на Текстот на предлогот на Уставот.

Со висока и позитивна оценка беше оценета работата на Комисијата за уставни прашања, во мирна и релаксирана атмосфера.Во целата работа помогнаа многу субјекти меѓу кои јавната дискусија беше кратка, а многу корисна.

Пратениците од ПДП-НДП не ја прифатија Преамбулата во членовите 7 и 48 со што се обележува националниот карактер на Уставот и не се почитуваат правата на другите националности кои живеат во Македонија.

[193] д-р Гушева Снежана, *Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013)*, Винсент графика, Скопје: 2013, стр.78
[194]https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/25sednica9noem91god0.pdf
[195] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/25sed1prod11noem91god.pdf
[196] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/25sednica2prod15noem91god1.pdf
[197] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/25sednica3prod16noem91god1.pdf
[198] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/25sednica4prod17noem91god1.pdf

Во членот 1 имаше дополнување дека „Република Македонија е матична држава на македонскиот народ и држава на сите граѓани кои живеат во неа‘‘ и за него гласаа 66 пратеници. За овие измени не се согласија албанските пратеници, поради недостаток на граѓанскиот концепт на Уставот и тоа го оневозможи донесувањето на Уставот.

Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и независните пратеници се спротивставија на повторното гласање. Додека за поединечното гласање немаше мнозинство гласови од пратениците. За амандманот гласаа само 40 пратеници.

Се појави незадоволство од страна на членовите на ВМРО-ДПМНЕ и го изразија преку организирани демонстрации.

Најмасовни беа на 14 ноември 1991 година кога на тој ден се одложи собраниската седница. Ова беа пречките кои не дозволија да се одржи седницата и да се прогласи донесувањето на Уставот на Република Македонија.

Во овие тешки моменти за државата, претседателот Киро Глигоров на 15 ноември 1991 година излезе и им се обрати на сите со образложение дека е време да се донесе Уставот на Република Македонија за да заврши конституирањето на македонската држава во целина. По неговото обраќање, продолжи седницата со детален претрес на секој член од текстот на предлогот на Уставот и беа прифатени само пет амандмани (членовите 21,36,46,106 и 133-а). Кога на 26-та седница на 17 ноември[199] се гласаше за Уставот, седницата ја напуштија албанските пратеници, а останатите 92 пратеници гласаа за Уставот.

Ова е најважниот историски чин кога се донесе највисокиот законодавен акт-Уставот на Република Македонија.Со него се гарантираат сите граѓански права, политички слободи и права, економските, социјалните и културните права, основните слободи и права на сите граѓани кои живеат на територијата на Македонија.

Ако се направи анализа на процесот за донесувањето на Уставот, најпрвин треба да се потенцира дека албанските пратеници учествуваа само во првата фаза на подготовката и во дискусиите за предлогот на Уставот. Тие не учествуваа во гласањето, бидејќи не беа задоволни заради неприфаќање на нивните забелешки.

По повод донесувањето на Уставот на 20 ноември 1991 година се одржа свечена седница и беше прогласен Уставот на Република Македонија.На седницата присуствуваа поканети гости, претставници од извршната, судската власт, од дипломатскиот кор и други поканети.

Воведен збор имаше претседателот Киро Глигоров, со што се поставија правните темели на суверената и самостојната држава, во која сите ќе бидат рамноправни, со меѓусебно разбирање и толеранција. [200]

Со донесувањето на Уставот заврши првата фаза на создавање на самостојна и суверена држава.

---

[199] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/26sed17noem91god.pdf

[200] *Службен весник на Република Македонија* бр. 52/ 1991

Македонија доби позитивна оценка од страна на Бадентеровата комисија и ги исполни условите за меѓународно признавање и прием во Организација на Обединетите нации.

Работата на Собранието продолжи со поднесување на амадманите 1 и 2 на Уставот.

По налог на Европската заедница и пратениците го поддржаа и го прифатија овој предлог за да се исполнат условите за меѓународното признавање на Република Македонија.

Првата промена на Уставот направена е со двата амандмана од 06 јануари 1992 година според кои Република Македонија нема територијални претензии кон соседните земји и нема да се меша во внатрешните работи на другите држави. [201]

Со донесување на Уставот се остварија вековните желби и идеали за создавање на самостојна и независна држава. Со новиот Устав на Македонија се стави крај на југословенската федерација и во себе го содржи либерално-демократскиот дух, со дополнување на социјалните, правните и регулативните функции на државата.

Овој чин на донесување на највисокиот законодавен акт е запаметен по долгите расправии и негласање на група незадоволни пратеници.

Донесениот Устав на 17 ноември 1991 година ја заокружи најновата историја на парламентаризмот во Македонија.

Првиот повеќепартиски парламентарен состав го донесе првиот Устав на Република Македонија и беше изразена нивната уставотворна надлежност.

Уставот се донесе во едни специфични и тензични услови кога во југословенската заедница постоеја воени конфликти. Во Република Македонија пратениците и покрај различните партиски и политички согледувања и убедувања се собраа за брзо време се организираа преку јавни расправи, состаноци на работните тела, Комисијата за уставни прашања и беше донесен Уставот на Република Македонија.

### 2.10. Донесување на Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија

По донесување на Уставот на 19 декември 1991 година, според членот 68 од Уставот, беше усвоена Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.[202]

Според содржината, Декларацијата содржи пет точки, со барање да биде меѓународно признаена.[203]

Македонија претставува суверена и независна држава и ги исполнува условите донесени од Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 година во Брисел.

[201] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/30sednica6jan92god1.pdf
[202] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/28sed19dek91god.pdf
[203] *Службен весник на Република Македонија* бр. 57/ 1991

Го прифаќа Нацрт документот на Конференцијата за Југославија во Хаг за да учествува во работата и како приоритет да се реши кризата на мирен и демократски начин. Беа прифатени мировните сили на ОН.За да се исполнат барањата на Европската заедница, поднесени се амандмани на 25 декември 1991 година од страна на владата.

Амандманите 1 и 2 беа под влијание на Европската заедница и под непосредно влијание на Грција. За да добие меѓународно признание Македонија требаше да направи измени во Уставот. Очигледно е дека Македонија беше изложена под надворешни притисоци и влијанија.Од овие причини Комисијата за уставни прашања ја одржа 15-та седница на 25 декември 1991 година.

Според измените, Македонија нема територијални претензии кон други држави и нема да се меша во другите држави. Ќе се грижи за положбата и правата на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија во другите држави. Предлозите се разгледуваа од 15 собраниски комисии, а потоа Комисијата за уставни прашања ги разгледуваше извештаите од сите комисии.

На собраниската расправа, за измена и дополнување на Уставот, гласаа 105 пратеници за побрзо меѓународно признавање на Македонија.

Започна јавната дискусија на 27 декември 1991 година и траеше до 05 јануари 1992 година во периодот на Новогодишните празници.

За да бидат вклучени граѓаните, политичките партии со свои мислења и предлози Нацртот беше објавен во весниците Нова Македонија и Флака е Влазеримит.

Комисијата имаше две задачи: да организира јавна дискусија и на 06 јануари 1992 година да го поднесе Извештајот со резултатите од јавната дискусија.

Таа побара мислење од МАНУ, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј‘‘ во Скопје и други важни стручни институции.Текстот беше разгледуван од работните тела на Собранието.

На 06 јануари 1992 година се одржа 30-та седница и Собранието го утврди Предлогот на амандманите 1 и 2 на Уставот и донесе одлука за нивно прогласување.[204]

Со овие амандмани се потврди ставот на Македонија за односите со соседните држави.

Министерот Денко Малевски испрати писмо до министерот за надворешни работи на Холандија Ханс ван ден Брук кој беше претседавач со Европската заедница со барање за признавање на Македонија.

Преку писмото се истакна дека Собранието ја усвои Декларацијата за меѓународно признавање, со поддршка за продолжување на конференцијата за Југославија и да се обезбедат уставни и политички гаранции за исполнување на останатите барања.

Арбитражната комисија на 11 јануари 1992 година донесе одлука дека Македонија и Словенија ги исполнуваат условите за меѓународно признавање.

[204] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/30sednica6jan92god1.pdf

Очекувајќи дека Македонија ќе биде признаена, на Лисабонската седница, 12 членки на ЕЗ, ја признаа независноста на Словенија и Хрватска.Македонија доби негативен одговор, поради Грција која како членка на ЕЗ беше против признавањето на Македонија.Арбитражната комисија донесе позитивна одлука за сите држави кои сакаат да воспостават дипломатски односи со Македонија може да го направат тоа.

Прва земја која ја призна независноста на Македонија беше Бугарија, а потоа Турција на 06 февруари 1992 година, а на 12 февруари меѓусебно се признаа Македонија, Словенија и Хрватска, а на 20 април 1992 година Босна и Херцеговина.

Претседателот на Руската федерација Борис Елцин ја призна Македонија со нотата од 05 август 1992 година кое беше мошне значајно за Македонија, бидејќи беше признаена од страна на една од големите светски сили и како една од петте постојани членки на Советот за безбедност при ООН.[205]

### 2.11. Приемот на Македонија во ООН

По донесување на Декларацијата за меѓународно признавање, во надворешната политика, мошне активен беше претседателот Киро Глигоров со испраќање на официјално барање за прием на Република Македонија во ООН на 30 јули 1992 година.

Барањето беше адресирано до тогашниот генерален секретар на ООН, Бутрос Гали.[206]

Писмото претставува барање на Македонија да стане членка на ООН,според одредбите од Повелбата на ООН и законските одредби и правила на процедурата на Советот за безбедност и Генералното собрание за прием на нови членки во ООН. Македонија како нова членка на ООН ќе ги почитува Повелбата на ОН, принципите и целите на ОН со поддршка за унапредување на меѓународниот мир.

Покрај барањето, беше приложена и потпишаната изјава од Киро Глигоров за прифаќање на сите обврски од Повелбата на ОН. [207]

Грција беше против приемот на Македонија во ООН под уставното име. Од тие причини барањето не беше испратено до Советот за безбедност се до крајот на 1992 година.Со ова Македонија беше блокирана да стане членка и во други меѓународни организации и во ЕЗ.После една  година, Македонија немаше никаков одговор на поднесеното барање.

Од тие причини, на 07 јануари 1993 година поднесе ново формално барање до Советот за безбедност за прием на ОН.

Во овој период се активира и Министерството за односи со странство на Република Македонија. Беше подготвен „Aide memoire“ до ОН со краток преглед на македонската историја,македонскиот народ и причините за барањето за влез во ООН.

Министерот Денко Малевски го посети седиштето на ООН во Њујорк од 12 до 22 јануари 1993 година со задача да се состане со амбасадорите на членките на Советот за

[205] http://web.archive.org/web/20110930040551/http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=310
[206] Тунтев, А. *Република Македонија – прва декада ( 1990-1999),*Ми-А, Скопје: 2005, стр.120
[207] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/046sed28juli92godina.pdf

безбедност. Малевски доби поддршка од страна на Русија, Кина, а другите земји беа воздржани. Франција даде предлог за меѓународна арбитража.

Уште на тие средби беа информирани дека Македонија може да биде примена во ООН со додавка на името.

Големите сили ја донесоа одлуката Македонија да се стави во процедура и на тој начин да се заштити од воените судири во Југославија и да не се прошират кон јужната страна. Генералниот секретар на ОН, Бутрос Гали испратил нота заедно со писменото барање на Македонија за прием во ООН на 22 јануари 1993 година до претседателот на Советот за безбедност, јапонскиот амбасадор Хатано.

По ова, Грција веднаш испрати Меморандум до генералниот секретар на ООН, во име на министерот за надворешни работи на Грција Папаконстантину на 25 јануари 1993 година.Меморандумот е составен од 16 точки, во кое е образложено зошто Македонија не треба да стане членка на ООН под нејзиното уставно име.[208]

Тогаш се вклучил и грчкиот претседател Константин Караманлис преку писмо до американскиот претседател Бил Клинтон.

Лобирањето на Грција продолжува и во февруари 1993 година преку британскиот министер за надворешни работи Даглас Херд, во име на Велика Британија, Франција, Шпанија испратиле заедничко писмо до Киро Глигоров со предлог Македонија да биде примена во ООН со привремена употреба на името„Поранешна Југословенска Република Македонија (ПЈРМ).‘‘

Киро Глигоров му се обрати на генералниот секретар Бутрос Гали написмено изразувајќи го своето несогласување за промена на името како услов за да влезе во ООН. За Македонија не важеше повелбата на ООН, која требаше да ги прифати условите за да може да влезе како членка во организацијата. Ставот на Македонија беше да влезе во ООН под условите како и сите останати држави.[209]

Влезот на Македонија во ООН траеше и следната година, која донесе многу нервоза во македонските политички кругови.

Затоа ВМРО-ДПМНЕ поднесе иницијатива да се свика итна седница за ова прашање. Седницата започна на 09 февруари[210],а траеше до 16 февруари 1993 година[211]. Собраниската 55-та седница траеше во пет продолженија и се дискутираше во една остра и нервозна атмосфера.

Опозицијата незадоволна ги нападна претседателот на државата, владата и министерот за надворешни работи, сметајќи ги за предавници и неспособни за својата држава. Албанските пратеници не го прифаќаа името поранешна југословенска поранешна

[208] Георгиевски С. и Додевски С., *Документи за Република Македонија 1990-2005*, Правен Факултет „Јустинијан Први“, Скопје: 2008, стр. 506-515

[209] Глигоров, Киро. *Македонија е се што имаме*, Култура, Скопје : 2002, стр. 337

[210] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/055sednica9fev93god.pdf
[211] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/55sednica4prod16fev93god.pdf

Република Македонија бидејќи ги асоцираше на СФРЈ. Седницата помина во напади, навреди и од тие причини министерот за надворешни работи Денко Малевски на владината седница на 19 февруари 1993 година поднесе оставка.

Владата, за нов министер за надворешни работи го постави потпретседателот Стево Црвенковски. Поради силното и влијателно грчко влијание, тогашниот американски амбасадор во ОН, Медлин Олбрајт на 23 февруари 1993 година ја презентира својата изјава дека САД се согласува со европскиот предлог Македонија да биде примена во ОН под името ПЈРМ.

Тогаш премиерот Бранко Црвенковски испрати официјална нота до претседателот на Советот за безбедност во врска со Нацрт-резолуцијата 817 (93) на Советот за безбедност. Во писмото се вели дека „Република Македонија, под никакви околности, нема да биде подготвена да ја прифати „Поранешната Југословенска Република Македонија“ како име на државата. Ние одбиваме да бидеме поврзани на било каков начин со сегашната конотација на терминот „Југославија“. [212]

Во Атина објавена е Нацрт-резолуцијата за прием на Македонија во ООН на 25 февруари 1993 година. Поради ова, Киро Глигоров се обрати до јавноста на 30 март 1993 година.

Премиерот Бранко Црвенковски поднесе експозе на 31 март 1993 година, на владината расправа, дека се согласува да се прифати Нацрт-резолуцијата на Советот за безбедност. Киро Глигоров објасни дека референцата се прифаќа само привремено за два месеци, за да се реши прашањето за односите со Грција.

После ова се одржа собраниската седница на 31 март 1993 година со анализа што ќе изгуби, а што ќе добие Македонија кога стане членка на ООН со привремената референца.[213]

Предлогот не беше прифатен од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ изразувајќи го својот револт. Не беше донесен никаков заклучок.

Советот за безбедност на седницата на 07 април 1993 година ја усвои резолуцијата 817 со препорака Македонија да стане членка на ООН. [214]

Во резолуцијата во точка 2, истакнато е дека Македонија ќе биде примена во ООН, според документ број S/25147, под името „Поранешна Југословенска Република Македонија“, се додека не се надмине разликата која се појави околу името на државата“. Како дополнителен документ подготвена е и изјавата на претседателот на

---

[212] Георгиевски, С. и Додевски, С., *Документи за Република Македонија 1990-2005*, Правен Факултет „Јустинијан Први“, Скопје: 2008, стр.515

[213] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/58sednica31mart93god.pdf

[214] Тунтев А., *Република Македонија – прва декада (1990-1999),* Ми-Ан, Скопје: 2005, стр. 88-89.

Советот за безбедност од 07 април 1993 година кое се однесува дека привремената референца за Македонија нема да се поврзува со Сојузна Република Југославија.

На пленарното заседание на 8 април 1993 година Генералното собрание ја прими Република Македонија како 181-ва членка земја на ООН.

После долг временски период на неизвесност и чекање да влезе како членка на една од најголемите организации во светот, приемот на Македонија под друго име, претставува единствен случај во историјата на ООН.Поради влијанието и притисоците на Грција, Македонија беше единствена земја за која не беше подигнато македонското знаме пред седиштето на ООН. [215]

На приемот во ООН, Киро Глигоров одржа поздравен говор на својот мајчин јазик.





Со ова се прекрши Повелбата и процедурата за прием во ООН.Исто така беа нарушени и основните постулати на ООН.На овој начин Република Македонија беше признаена од други земји и стана членка и на други меѓународни организации и институции.[216]

Грција и понатаму го кочеше развојот на Република Македонија почнувајќи од економското ембарго од солунското пристаниште кон Македонија и затварање на грчкиот конзулат во Скопје.

### 2.12. Одржување на вторите парламентарни избори и претседателски избори

[215] https://www.youtube.com/watch?v=ad0ZpA0g6gU&feature=youtu.be
[216] https://www.youtube.com/watch?v=ad0ZpA0g6gU&feature=youtu.be

На 8 септември 1994 година претседателот на Собранието ги закажа вторите парламентарни и првите непосредни претседателски избори на 16 октомври 1994 година.[217]

Во Службениот весник на Република Македонија беа објавени две решенија преку кои се објави одржувањето на изборите. На овој начин беа известени сите граѓани кога ќе се одржат и кој ќе ги спроведува изборите.

Првиот круг започна на 16 октомври 1994 година кога на избирачките списоци беа запишани 1.360.792 гласачи. Се гласаше за 1765 кандидати предложени од 38 политички партии и 283 независни кандидати за пратеници во 120 изборни единици.[218]

Првиот изборен круг  заврши во 10 изборни единици и 10 кандидати за пратеници го добија потребното мнозинство.Од вкупниот број на гласачи на изборите гласаа 1.058.130 гласачи или 77.76% гласачи. [219]

Во вториот изборен круг на 30 октомври 1994 година од вкупно 1.151.179 избирачи, гласаа 662.155 избирачи или 57.52%  во 101 изборна единица и учествуваа 379 кандидати. [220]
На среде избори, двете најголеми опозициски партии, ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија ги бојкотираа изборите, поради изборните нерегуларности и фалсификувања.

Од овие причини, Сојузот за Македонија победи со убедливо мнозинство во парламентот.Вториот парламентарен состав започна со работа без присуство на опозицијата.На изборите успееја да влезат пратеници од девет политички партии и еден независен пратеник. [221]

Во новиот пратенички состав  беа избрани само три жени пратенички: Илинка Митрева – СДСМ, Персида Малинска – Либерална партија на Македонија и Ратка Куљан -Зографска  од СДСМ.
По завршување на вториот круг на гласање, на 19 ноември 1994 година се одржа конститутивната седница и Стојан Андов по вторпат беше избран за претседател на Собранието.

---

[217] *Службен весник на Република Македонија* бр. 47/ 1994

[218] http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%201994/4_%D0%A0%D0%B5%D0%B7%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%

[219] http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%201994/5_%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%201994_%D0%94%D0%98%D0%9A.pdf

[220] http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%201994/5_%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%201994_%D0%94%D0%98%D0%9A.pdf

[221] https://sobranie.mk/posleden-sostav-1994-1998.nspx

На следната седница на 24 ноември 1994 година се избраа тројца потпретседатели на Собранието: Тито Петковски – СДСМ, Абдураман Алити – ПДП и Киро Поповски од СПМ.
За брзо време, се сменија овие потпретседатели. Поради смртта на Киро Поповски на негово место беше поставен Блаже Филиповски, а Абдурахман Алити се откажа поради незадоволството од активностите.
Се случија промени во пратеничкиот состав, односно независните пратеници се префрлија во новите партиски кругови. Промени се случија и во натамошниот период поточно во февруари 1996 година, се откажаа од Коалицијата и преминаа во опозициониот блок.

Со овие промени СДСМ имаше 59 пратеници, Либерална партија на Македонија -29, Партија за демократски просперитет-11,Социјалистичка партија на Македонија– 6, Партија за демократски просперитет на Албанците – 5, и двајца независни пратеници.

На лидерот на СДСМ,Бранко Црвенковски му беше доделен мандатот за избор на новата влада. На 15 декември 1994 година беше предложен составот на новата влада.

Додека на 20 декември 1994 година [222] Собранието ја избра новата влада на чело со Бранко Црвенковски во периодот од 1994-1998 година со неколку реконструкции на владата, составена од преставници на коалицијата СДСМ, ЛП, СП и ПДП.

Во периодот на избраниот втор пратенички состав, на седницата на 23 февруари 1995 година се избра нов претседател, откако Либералната партија премина во опозиција, Стојан Андов се повлече и беше избран Тито Петковски.[223]

Членови во новата влада беа : д-р Благој Ханџиски - министер за одбрана, д-р Љубомир Фрчковски - за внатрешни работи, д-р Владо Поповски - за правда, Стево Црвенковски за надворешни работи,д-р Јане Миљовски - за финансии, Ристо Иванов - за стопанство, д-р Беќир Жута - за развој, Јорго Шундовски - за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, Димитар Бузлевски - за сообраќај и врски, д-р Иван Ангелов - за земјоделство, шумарство и водостопанство, Илијаз Сабриу - за труд и социјална политика, д-р Емилија Симовска- за образование и физичка култура, д-р Софија Тодорова - за наука, Ештреф Алиу - за култура, д-р Илија Филипче - за здравство и министрите без ресор Ѓунер Исмаил (министер-потпарол), Сашо Стефков, д-р Љубе Трпески и Мухамед Халили.

Во оваа влада беа поставени две жени министерки,едната во областа на образованието и физичката култура а другата во науката. На етничка основа во владата се вклучија тројца Албанци и еден Турчин.

Во времето кога се случуваа парламентарните избори, се одржаа и претседателските избори.Народот имаше можност да гласа за еден од двајцата предложени кандидати: Киро Глигоров од СДСМ и Љубиша Георгиевски од ВМРО ДПМНЕ.

Во општиот избирачки список беа регистрирани 1.360.729 избирачи.

По прviот избирачки круг на 16 октомври и вториот круг на 30 октомври 1994 година, за Киро Глигоров гласаа 715.774 избирачи, или 52.60% , а за Љубиша Георгиевски гласаа 197.210 избирачи или 14,49%. [224]

---

[222] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/6sednica20dek94god.pdf
[223] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/39sednica2prod23fev96.pdf

Според податоците од Републичката Изборна комисија уште во првиот изборен круг убедливо победи кандидатот Киро Глигоров и на тој начин тој беше по втор пат претседател на Република Македонија избран од страна на граѓаните по пат на избори.[225]

Сосема е јасно дека во вторите парламентарни избори земаа учество политичките партии кои учествуваа на првите избори.

Според податоците, учество земаа пет нови партии, еден дел кои се отцепија од ВМРО-ДПМНЕ, една од редовите на Сојузот на комунистите – Движење за Југославија, од Работничката партија се појавија две нови комунистички партии, Комунистичка партија на Македонија и Сојузот на комунистите на Македонија.
Се појавија и политичките коалиции:„Сојуз за Македонија: СДСМ, Либерална партија, Социјалистичка партија и опозициската коалиција: ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија.

Преку организирани јавни расправи, дискусии и трибини се побара да се измени изборниот закон.

Не успееја да внесат никакви измени во изборниот закон, и затоа вторите избори се одржаа по стариот изборен закон.
И по вторите парламентарни избори, се увиде дека мнозинскиот изборен модел во себе носи многу слабости и аномалии.
Пред се тоа се однесува од нееднаквата распределба на гласовите, Сојузот на Македонија освои 408.155 гласови или 30% од вкупното избирачко тело во државата, освојувајќи 95 мандати или 80% од собранискиот состав.
Коалиционите партии и СДСМ освоија 59 пратенички места или 21%, додека малите партии освоија повеќе од 80.000 гласови кои не беа доволни за да освојат пратенички мандат.
Како пример може да се објасни со Социјалистичката партија, освојувајќи 8 мандати во Собранието, освои помал број гласови за разлика од МААК, ВМРО-СП, ВМРО-МДСН, ВМРО- Татковинска, ВМРО-Обединета, ВМРО-Делчева освои вкупно 32.293 гласа од избирачите, но не доби ниту еден пратенички мандат.
Со ова јасно се покажува дека изборниот модел не е корисен, бидејќи нема добра поделеност на гласовите.
Опозицијата беше незадоволна поради неважечките гласачки ливчиња, гласање без документи за идентификација на избирачите,еден избирач гласал повеќе пати, фалсификување и друго.Со одржување на вторите парламентарни избори и претседателските избори истовремено во 1994 година се заокружи развојот на парламентаризмот во Македонија.Овие избори се разликуваат од претходните па и од сите наредни поради тоа што не се вклучи опозицијата во работата на Собранието.Тука се покажа слабоста на опозициските партии и сиромашниот парламентарен живот во Македонија.

---

[224]http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%201994/4_%D0%A0%D0%B5%D0%B7%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%201994_%D0%A1%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5_%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B3%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB_%D1%81%D0%BA%D0%B5%D0%BD.PDF

[225] Фондација Институт Отворено општество - Македонија, *Демократска Македонија,* Фондација Отворено општество – Македонија, Скопје: 2003, стр.100

Поради сите овие негативни причини за неуспешните избори, требаше да се превземат мерки да се подобри изборниот процес и законодавната регулатива. Откако се увидоа аномалиите требаше веднаш да се пристапи кон измена на изборниот модел за да се премине во мешовитиот или во чистиот пропорционален изборен модел.Сите неправилности требаше да бидат казнети, поточно кривично да одговараат сите човечки фактори за нерегуларностите кои се појавија во времето на изборите.

| ***Политичка партија :*** | ***Број на пратеници :*** |
|---|---|
| Коалиција „Сојуз за Македонија" предводена од СДСМ | 87 |
| ПДП во Македонија | 10 |
| Независни пратеници | 7 |
| Либерална партија на Македонија | 5 |
| Народна демократска партија | 4 |
| Демократска партија на Македонија | 1 |
| Партија за целосна еманципација на Ромите | 1 |
| Социјалистичка партија на Македонија | 1 |
| Демократска партија на Турците | 1 |
| Социјалдемократска партија на Македонија | 1 |
| Партија за демократска акција-исламски пат | 1 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија и Либерална партија на Македонија | 1 |
| **ВКУПНО : 120 пратеници** | |

Печатените медиуми кои во тој период беа во мошне мал број, „Нова Македонија" во бројот од 15 октомври 1994 година, ден пред изборите објави детални податоци за изборите кои следуваат. Во тој период за прв пат, граѓаните во Македонија во еден ден ќе гласаат за избор на пратеници и претседател на државата. Истакнато е дека право на глас имаат неписмените и лицата со инвалидитет. Тие ќе гласаат со помош на лице кој сам ќе си го определи за да му помогне во чинот на гласањето.[226]

На овие избори се подготвуваа избирачки ливчиња и со десет посто повеќе за да може да гласаат и оние лица кои не се запишани во избирачките списоци.

Ова е нелигитимен и неправилен начин да им се овозможи и на незапишаните граѓани да им се даде можност да гласаат. Граѓаните имаа можност преку изборната кампања во траење од 29 дена да се запознаат со програмите на политичките партии и кандидатите за претседател на Република Македонија. [227]

[226] 6205013e087d658d24be539e84e5f51b1ca977e006d5c42c5e1b0ff568b4180e Нова Македонија 15 октомври 1994 г.
[227] 6205013e087d658d24be539e84e5f51b1ca977e006d5c42c5e1b0ff568b4180e Нова Македонија 15 октомври 1994 г.

Покрај тоа на вторите парламентарни избори граѓаните гласаа на 30 октомври 1994 година во вториот изборен круг. [228]

## 2.13. Создавање на самостојниот независен монетарен систем во Македонија и промена на името

Поради економските и финансиските потешкотии после одвојувањето од СФРЈ, Македонија започна да се подготвува за монетарното осамостојување.

Во државата недостасуваа девизни средства за да се обезбедат најосновните производи, лекови, храна, нафта и друго.

За развој на економијата, потребни беа девизни резерви и воведување на нова валута. Во овие тешки моменти Македонија се соочи најпрвин со трговското ембарго од Грција во 1992 година од владата на Мицотакис. Ова ќе доведе до зголемување на кризата и сиромаштијата. Во Македонија се воведоа бонови за снабдување со бензин и храна. Касата на Народната банка на Македонија беше празна и таа располагаше само со 20-40 илјади долари кои не можеа да ги задоволат најосновните финансиски потреби. Фирмите ги изнесоа парите надвор од државата за да не им бидат одземени. Македонија беше неразвиена уште од времето на СФРЈ, република со најголем број на невработени.

Се појавија  финансиски афери, емиграција на населението во европските земји, стагнација на производството. Владеачкото раководство поради нивниот неуспех да се излезе од економската криза, започнаа демонстрации и штрајкови.

Првата поставена експертска влада на Кљусев се наоѓаше во една неизвесна и несреќна состојба поради надворешните и внатрешните проблеми. Во времето на нивното владеење се случи само една позитивна работа.Тоа беше прогласувањето на самостојниот македонски монетарен фонд и создавање на првата македонска валута-македонскиот денар.

Најголемата грешка на оваа влада претставуваше што не успеа да подготви економска програма за спас на државата.Грешката е уште поголема поради прифаќање на програмата на Анте Марковиќ  и поддршката на српската економија. Најразумно размислуваа пратениците на ВМРО-ДПМНЕ со нивната идеја за донесување на македонската валута. Другите партии не  дадоа поддршка за да се реализира оваа идеја. Македонија се наоѓаше во една тешка состојба, бидејќи не беше членка на ниту една меѓународна организација и институција.

Прва која ни помогна беше Европската банка за обнова и развој од Лондон, а потоа се воспостави добри односи со ММФ и со Светската банка, а тоа се случи откако влеговме во ООН. За да се спаси државата од кризата и од инфлацијата во Србија, премиерот Никола Кљусев ја донесе одлуката да се започне печатењето на македонскиот денар. Ова ќе биде неприфатливо од страна на Србија, затоа што на тој начин  ќе и се нанесе голем удар.

[228] 6205013e087d658d24be539e84e5f51b1ca977e006d5c42c5e1b0ff568b4180e Нова Македонија 30 октомври 1994 г.

На 26 април 1992 година за време на Велигденските празници се одржа 26-та седница на Собранието и беа поставени темелите на македонската монетарна независност.[229]

Беа донесени, законот за паричната единица и неговата употреба, како и законот за Народната банка на Република Македонија.[230]

На тој начин се воведе македонскиот денар - како наша национална валута и со поставената монетарна политика започнаа да се собираат пари во девизните резерви. Во овие моменти кога се решаваше кризата, пратениците на 16-та седница[231] ги изгласаа амандманите за промена на името кога атрибутот „Социјалистичка" се избриша и се прифати името „Република Македонија".[232]

### 2.14. Формирање на македонската војска

Формирањето на вооружените сили беше предвидено и пишано уште во Уставот на Република Македонија,во членот 122 „вооружените сили на Република Македонија го штитат територијалниот интегритет и независноста на Републиката"[233], потоа и во Законот за одбрана, во членот 19 „Армијата на Република Македонија претставува вооружена сила на сите граѓани која ќе биде составена од редовен и резервен состав".

За да се создаде војската, пред се требаше да се оформи, да се обучува, да ги извршува зададените задачи и да изгради пријателски односи со соседите и со сите земји. Најпрвин требаше да се формира Министерството за одбрана на Република Македонија, генералштабот и други управи за војската.Како помош во работата на оформување на овие органи во одбраната, владата ја донесе најдобрата одлука да се прифатат старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица кои служеа во ЈНА.На тој начин ќе им се обезбеди сигурно работно место, пензиско и инвалидско осигурување, здравствена заштита и решавање на станбеното прашање. Тие ќе можат да помогнат и да го споделат своето претходно искуство во изградување на одбранбениот систем на Македонија. Во тој период, беше поднесено писмо до НАТО Македонија да стане нејзина членка.Тоа се случи во првата половина на април 1992 година. Македонија остваруваше средби со претставници од Англија, Турција, САД, Канада и други земји. За да го сочува мирот во државата и надвор со соседите требаше да создаде сопствена армија.Македонија беше во голема предност од другите републики, бидејќи успеа на мирен начин да се одвои од СФРЈ. На сето ова и претходеше и мирното заминување на војниците на ЈНА со оружјето и воената опрема од Македонија.

Во периодот на подготовките на формирање на Армијата, започнаа разговори со албанските партии да учествуваат во воените единици. Заради тоа им беше укажано дека ќе се почитуваат верските обичаи, храната, регрутацијата, како и дообука и дошколување на офицерите од другите малцински заедници.

---

[229] https://cms.sobranie.mk/WBStorage/Files/39sed26april92godina.pdf
[230] *Службен весник на Република Македонија* бр.26/1992
[231] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/16sed7juni91god.pdf
[232] *Службен весник на Република Македонија* бр.27/ 1991
[233] *Устав на Република Македонија*, Собрание на Република Македонија, Скопје:2011 година, стр.69

Овој предлог не беше прифатен поради тоа што побараа кон Косово и Албанија граничната служба и караулите да бидат составени од командири од албанска националност. И да им се врата одземените чинови кои им биле пред тоа одземени.

Донесена е заедничка одлука, вооружените сили да се нарекуваат Армија на Република Македонија (АРМ).

Се појавија предусловите од албанската страна со барање за новите регрутирани војници да им се овозможат услови за извршување на верските обичаи. А за тоа беа потребни соодветни простории за верски обреди. Ова барање беше невозможно да се изведе и тие започнаа да бојкотираат.

Заради оваа неможност, имаше предлог војниците да бидат ослободени за време на викендите, празниците и верските пости. Предлогот беше прифатен и започнаа да се пријавуваат регрути од албанската припадност во македонската војска. Се внимаваше и околу оброците за време на рамазанските празници.

Има податоци дека за 1991 година, се регрутираа 19.661 регрут од кои способни беа 12.291 кандидати или 72%.[234]

И покрај поставување на добрите услови за служење на воениот рок, регрути од албанската припадност не се пријавуваа. Следуваа кампањи од Министерството за одбрана и градоначалникот на Тетово, Невзад Халили од ПДП.

Меѓутоа, сето тоа ќе доведе до нови услови и предуслови, почнувајќи од тоа дека нема да служат воен рок во Србија, поради шпекулациите за обединување на Македонија со Србија.Поднесено беше барање да се укине казната за сите оние кои нема да се регрутираат и да им се вратат чиновите на албанските резервни офицери кои служеа во ЈНА од било кои причини.Состаноците организирани со градоначалниците на Гостивар и Дебар, донесоа позитивни резултати и одлуки :

- рокот за регрутација да се пролонгира до 25.04.1992 година,
- со храна да се обезбедат регрутите според нивните барања,
- припадниците на АРМ со муслиманска вероисповед да бидат ослободени и од дома да ги извршуваат своите верски обичаи

Не беа прифатени условите и барањата за предвремени унапредувања, да не се враќаат претходно одземените чинови. Исто така не беше прифатен предлогот војниците граничари кон границите со Албанија и Косово да бидат вооружени со оружје и муниција. Се подготвуваа касарните во поголемите македонски градови Штип, Битола, Охрид, Скопје со давање на свечената обврска на новите војници на АРМ. Текстот на свечената обврска беше подготвен од Министерството за одбрана, а усвоен на седницата на Советот за безбедност на Република Македонија на 08 и 09 април 1992 година.

---

[234]Гоцевски,Трајан. *Иселување на ЈНА „Патот до независна Република Македонија (1990-1993)* Култура, Скопје: 2015, стр.199

Според планот, давањето свечена обврска требаше да започне од Охрид, Битола, Штип и да заврши во Скопје.Во градовите имаше обраќање од високите државни функционери,спикерот Стојан Андов се обрати во Битола, во Скопје Киро Глигоров во улога на врховен командант на АРМ на 09 мај 1992 година, на денот кога се одбележуваше крајот на Втората светска војна и победа над фашизмот.

Со формирање на својата војска, се заокружи процесот на одбрана на земјата, а неопходно беше да се заврши преселбата на човечките и материјалните ресурси од Македонија на српската страна.

Според тоа, Армијата на Република Македонија претставува вооружена сила на сите граѓани на Република Македонија. Армијата е составена од постојан и резервен состав, опремени со добро вооружување.Таа има три рода:копнена војска, воено воздухопловство и противвоздушна одбрана.Одлучено е војниците да служат 9 месеци, а обуката да трае од 3-5 месеци.

Резервниот состав ќе биде составен од 50.000 до 85.000 војници.

Како дел од одбраната на земјата претставува цивилната одбрана за заштита и спасување на граѓаните, материјалните добра и културното богатство на државата.

Во подготовка на законот за одбрана се вклучија стручни лица и го поднесоа на собраниска седница за да се гласа за истиот.

На собраниската седница на 14 февруари 1992 година едногласно го донесе законот за одбрана и со ова се постави системот на одбраната на Република Македонија.[235]

Ова беше прв закон донесен од страна на македонското собрание со двотретинско мнозинство.[236]

Како ден на Армијата прогласен е 18 август кога секоја година се слави и се одбележува Денот на армијата на Република Македонија со разни манифестации низ целата држава.

### 2.15. Атентат врз претседателот Глигоров

Атентатот се случи на 03 октомври 1995 година, во 9.50 часот, во центарот на Скопје кога настрада возачот на претседателот, Александар Ацо Спировски, Илчо Теовски - повреден, и Ристо Хаџиманов, пензионер, минувач на местото на настанот, кој подлегнал на повредите од атентатот.[237]
Нападот беше извршен со автомобил-бомба на улицата „Македонија" пред хотелот „Бристол" во центарот на градот Скопје.
Тоа се случи во раните утрински часови, вообичаено додека се движело службеното возило од типот мерцедес, на трасата од неговата резиденција кон Собранието. Бомба беше поставена во автомобилот „Ами 8" и со помош на далечински управувач активирана е бомбата. Претседателот беше повреден во окото и во ногата, каде беа направени хитни хируршки интервенции во скопскиот Клинички центар.
На 14 јануари 1996 година Киро Глигоров се врати да ја извршува претседателската функција.
Ова претставуваше голема трагедија за Македонија и за македонскиот народ. Атентатот беше голема трагедија за невините жртви кои ги изгубија своите животи,

---

[235] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/33sednica14fev92god0.pdf
[236] *Службен весник на Република* Македонија бр. 8/ 1992
[237] https://www.youtube.com/watch?v=0kJy87-lKkk

извршувајќи ги секојдневните работни активности. Овој немил настан предизвика голем немир кај нас и во целиот свет.
Се отвори книга во која се собираа сите телеграми, писма упатени до претседателот Киро Глигоров изразувајќи, тага, вознемирувања од овој ужасен злостор. Тие беа напишани од претседатели, премиери, министри, амбасадори, невладини организации, граѓани, ученици, со осуда доколку се фатат виновниците да бидат осудени. Во телеграмата од Пјер Мороа, претседателот на Социјалистичката интернационала го претстави Киро Глигоров како човек на мирот, кој успеал да ја извлече Македонија од СФРЈ и на мирен начин да создаде своја сопствена држава без никакви воени инциденти, вистински пример во светската историја дека и на мирен начин може да се решат многу работи, па и мирно одвојување од една непостоечка држава.[238]

Во овие тешки моменти најголема поддршка Македонија доби од целиот свет, од политичари, мировници кои ги изразуваа своите емоции, својата човечност, тага и сочуство. Тие беа сплотени со една мисла дека ќе се пронајдат виновниците и ќе бидат осудени, а на претседателот со најголеми желби му посакуваа побрзо закрепнување.
Покрај тоа, врз основа на член 68, став 2 од Уставот на Р.М. поради атентатот од 3 октомври 1995 година на собраниската седница на 05 октомври 1995 година беше донесена Декларацијата со осуда на атентатот врз претседателот Киро Глигоров, претставувајќи го како терористички чин за да се ликвидира претседателот на државата. [239]

Преку Декларацијата,[240]Собранието изрази благодарност до сите кои сочувствуваа со атентатот, до сите политичари кои го осудија атентатот и кои сочувствуваа со нас. Јавно се испрати голема благодарност до сите медицински лица кои земаа учество во закрепнувањето на претседателот, изразувајќи ја големата професионалност, подготвеност и помош која се укажа кон претседателот на Република Македонија.

После атентатот, беа поставени две главни прашања кои се сторителите и која е причината зошто е направен атентатот врз првиот човек на државата.

Направена е стартна грешка, затоа што не е превземена акција да се испита теренот на атентатот, да се бара виновникот,да се утврди од каква експлозија е направена бомбата. Уште на почетокот, министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчкоски дал изјава пред ТВ медиумите дека виновниците на атентатот се некоја од групациите насочувајќи дека можеби е Мултигруп од Бугарија или Кос од Србија. На овој начин беа осудени надворешните фактори како виновници за атентатот, потпомогнати со луѓе од земјата. Ова беа претпоставки, без никакви докази и фигурираа како обвинувања. Фрчкоски поднесе оставка од министерската функција, но премиерот Бранко Црвенковски не ја прифати. Започнаа првичните акции за откривање на атентатот, кога се формира комисија од страна на министерот. Се вклучија странски служби од Америка и Германија за да помогнат. Дури Киро Глигоров имаше средба со шефот на американската служба ЦИА за да добие повеќе информации за настанот, меѓутоа не доби никаков одговор. Побара одговор од германската, руската, бугарската служба.И од овие служби немаше никаков одговор. По една година од атентатот, Фрчкоски формира нова комисија, вклучувајќи нови луѓе, кои ништо не дознаа и не постигнаа никакви резултати. Се појавија многу шпекулации, едната од нив е дека во

[238] Глигоров, Киро. *Атентат...ден потоа*, Култура, Скопје: 2002, стр.562
[239] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/27sednica5okt95.pdf
[240] Службен весник на Република Македонија бр. 47/1995

еден словачки хотел се собирале шверцери, атентатори и терористи и се проширила една изјава, меѓудругото: „не ни успеа, ама вториот пат ќе го средиме‘‘.

Постоеше мислење дека е замешана бугарската „Мултигруп‘‘ која беше против Глигоров затоа што бил комунист и противник за нивното вложување на голема сума пари за да отвараат свои фирми и да работат на македонскиот пазар.

По оздравувањето, претседателот Киро Глигоров го направи првиот чекор за средба со претседателот на Мултигруп, Илија Павлов. Тој пак јавно објавил пред него дека не е замешан во атентатот и дека постојат услови за да работат во Македонија.

Поминаа 25 години од атентатот сеуште ништо не е откриено за настанот, ниту причината, ниту се пронајдени виновниците. Причините може да се поделат на политички, лични и мафијашки. Како една од причините може да се наведе дека во тој период Македонија добро се развива, а со атентатот се оневозможи напредокот на земјата. Ако се открие шверцот, тогаш во Македонија нема да може да се организираат мафијашки и терористички акции.

Киро Глигоров беше избран за прв претседател на Република Македонија, кој завзема посебно значење во новата современа македонска држава.Во неговото време започна референдумот за независност, се донесе првиот Устав, првите парламентарни избори, меѓународната афирмација и развој на Македонија.Неговиот успех се должи на мудроста, дипломатијата, политичкото искуство кое ќе помогне да се развива надворешната политика и да стане членка на ООН. Киро Глигоров има голема заслуга за мирно разрешување и повлекување на ЈНА од Македонија и таа е единствена република во СФРЈ во која не започна војна или воен конфликт.

Киро Глигоров беше забележан како достоен комунист, кој се обиде да ја спаси југословенската федерација и да продолжи да функционира.Во негово време, Македонија доби само ветувања дека ќе стане членка на ЕУ и НАТО. Но, Киро Глигоров не го доживеа тоа време.

Ако се навратиме назад во минатото, Киро Глигоров беше учесник во изградбата на македонската државност во времето на Првото заседание на АСНОМ и по војната.

Тој покажа силни емоции и вреднувања на човечките животи кога застана на патот и не дозволи македонските војници да се лоцираат на туѓи фронтови.

Киро Глигоров го прифати планот на мирен и достоинствен начин да се предаде оружјето и целата воена опрема на Србија само за да се заштитат животите на македонските војници.

Се гордееме со нашиот прв македонски претседател избран во двата мандати од 1991-1999 година,запишан во Гинисовата книга на рекорди во светот како најстар претседател на држава во 2002 година.

Годините поминуваат, причините и сторителите сеуште не се откриени .



И покрај долготрајната истрага да се открие причината и организаторот на атентатот до ден денес сеуште не е откриено ништо.

Киро Глигоров за атентатот напиша автобиографска книга под наслов „Атентат – ден потоа‘‘ објавена во 2002 година.

Грешките се мошне видливи, затоа што не е поведена подетална истрага, не се вклучени стручни лица од МВР и други служби, не се превземени мерки да се затворат границите на Република Македонија или пак да се обезбеди поголема контрола на државните граници. Поради неспособноста на стручните лица како да се води случајот, се вклучија странски служби кои можеби водеа погрешна или пак непријателска политика кон нашата земја.

И по 25 години од атентатот на првиот претседател на Република Македонија, сеуште не се пронајдени вистинските виновници и не се познати причините зошто е направено. Ова беше досега првиот и единствен атентат кој се изврши во Македонија.

Во светската јавност познато е дека во периодот пред атентатот, Македонија се развива во добар правец и можеби атентаторот сметал дека со ликвидација на Глигоров ќе се оневозможи напредокот на земјата. Со откривањето на шверцот, терористичките и мафијашките акции во Македонија нема да можат да се организираат.[241]

**2.16. Донесување на законите за државните симболи на Македонија ( знаме и грб)**

[241] Глигоров, Киро. *Атентат...ден потоа,* Култура, Скопје: 2002. стр. 573

За донесување на законот за употреба на новите државни симболи беше задолжена Комисијата за уставни прашања. Таа требаше претходно да формира работна група за да ги изработи државните симболи.

Најпрвин се распиша конкурс за избор на идејни решенија за грбот, знамето и химната. Комисијата за уставни прашања на седницата од 21 април 1992 година го прифати извештајот на работната група и од работните подгрупи.На почетокот од пет решенија, работната група ги прифати трите предлози решенија за грбот и знамето на Република Македонија. За химната се појавија три музички творби кои освоија прво, второ и трето место.

Комисијата за уставни прашања на седницата на 09 јуни 1992 година, донесе заклучок знамето на Република Македонија да биде црвено со апликација на жолто златно сонце. Комисијата со мнозинство гласови го прифати предлогот за знамето и грбот на Република Македонија изработен од авторот Феникс 92.

Според член 71, став 1 од Уставот на Република Македонија[242] и член 287 од Деловникот на СРМ, донесена е одлука пратениците членови на Комисијата да ги предложат овие закони.

Според уставна и деловничка можност, Комисијата не може да биде предлагач на закон. За членови на жири комисијата за грбот и знамето на Р.М. беа избрани стручни и професионални лица: Анет Светиева – етнолог, Александар Цветковски – ликовен уметник, Коста Балабан – историчар на уметност, Димитар Кондовски – ликовен уметник. Во комисијата требаше да учествува и Матковски, но поради нарушеното здравје, се повлече од комисиската работа. На конкурсот се пријавија 275 предлози, од кои 239 за грбот, 36 за химната, 21 предлог не е доставен на време и еден предлог не ги исполнувал условите.

На знамето присутна е црвената боја со која се одбележува вековната борба за слобода со хералдистичко значење како симбол на творештво, херојство, револуција и храброст.Жолто златната боја хералдички означува богатство, великодушност, правичност, достоинство, победа, верба во иднината.

Во летниот период, на собраниската 41-ва седница на 07 јули 1992 година се дискутираше за законите за грбот, знамето и химната. Според Уставниот закон, овие закони требаше да се донесат до крајот на 1992 година.[243]

Законот за знамето донесен е на седницата на 11 август 1992 година и се потврди првото знаме на Р.М. со 16 сончеви краци од Кутлеш (Ѕвездата од Вергина) чиј дизајнер беше Тодор Петров.

Исто така беше усвоен и законот за химната „Денес над Македонија‘‘.[244]

Со 87 пратенички гласови беа донесени законот за знамето и за химната на Република Македонија.[245]

---

[242] *Устав на Република Македонија*, Собрание на Република Македонија, Скопје: 2011, стр.41

[243] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/41sednica7avg92god0.pdf

[244] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/41sednica1prod11avg92god0.pdf

Знамето на СРМ се користеше во времето кога се случија првите промени во Македонија, кога се удрија темелите на независна Р.М., конституирање на првото повеќепартиско Собрание, кога се изгласа независноста на Р.М. на 08 септември 1991 година, кога се формира АРМ и кога првата класа војници ја даваа заклетвата.

Поради грчкото ембарго врз Македонија, владата донесе одлука да се смени знамето и дизајнот на Мирослав Грчев. Графичките решенија на грбот и знамето му беа доделени на претседателот Киро Глигоров. Поради атентатот на 03 октомври 1995 година, се запре активноста за донесување на законите за државните симболи на Македонија.

На собраниската седница на 05 октомври 1995 година[246], покрај Декларацијата за осуда на извршениот атентат врз претседателот Киро Глигоров, беше донесен законот за знамето.[247]

На седницата дискутираа само двајца пратеници.Пратеникот Сали Рамадани се изјасни со ставот дека Законот за знамето треба да ги содржи знамињата на националностите во Македонија. А пратеникот Томислав Стојановски пред присутните пратеници го претстави знамето на црвена основа со три златни зрака. Со ова знаме се претстави македонската дијаспора од Европа, Америка и Австралија. И двата предлога не беа прифатени.

Со 110 гласови „за‘‘, 1 „против‘‘ и 4 „воздржани‘‘ се усвои Законот за знамето на Р.М. Според членот 2 од Законот кој гласи: дека знамето на Република Македонија е црвено со златно-жолто сонце. Сонцето е со осум сончеви зраци кои се простираат од сончевиот диск со проширување до рабовите на знамето.[248]

Народот не ја прифати промената на законот за знамето, тие се согласија со првото предложено знаме кое имаше посебна симболика, обележувајќи ја обновената македонска држава со претходната античка Македонија и нејзиниот војсководач Александар Македонски.

Законот за грбот на Македонија не се донесе долг временски период. Без никаква јавна расправа, на собраниската седница на 16 ноември 2009 година се усвои. Според новиот закон, во грбот се исфрли петокраката која стоеше меѓу врвовите на класјата.[249]

Законот за знамето беше објавен во Службениот весник, со опис на знамето и без објава на слика.

Законот за знамето со остри критики ќе биде прифатено од Грција, кои веднаш се произјаснија дека Македонија има територијални претензии со иредентистички намери. Затоа Грција ќе воведе ембарго и ќе предизвика економска криза во Македонија. Грција сметаше дека знамето на Македонија има грчко потекло и треба да се откажат од него.

---

245 http://www.slvesnik.com.mk/Issues/0E00D81461B0480F99954FAB2F2F9481.pdf
246 https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/27sednica5okt95.pdf
247 *Службен весник на Република Македонија,* бр.47/1995
248 *Службен весник на Република Македонија*, бр.50/ 1992
249 Службен весник на Република Македонија бр.138/ 2009

Македонското знаме започна да се промовира преку организирање на церемонијата на промена на знамето. Тоа се случуваше пред зградата на Собранието, владата и во вилата на Водно, пропратено со интонирање на државната химна. Овие настани се од отворен тип и можност да присуствува јавноста.

Првото церемонијално менување на знамето е изведено пред Собранието на Р.М. на 15 мај 2010 година и замислено е да се вика Ден на знамето.

Таа претставува прва церемонија кога присуствуваа тогашниот министер за одбрана Зоран Коњановски, началникот на ГШ на АРМ – Мирослав Стојановски, потпретседателите на Собранието, пратеници, претставници од Министерството за одбрана, претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност Владимир Ѓорчев.

Секој последен петок во месецот точно на пладне, во присуство на воениот оркестар во интонација на македонската химна, претставници на воената гарда го менуваат државното знаме на јарболот кое што стои пред зградата на Собранието.

Мошне значајно за нашата држава е учеството на македонското знаме на неколку конкурси кое е избрано за знаме со најдобар дизајн. Во 2002 година освои второ место на натпреварот на World Almanac и освои прво место во Канада во 2014 година.[250]

Знамето како државен симбол се користи за време на празниците кое се истакнува на важни објекти, органи на државната власт, јавните служби, установи, локалната власт, на дипломатско и конзуларно претставништво на РМ во странство, на резиденција, во простории каде се гласа, меѓународни средби, спортски натпревари, културни, научни, уметнички собири и манифестации. На денови на жалост знамето се поставува на половина копје.

### 2.17. Донесување на законот за химна на Република Македонија

Химната претставува песна за слава на државата, носител на суверенитетот и еден од трите симболи на државата. Химната се изведува во време на официјални настани како знак на лојалност на државата, за време на официјални посети и важни настани од политичкиот, културниот и спортскиот живот. Кога се подига знамето се изведува химната.

Историјатот на химната започнува уште од Првото заседание на АСНОМ на 02 август 1944 година кога седницата беше отворена со химната „Изгреј зора на слободата", а работниот дел со химната „Хеј Словени".

Текстот на химната „Изгреј зора на слободата" е во редакција на Кочо Рацин објавена на слободната територија во печатницата Гоце Делчев.

Како негативна забелешка претставува што химната не се спомнува во Уставот на НРМ од 31 декември 1946 година и во Уставот од 12 април 1963 година. Химната се употребува на разни државни манифестации и настани.

Дури во Уставот од 21 ноември 1974 година се спомнува Химната во член 10[251] без никакви пошироки податоци.

---

[250] Јоновски, Јован. *Симболите на Македонија*, Силсон, Скопје: 2015, стр.265

Кога беа донесени уставните амандмани од 14 април 1989 година, со амандманот 25 се заменува членот 10 од Уставот на СРМ со текстот : Химна на Социјалистичка Република Македонија е „Денес над Македонија‘‘.

Комисијата за уставни прашања на 25 март 1992 година објави конкурс за грб, химна и знаме. Од пристигнатите решенија за химна, Комисијата за уставни прашања прифати три предлози: „Химна‘‘ од Таки Хрисик, „Денес над Македонија‘‘ од Тодор Скаловски и „Да ни бидеш вечна‘‘ од Александар Џамбазов.

На седницата од 11 август 1992 година пратеникот Кирил Ковачевски поднесе амандан за законот за химната да се направи измена во третата строфа за да се спомене името на првиот претседател на Крушевската република, меѓутоа поддршката не ја доби.[252]

Со мнозинство гласови, Комисијата го прифати предлогот за химна на Р.М. да биде второ наградената „Денес над Македонија се раѓа‘‘.

На седницата вкупно 88 пратеници гласаа „за‘‘ и прифатена е „Денес над Македонија се раѓа‘‘ за химна на Р.М. На гласањето не присуствуваа пратениците од албанскиот блок. Текстуалниот дел заедно со нотите на химната беа објавени во Службениот јазик.[253]

Химната се употребува за дочек и испраќање на претседателот на Република Македонија, при полагање на венци на воени гробишта, гробови на паднати борци, на прослави, политички собири, паради, свечени манифестации, натпревари, на погреби на важни државни личности.Химната се свири на почетокот, на средината или на крајот на манифестацијата за да и се даде најголемо достоинство.

Според протоколот за изведба на химната во Република Македонија, најпрвин се изведува химната на другата држава, а потоа нашата химна. И додека се свири сите присутни стојат мирно свртени со лицето кон изведувачите на химната.

## 17. ОРДЕН 8 СЕПТЕМВРИ

Покрај донесените закони за државните симболи на Република Македонија, донесен е уште еден закон за одликувања и признанија на Република Македонија на седницата на 04 јули 2002 година и употребата на Орденот 8 септември.[254]

Орденот 8 септември претставува орденска звезда, осмокрака сребрена звезда со позлатен ловоров венец со текст 8 септември 1991 на кирилско и латинско писмо.

Се доделува на заслуги на личности и државни органи, установи, на лица, органи и организации кои придонеле за развој и афирмација на меѓунационалните односи во Р.М., за лица за заслуги од областа на безбедноста, одбраната и заштитата на Р.М. на претседатели на држави, на парламенти, влади, високи странски државници, и дипломати.

---

[251] *60 години Устав на Република Македонија (1946-2006),* Европа’92-Кочани, Скопје : 2006, стр.296
[252] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/41sednica1prod11avg92god0.pdf
[253] *Службен весник на Република Македонија* бр.50/ 1992
[254] https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/109%20sednica%2007%20prodolzenie%2004.07.2002.pdf

Законот за Орденот 8 септември беше дополнет со Одлука за опис, изглед и материјал за орденот кој се донесе на седницата на 10 мај 2005 година.[255]

Со изменетата одлука за орденот 8 септември, за првпат се додели на 17 ноември 2006 година на Роберт Бадинтер од Франција, како прв странец одликуван со македонско одликување. Орденот му е врачен на 23 октомври 2007 година во Париз на свеченост организирана во македонската амбасада од страна на претседателот Бранко Црвенковски.




***Орден 8 Септември***

# 3. ОДНОСИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СОСЕДИТЕ

## 3.1. Односите на Република Македонија со С.Р.Југославија

Спогодбата за регулирање на односите и зацврстување на соработката помеѓу Република Македонија и С.Р.Југославија беше потпишана на 10 април 1996 година. Со оваа спогодба има посебно значење за Република Македонија од причина што СРЈ е единствениот сосед кој го призна македонскиот народ со уставното име, македонскиот јазик и идентитет.Се отворија во двете земји амбасадорските претставништва во Скопје и Белград на 08 април 1996 година.На тој начин се воспоставија целосно дипломатските односи помеѓу двете земји.

## 3.2. Односите на Република Македонија со Албанија

Албанија ги изразуваше своите територијални аспирации и амбиции дека албанското население кое живее во Македонија треба да се обедини со Албанија.И од тие причини, осамостојувањето го гледаа како погоден момент на обединување и создавање на заедничка држава.На овој начин се изрази нивната идеологија и желба за создавање на голема Албанија.Тогаш се истакна и Сали Бериша, кој беше претседател на Албанија. Тој имше големи аспирации и амбиции да се истакне во кроење на политиките во

[255] *Службен весник на Република Македонија* бр.31/2005

својата земја и во меѓународната заедница. Ова значеше почеток на еден период на мешање во надворешната политика на другите земји, како и во внатрешната политика на Македонија.

Најизразено беше кога се отвори Тетовскиот универзитет и Албанија побара да се реализираат неколку нивни предлози: да се официјализира постоењето на универзитетот, признавање на албанскиот јазик и Албанците да се прогласат за државотворен народ.

### 3.3. Односите на Република Македонија со Република Бугарија

Република Бугарија претставуваше прва соседна земја која ја призна независноста на Република Македонија без да го признае јазикот и народот.

Меѓутоа, Република Бугарија не дозволуваше регистрација на политичката партија на Македонците од Бугарија, ОМО-Илинден. Со ова се покажа дека не се почитуваат правата на македонското малцинство во Бугарија. Првиот македонски претседател, Глигоров, во своите мемоари истакна дека поранешниот претседател на Бугарија, Жељу Желев, во една прилика признава дека: „Во Бугарија повеќе генерации наназад има два милиони Македонци кои се чувствуваат како Бугари". Ова и го потврди Желев, но немал храброст истото да го каже пред пратениците на бугарското Собрание, бидејќи ризикувал да биде обвинет за велепредавство. Киро Глигоров од неразбирливи причини згреши и одби да го потпише договорот за соработка со Бугарија.Тоа го реализира Љубчо Георгиевски во периодот помеѓу 1996 и 1997 година.

Со ова уште од самиот почеток на осамостојувањето на Република Македонија и до ден денешен не се реши долгогодишниот проблем со соседот Република Бугарија на прашањето за признавање на македонскиот јазик како службен јазик на македонскиот народ.

### 3.4. Односите на Република Македонија со Република Грција

Патот на Република Макеонија кон ЕУ и НАТО, упорно го попречуваше Грција, која не само што побара промена на уставното име, туку таа не го призна ниту македонскиот народ, ниту македонскиот јазик. Создавањето на независна и самостојна Република Македонија претставуваше општествен, геополитички, геостратешки и ментален шок за соседите и за целиот Балкан. Грција правеше притисок за да го укочи влезот на Македонија кон ООН, ЕУ, НАТО и другите меѓународни организации. Се поставуваа услови на Македонија да го смени името и да изврши промени во Уставот.

За Македонија мошне значајна е 1992 година поради приемот во Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Меѓународната конференција за поранешна Југославија. Тогаш беше примена и признаена под привремената референца - ПЈРМ.

Силно беше влијанието на Грција да не се прими Македонија во ООН и тоа да се случи само под името ПЈРМ.

Грција воведе 18 месечно трговско ембарго за Македонија во периодот 1994-1995 година поради две причини, 16 кракното сонце на знамето и несогласувањето со името на Македонија.

Според извештајот на економските експерти, Македонија од грчкото ембарго претрпе штета од околу 2 милијарди долари. Ембаргото започна уште во 1993 година со блокирање на Македонија да не се снабдува со нафта од пристаништето во Солун, задржувајќи еден танкер со нафта, а залихи имаше само за три месеци. Ова беше голем удар за македонската економија, која ќе донесе голема криза и нестабилност.

Заради тоа требаше да се обезбедува од Бугарија и Турција.

Грција во 1992 и 1993 година ги затвараше границите за траспорт на стоки, преку блокади. Се откажуваа трговските врски со Македонија и се затвори конзулатот во Скопје и се забрани увозот на нафта во Македонија од грчката страна.

Од друга страна пак, односот на Грција кон Македонија беше сосема неприфатлив од страна на Европа и беше осудуван нејзиниот некоректен однос кон Македонија.

За Македонија успешна година претставуваше 1993 година кога воспостави дипломатски односи со шест земји од Европската унија. На економската блокада се спротивставија шест држави од ЕУ - Велика Британија, Германија, Франција, Холандија, Италија, Данска со барање да се прекине блокадата.

Дури беше донесено решение од Европската комисија, Грција да се изнесе пред Европскиот суд на правдата во Луксембург.Во овие тешки моменти, соседите и понудија помош на Македонија. Бугарија и дозволи на Македонија да го користи пристаништето во Бургас на Црно море.Албанија го понуди пристаништето во Драч, а турскиот претседател Демирел Сулејман понуди да се користат турските пристаништа. И покрај тие тешки моменти, Македонија имаше земји кои понудија да и помогнат за да излезе од кризата.

### 3.5. Меѓународно признавање на Република Македонија

Прашањето за меѓународното признавање на Македонија започна уште од 1991 година кога се прогласи нејзината самостојност и независност.

Тоа беше оној момент кога комисијата на Бадентер и покрај тоа што Македонија ги исполнуваше условите за признавање, Брисел беше кочницата која не го отвори патот за признавање на Македонија.

Во јуни 1992 година ЕЗ во Лисабон и поставија услов на Македонија доколку сака да биде признаена да не го користи името Македонија. Истото се случи и во ООН каде стоеше името поранешна југословенска Република Македонија (ПЈРМ), но со уверување дека за брзо време ќе се реши проблемот.

Македонија доживеа голема криза во железничкиот сообраќај, економска блокада и опаѓање на економијата.

Овој период го искористија САД да доминираат и да влијаат на малите држави, особено кога се формираа новите држави Република Српска и Косово. Сосема беше

јасно дека САД влијаеја на Балканот, и тие беа заштитна рака на Албанците, со можност да му се дозволи на Косово нелегално да се одвојува од Србија. Со ова се сруши територијалниот интегритет на Србија[256].

Кога спомнуваме за меѓународното признавање на Република Македонија треба да се потенцира пред се неправилниот прием на Македонија во ООН, со што се прекрши Повелбата на ООН, бидејќи ни беше суспендирано и оспорено името на државата.

Република Македонија е единствена земја која што има ваков прием во ООН, од причина што вакviот тек на настаните ги диригира САД, а не е проблемот во Грција.

Првиот чекор за меѓународно признавање на Македонија го направи претседателот на Република Македонија кога на 02 декември 1991 година упати писмо до сите шефови на држави и влади со барање за меѓународно признавање на Македонија.

Покрај ова барање беше поднесено барање до ООН до генералниот секретар Бутрос Гали за прием на Македонија во ООН. Меѓутоа на барање на Арбитражната комисија да се променат двата амандмани во Уставот поради приговорите на Грција како членка на ЕЗ. Тие два члена се однесуваа на границите и на дел од македонскиот народ кои живеат како национално малцинство во соседните земји.

Собранието на Република Македонија на 06 јануари 1992 година донесе измени во Уставот на Македонија., со усвојување на I и II амандман на Уставот на Република Македонија. [257]

И покрај измените, Македонија не доби прием во меѓународната заедница како што добија Словенија и Хрватска без никакви уцени и предуслови. Македонија доби само лажни ветувања, заедно со Босна и Херцеговина.

Најпоразувачки меѓународен настан за Македонија претставуваше состаноците кои се одржаа на 1 и 2 мај 1992 година во Гимареш,Португалија. На овие состаноци ЕЗ според барањето на Македонија за меѓународно признавање тие прифатија да ја признаат под името ПЈРМ. На овој настан официјално се користеше името ПЈРМ. Со оваа одлука најзадоволни беа Грците и премиерот Мицотакис. И покрај прифаќање на нивните барања и услови, Грците воведоа вето кон Македонија.

Со Лисабонската декларација од 27 јуни 1992 година донесена е одлука Македонија да го смени името и после тоа ќе добие меѓународно признание.На овој начин се бранеше грчкиот став, а на голема штета на Македонија да се откаже од своето уставно име.

На 15 јануари 1992 година Бугарија е првата земја која ја призна Македонија под уставното име, а на 1 октомври 1992 година Република Бугарија отвори генерален конзулат во Скопје. По пет месеци Македонија отвори Генерален конзулат во Софија, а до крајот на 1993 година двете земји отворија амбасади.

На 06 февруари 1992 година Турција ја призна Македонија под уставното име и во август 1992 година воспостави дипломатски односи. Словенија и Хрватска ја признаа

---

[256]Никовски, Ристо. *Клучот за името е во Вашингтон, не во Атина*, Авторско издание, Скопје: 2015, стр.47
[257] Службен весник на Република Македонија бр. 1/ 1992 година

Македонија под уставното име на 12 февруари 1992 година, а Босна и Херцеговина на 20 април 1992 година, руската Федерација на 05 август 1992 година.

На 27 јануари 1998 година помеѓу претседателот на руската Федерација, Борис Елцин и претседателот на Република Македонија Киро Глигоров во Москва, беше потпишана Декларацијата за пријателство и соработка помеѓу двете земји.

На 21 февруари 1993 година Велика Британија заедно со Холандија, Италија, Шпанија, Португалија и Белгија ја признаа Република Македонија под привремената референца. Германија ја призна Македонија како независна држава на 15 април 1993 година, но тоа го стори под референцата „поранешна југословенска Република Македонија".

Од посебна важност за Република Македонија е признавањето на Македонија под уставно име од страна на Народна Република Кина на 12 октомври 1993 година, со што и формално ќе бидат воспоставени дипломатските односи на ниво на амбасади. Со тоа Кина ќе стане десетата земја во светот која ќе ја признае Република Македонија под уставно име. Меѓународното признавање од страна на Кина е од големо значење за Република Македонија, затоа што оваа земја е една од петте постојани членки на Советот на безбедност.

Поради непризнавање на Македонија под уставното име од многу европски држави, нема да може да аплицира за влез во многу меѓународни организации и институции. Ќе започне период на тешка економска состојба и криза со големи последици за македонскиот народ. Затоа Македонија ќе побара меѓународна превентивна заштита за безбедност од страна на ОН.

Започна стационирањето на мировниците на ОН во првата мисија во Република Македонија – УНПРОФОР, а потоа УНПРЕДЕП.

Во посредништво на другите земји, дури на 13 септември 1995 година во Њујорк министерот за надворешни работи Стево Црвенковски и министерот за надворешни работи на Грција, Каролос Папуљас потпишаа привремена Спогодба за нормализирање на односите помеѓу двете земји. За да се промени односот помеѓу двете земји, потребно беше Македонија да го смени знамето од шеснаесеткраци на сонце на осум краци со став дека сонцето од Вергина припаѓа на грчката историја, а не на Скопје. Откако се случи оваа промена на 15 октомври 1995 година Грција го укина трговското ембарго кон Република Македонија, кое започна на 16 февруари 1994 година.

На 9 октомври 1995 година, беше ратификувана привремената Спогодба меѓу РМ и Грција. Потоа следуваше свечениот чин пред палатата на ООН на 22 октомври 1995 година во Њујорк кога беше подигнато знамето на РМ. На тој начин после неполни три години се заокружи влезот на Македонија во ООН.

Ова ќе го отвори патот на Република Македонија да стане членка и на други меѓународни организации кога на 27 септември 1995 година стана 38-ма членка во Советот на Европа, а на 12 октомври 1995 година Македонија стана 53-та членка на ОБСЕ и членка на ГААТ. На 15 ноември 1995 година Р.М. официјално стана 27- ма членка на мировната иницијатива на НАТО, „Партнерство за мир", и на други организации, европски и светски асоцијации.

Последна соседна земја која воспостави дипломатски односи со Република Македонија беше С.Р. Југославија, на 8 април 1996 година.

И покрај воспоставените билатерални односи помеѓу Македонија и САД уште од 1991 година, САД формално ја призна Македонија на 08 февруари 1994 година.

На 13 септември 1995 година двете држави воспоставија целосни дипломатски односи на ниво на амбасада, а првиот американски амбасадор во Македонија започна со работа во јули 1996 година.

На 22 декември 1995 година Македонија воспостави дипломатски односи со ЕУ. Тоа значи дека се отворија преговорите со РМ во насока на склучување на Спогодбата за соработка на полето на трговијата, финансиските операции и транспортот. Главната намера на Република Македонија беше да стане членка на ЕУ.

До денес Република Македонија има воспоставено дипломатски односи со над 150 земји во светот, а под уставно име е призната од над 120 држави, вклучувајќи и четири од петте постојани членки на Советот за безбедност, Кина, Русија, САД и Велика Британија, членките на ЕУ, Шведска, Австрија, Ирска, Луксембург, Словачка, Естонија, Чешка Република, Унгарија, Литванија, Романија, Бугарија, сите поранешни југословенски републики, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија.

Други земји што ја признаа Република Македонија под уставно име се: Индија, Канада, Швајцарија, Индонезија, Аргентина, Израел, Бразил, Саудиска Арабија, Иран, Украина и други.

Република Македонија е земја членка на повеќе меѓународни организации како ММФ, СТО, ЦЕФТА, Франкофонијата и други признати светски организации. Со овој развој на Македонија и беше овозможено мир, стабилност и економски развој.

Една од грешките што ги направи Македонија е што од почетокот на осамостојувањето не успеа да стане членка на Движењето на неврзаните земји.

За овој потег што не успеавме да станеме членки, најмногу „помогнаа" САД и Брисел. Тие не убедуваа да не се зачленуваме во неврзаното движење со убедување на нивните приказни дека за брзо време ќе станеме членки на ЕУ и НАТО.

Нашето членство во неврзаното движење не и одговораше на ЕУ и НАТО, бидејќи неврзаното движење ќе беше присутно на Балканот и пошироко. Појавата и ширењето на неврзаното движење од минатото не може да се спореди со сегашното. Во тој период многу земји од целиот свет станаа членки на движењето. Тогаш лидери на неврзаните земји беа Тито, Насер, Нехру, Ганди и други кои потекнуваа од сиромашни земји.

Денес неврзаното движење има 120 членки-земји и 18 држави имаат статус на набљудувачи. Пред се треба да се спомене дека повеќе од 130 членки кои го прифатија

нашето уставно име, повеќе од 100-тина земји се членки на Движењето на неврзаните земји.[258]

Тоа значи дека земјите од неврзаното движење го прифатија уставното име на Македонија, за разлика од другите поголеми сили кои не уценуваат повеќе од 20 години и ни поставуваат услови и предуслови од нивна страна да ги прифаќаме.

И покрај можноста да учествуваме на настанот на одбележувањето на 50 години од Движењето на неврзаните земји кое се одржа во Белград, од Србија имавме покана да присуствуваме како коорганизатори, Република Македонија не зема учество на самитот.Ја испуштивме приликата за поголемо признание од ДНЗ, за да биде Македонија посилна и со поголем респект.

Како потсетување членки се земји од Азија, Африка Латинска Америка, арапските земји, набљудувачи се Русија, Украина, Бразил, на состаноците учествуваат агенции на ООН, Групата 77 итн.

Македонија стана членка на ОБСЕ на 12 октомври 1995 година (Организација за безбедност и соработка во Европа), меѓународна организација во која членуваат 56 земји. Тоа се случи непосредно после неколку дена по атентатот врз претседателот Киро Глигоров.Македонија стана членка на Советот на Европа на 09 ноември 1995 година заедно со Албанија, Летонија, Молдавија и Украина.

## ЗАКЛУЧОК

[258] Никовски, Ристо. *Клучот за името е во Вашингтон, не во Атина*, Авторско издание, Скопје: 2015, стр. 177

Кога ќе се навратиме назад во минатото, Македонија од Илинденското востание до создавање на АСНОМСКА Македонија не постоеја услови за создавање на политички партии. Во периодот на војната, македонскиот народ се приклучи кон Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) и беше создадена КПМ (во 1943 година).

Во периодот на постоењето на југословенската држава во Македонија како една од шестте југословенски републики, постоеше и егзистираше само една политичка партија која од КПЈ се преименува во СКЈ во повоениот период.

Затоа, во тој период Македонија се прилагоди кон постоење и функционирање на една политичка партија. Ако преминеме на другата страна, на развитокот на републиките, уште од почетокот на постоење на СФРЈ, постоеја развиени и неразвиени републики.

Македонија од самиот почеток претставуваше неразвиена република во секој поглед и така ќе остане се до распаѓањето на СФРЈ.

За да го задржи својот углед и авторитет со Уставот од 1974 година Јосип Броз Тито беше прогласен за доживотен претседател на СФРЈ, а беше воспоставено и Претседателството на СФРЈ каде учествуваа претставници од сите републики и автономни покраини.Претседателството продолжи да функционира и да ја води државата и по смртта на Тито, сè до 24 април 1992 година.

Сосема беше очигледно во периодот од цели 28 години кога се донесе првиот Устав во 1946 година и се до последниот донесен Устав на СФРЈ во 1974 година како модели на југословенскиот социјализам се воведоа работничкото самоуправување, самоуправниот социјализам и делегатскиот систем.

Но, додека постоеше не беше доволно подготвена да ја извршува својата функција, пред се да ги согледа внатрешните и надворешните причинители на кризата и распадот на државата.Државата се соочуваше со проблеми, особено со зголемување на бројот на невработените, а пак образованите невработени кадри заминуваа во други земји да бараат егзистенција.

Оние кои останаа во државата беа незадоволни, својот револт го изразуваа на улица, преку организирани штрајкови.Тие не успееја да ја спасат државата, туку СФРЈ ја вовлекуваа во уште поголема економска криза.

Во тие моменти, претседателот на Сојузната влада, Анте Марковиќ беше единствениот политички лик кој имаше сериозна намера да ја спаси СФРЈ од економската криза, да ја намали сиромаштијата со донесување предлог пакет мерки.

Тие беа привремено решение за спас на СФРЈ од кризата, со една цел таа да влезе во Европската заедница. Но, неговиот план и идеја воопшто не добија поддршка од ниедна република.Покрај реформатор во економијата, Анте Марковиќ се истакна како иницијатор на создавање на нова партија, односно на Сојузот на реформските сили на Југославија кои учествуваа на повеќепартиските избори во повеќето републики и доживеа голем пораз.

Покрај обидот на Анте Марковиќ и неговите спроведени реформи за да се излезе од кризата, во тој период се појави планот Изитбеговиќ-Глигоров за да се создаде сојуз на држави и употребливост на Уставите на републиките. Предлогот на двајцата искусни политичари не беше прифатен од другите републики и пропадна идејата за опстанок и

постоење на СФРЈ. Ова всушност, претставуваше последната понудена идеја за опстојување на СФРЈ и избегнување на крвопролевањето, граѓанската војна и големиот број на жртви.

Кон крајот на 1991 година Анте Марковиќ поднесе оставка. А во тој период се забележа мешање на меѓународната заедница во работите на Балканот. Таа и ветуваше на СФРЈ дека ќе стане членка на Европската заедница, но за овој предлог не беа заинтересирани. Покрај тоа, во судирите кои се случуваа во бивша Југославија, се замешаа и ООН испраќајќи своја делегација составена од лордот Роберт Овен и Сајрус Венс, каде во 1992 година се одржа конференција во Лондон. Од таа конференција произлезе присуството на воени трупи на ООН на Балканот. Се смири состојбата во Хрватска, силите на ООН беа присутни во Босна и Херцеговина. Бидејќи тие не успееја таму да се смири состојбата, тогаш се вклучија НАТО воените сили.Дури 1995 година со Дејтонскиот договор заврши воениот судир во Босна.

За распаѓање на Југославија најголем проблем претставуваше нефункционирањето на Сојузот на комунистите која претставуваше единствена политичка владеачка партија во СФРЈ. 14-тиот конгрес на СКЈ го започна процесот на одвојување на републиките од СФРЈ и почеток на распаѓање на СКЈ. Конгресот беше последниот собир на нејзините делегати на кој не успееја да донесат никакви позитивни одлуки и решенија за да се спаси партијата и државата. Најголемо влијание за ова имаше словенечката делегација која не се согласуваше со ниеден предлог и категорично го напуштија конгресот заедно со делегатите од Хрватска. Всушност, овде се појавија две струи, од кои едната ја застапуваше Словенија и Хрватска со идеја за одвојување од СФРЈ, а другата струја во која се наоѓаа Србија, Македонија, БиХ, Црна Гора настојуваше да се создаде еден поинаков сојуз на држави во кој најмногу сакаше да доминира Србија. Од ова ништо не се случи, освен ембаргото на Србија кон Словенија кога забрани увоз на словенечки производи во Србија. Тажна но јасна беше сликата од тогашната ситуација, од републиките кои го развиваа и ширеа братството и единството и рамноправноста, се свртеа работите преку ноќ, па станаа најголеми непријатели.

Во тие околности влијание изврши и доминацијата на Слободан Милошевиќ кој своеволно влезе во сојузната каса и во корист на својата држава Србија си повлече пари во вредност од околу 2 милијарди долари за да може да си помогне на сопствените избори, закажани во декември 1990 година. Ова ќе донесе силно незадоволство од сите југословенски републики, поради упадот и грабежот на заедничките пари кои ги искористи за свои цели. Слободан Милошевиќ ја стави под своја команда и ЈНА, иако таа беше заедничка воена сила на сите југословенски републики. Од тие причини, ЈНА извршила дури воен удар и напад на територијата на Словенија, а таа пак ќе се одбрани со силите на територијалната одбрана. На тој начин започна процесот на распаѓање на југословенската федерација, кон крајот на 1989 година, која беше очекувана и посакувана состојба од сите републики и покраини. Со сите промени кои се случија во СФРЈ резултираше распадот на федерацијата и од републиките се формираа пет нови држави кои беа самостојни, независни со меѓународно признание : Република Словенија, Република Хрватска,БиХ, Србија, Црна Гора и Македонија.

Веднаш по 1990 година, во Македонија започна периодот на појава на плурализмот, односно создавање на политичките партии. Поради мултинационалноста во Македонија, се формираа политички партии на етнонационална основа. Создавањето на политичките партии го опфатија времето кога започна распаѓањето на Југославија.

Беа формирани 18 политички партии, од кои 14 со македонски етнички карактер, три албански и една ромска.

Новоформираните политички партии располагаа со свои програмски документи во кои беа истакнати историските идеали и етнонационалните права и визии на членството. Мошне е јасно и очекувано е дека од редовите на Сојузот на комунистите на Македонија произлегоа неколку партии: Партија за демократска преобразба која по изборите го промени своето име во Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ), Социјалдемократската партија на Македонија (СДПМ), Социјалистички сојуз – Социјалистичка партија на Македонија (СПМ).

А од другата страна се појавија новите политички партии кои во своите програми и цели ги опфаќаа историските идеали на македонскиот народ. Тогаш беа формирани МААК, Народна партија на Македонија, Демократски сојуз – Партија на земјоделците и ВМРО-ДПМНЕ. МААК на почетокот претставуваше движење а потоа премина во политичка партија.

И покрај постоењето на голем број политички партии, од самиот почеток на нивното оформување недостасуваше идеолошката определба во вистинска смисла на зборот.

Според структурата политичките партии беа поделени на историски, реформистички, етнички и нови партии. А според партиските програми поделени се на три опции:

- Да се создаде Македонија како самостојна и суверена независна држава,
- Македонија да претставува дел до југословенската федерација и
- Македонија да претставува рамноправен ентитет на конфедеративната заедница на самостојни и суверени републики

Тие ги застапуваа доминантните политички идеологии од другите партии во Европа.

Затоа подолг временски период ќе опстанат двете најголеми и најдоминантни партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во Република Македонија.

Додека оние нови партии кои се појавија на почетокот на плурализмот во Македонија ќе опстанат само во првите два избори и ќе згаснат како партии.

Сосема е јасно дека во денешно време политичките партии се институции кои ја претставуваат демократијата.

Промени се случуваа во европските и балканските земји уште на почетокот на 1990 година, со активирање на антикомунистичките партии. Дојде време да се стави крај на комунистичките партии и движења, со што се увиде дека не се функционални и не носат никаков напредок и прогрес за државите. Голем број на членови од комунистичките партии преминуваа во други политички партии, а некои пак од нив се преименуваа во социјалистички партии. За нивното формирање и активирање,

најголемо влијание извршија партиите кои се формираа во другите европски земји. Постоеше огромно незадоволство од тогашното комунистичко движење и дојде време за згаснување на комунизмот.

На последните денови од работата на Собранието на СФРЈ, ќе се усвојат амадманите на Уставот, Законот за изборите, Законот за политичките партии. На 8 ноември 1990 година Собранието ја одржа својата последна седница и заврши функцијата и работата на југословенското Собрание.

Со формирањето на партиите, се стави крај на комунизмот,  и секоја партија имаше своја идеологија а тие се разликуваа по верскиот и етничкиот концепт. Двете најголеми партии се разликуваа по тоа што ВМРО-ДПМНЕ беше со конзервативистичко-христијанската ориентација, а СДСМ со социјалдемократската ориентација.

Откако се формираа многу политички партии во Македонија се отвори патот кон организирање на парламентарни избори. На почетокот државата ги финансираше политичките партии бидејќи немаа доволно средства за да може да спроведуваат активности и кампањи. Со ова започнува периодот на појава на политичкиот плурализам а се стави крај на политичкиот монизам.

За да заживее политичкиот плурализам во Македонија, потребно беше да се изврши промена на амандманите во Уставот на СФРЈ и на Уставот на СРМ од 1974 година. Само со една промена на амандманите започна развитокот на политичкиот плурализам во Македонија и формирањето на политичките партии и здруженија. Се појави конкуренција на СКМ и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ и можност за нови партии и политички програми и кандидати за парламентарни избори во Македонија. Со ова се стави крај на партискиот монопол и постоењето на една партија, а започна времето на формирање на повеќе политички партии и граѓански здруженија. За многу кратко време се формираа многу партии а истото се случуваше и во другите југословенски републики. Спасот од пропаста на распаѓањето на СФРЈ, сите републики го гледаа во новите политички партии и новите политички лидери од кои очекуваа драстични промени во развојот и напредокот како нови државни субјекти на Балканот.

За Македонија најголемо влијание извршија Словенија и Хрватска каде што се формираа многу политички партии. А Македонија е забележана на сцената како една од последните републики за прифаќање на политичкиот плурализам. Новите партии беа поделени на реформирани, етнички, нови партии а се рестартираа и старите партии.

За да се извршат измени во законите, пред сè треба да се спомене дека се употребија одредбите на Законот за општествени организации и здруженија на граѓани, донесен на 1-ви  април 1990 година. На тој начин се формираа првите политичките партии и ова се применуваше сè до 28 јули 1994 година кога беше донесен новиот закон за политички партии. Во судскиот регистар на Апелациониот суд во Скопје, во периодот од 1990-1998 година запишани се 88 политички партии и здруженија на граѓани, но веќе 53 од нив повеќе не постојат.

Само во 1990 година беа формирани 23 политички партии, а пред одржување на изборите беа формирани уште нови политички партии. За да се формираат

политичките партии, од правен аспект требаше да се донесат законот за политичките партии, законот за финансирање на политичките партии и Изборниот закон. Првиот закон за политичките партии во Македонија беше донесен во 1994 година и во тој период беа регистрирани вкупно 68 политички партии.

Хронолошки од почетокот на 1990 година заклучно со 1999 година прегледот на регистрирани политички партии изгледал вака:

| **1990** | **1991** | **1992** | **1993** | **1994** | **1995** | **1996** | **1997** | **1998** | **1999** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **23** | **13** | **17** | **9** | **6** | **4** | **4** | **4** | **2** | **1** |

Очигледно е дека уште на самиот почеток на парламентаризмот и плурализмот во Македонија се формираат драстично голем број на партии, додека пак со донесувањето на законот за политичките партии во 1994 година, драстично се намалува трендот на формирање на партии во Македонија.

И од тој аспект, следниот закон за политички партии се донесе дури по десет години. Според законот за политичките партии се дефинира поимот на политичка партија, нејзиното формирање, потврда за регистрација, престанок на партијата и друго.

Кога ќе се направи анализа на сите новоформирани политички партии во Македонија, може да се заклучи дека сите партии имаат исто гледиште на некои области како што се: развојот на економијата со воведување на пазарната економија, воведување на приватната сопственост, слободно движење на луѓето, капиталот. На овие теми беа обединети партиите: МААК, ЛД, ПДП, СКМ-ПДП, ВМРО-ДПМНЕ.

Во Македонија се одржаа првите општи, непосредни, тајни, слободни избори, со остварување на демократијата и општото право на глас на сите граѓани кои живеат во Македонија. Изборот на 120 пратеници заврши успешно во демократски дух, во два изборни круга, во 120 изборни единици, без никакви инциденти, проблеми и конфликти.

На првата конститутивна седница главни прашања беа интонирање на химната за време на седницата, верификација на пратеничките мандати и полагање заклетва од страна на пратениците. И покрај дилемите и предлозите која химна да се интонира, успееја едногласно да најдат решение да започне и да заврши конститутивната седница. Иницијативата за нов Устав на Македонија е покрената од страна на партијата ВМРО-ДПМНЕ и овој податок треба да го знае македонската јавност и историјата на парламентаризмот.

Донесувањето на новиот Устав на Македонија претставуваше еден долг и недефиниран период, и покрај ветувањата дека тој ќе се донесе до 30 септември 1991 година. Првата грешка започнува уште од самиот почеток на нацрт-Уставот кога не беше организирана јавна расправа за да може да се разгледуваат граѓанските предлози за Устав. Сосема беше јасно дека Уставот беше наложен од страна на експертите и пратениците беа приморани да го гласаат и да го прифатат без никаква анализа и период за промени. Ако се направи споредба со првата република која се издвои од

СФРЈ, Словенија две години беше без Устав, и сосема нормално функционираше,се подготвуваше да добие меѓународно признавање и за кратко време го доби и стана членка на ЕУ. Донесувањето на Уставот беше забрзан и наметнат без никакви длабоки анализи, коментари, критики, измени, дискусии, туку сето тоа се одвиваше со уцени и присила. Уште една негативна оценка за донесувањето на Уставот се однесува за временската рамка за одобрение и гласање од страна на пратениците. Не беше донесен според претходно донесениот план за Уставот.

После долг временски период на работа и активирање на најстручните и професионални лица, беше прогласено донесувањето на првиот Устав на Република Македонија, за кого не гласаа албанските пратеници.

Уште на самиот почеток, за да се решат прашањата кои се однесуваа за националните малцинства се правеа отстапувања, уцени, „пазарување‘‘, уште во времето кога се противеа да излезат на референдум, на попис, на избори и слично.

За сите тие моменти македонскиот народ секогаш е уценуван и прашање е која е таа политичка личност која седи на масата на уцени и договори со Албанците?

Многу е лоша политиката и работата на државните институции кои не се залагаат за донесување и спроведување на закони, факт е дека од референдумот и со донесувањето на Уставот не е донесен ниту еден закон.Постојат многу отворени прашања и случувања а државниот врв не превзеде никакви мерки, како што се повлекување и одземање на оружјето од Македонија, случувањата во Словенија, Хрватска, најава на „сини шлемови‘‘ во Југославија. Никој од државниот врв не изрази потреба да се седне да се разговара да се увиди во кој правец ќе се движи Македонија со распаѓањето на Југославија, ниту пак што треба да се превземе, кои се последиците за државата, за народот. Покрај тоа, во тие тешки моменти, не се почуствува сплотеност, соединување на политичките партии да седнат на една маса да се договорат со заеднички сили да ги решаваат проблемите и дилемите.

Не се почуствува во ниеден момент дека е потребно да се подготви еден акционен план и да се решава „чекор по чекор“ одвојувањето од федерацијата и да се донесе план и програма за распределба на воените капацитети за која Македонија го дала својот придонес од 1945 година па сѐ до 1990 година. Истото се однесуваше и за фабриките, претпријатијата, кои беа отварани од вредните раце на работниците после војната. Но, успееја да ги однесат до дното, до пропаст, до затварање на голем број фабрики и претпријатија во кои работеа по илјадници работници, го ширеа пазарот и надвор од границите на СФРЈ а кои беа познати по квалитетот. Голем дел од фабриките, претпријатијата пропаднаа, капиталот, средствата за работа, деловните простории и хали ги „превземаа“ тогашните директори. Тие ги присвојуваа, ги приватизираа и се обидуваа да проработат ширејќи го пазарот и надвор од својата држава. А поради намалената работа отпуштаа голем број на вработени.

Наспроти пропаста на економијата во Македонија, се донесе амандман со кој беше овозможено да се развива политичкиот плурализам во Македонија и да се формираат политички партии и здруженија. На овој начин се појави конкурентска страна, односно можност да се формираат партии наспрема постоењето на Сојузот на

комунистите на СРМ и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ кои не се повеќе единствена сила да предлагаат кандидати за политички избори во Република Македонија.

И на прашањето за меѓународниот развој на Македонија, партиите се поделени на две групи. Во првата група која не се занимава со ова прашање се: ЛД и СЈМ, а во втората група влегуваат партиите: МААК, ПДП, СКМ-ПДП и ВМРО-ДПМНЕ со афирмација на идејата за европска интеграција на Македонија.

Кога се анализираат политичките програми на партиите, јасно е дека по многу прашања тие завземаат исти гледишта и решавање на одредени проблеми, како што се земјоделството, образованието, екологијата, меѓународната политика, развојот на селата и друго.

Мошне лесен беше начинот на гласање на избори ако се има предвид дека се гласаше за кандидатите кои припаѓаат на една политичка партија. Кандидатите за пратеници се избираа според потеклото и образованието, а не по квалитет и способност кој може да го даде својот придонес, да понуди добра програма,да овозможи добар и квалитетен живот за сите граѓани без разлика на националната и верска припадност.

Поделбата на партиите се појави уште на првите избори во Македонија, на блок на реформираните комунисти, блок на националните партии и блокот на албанските партии. Оваа поделба ќе донесе негативизам кога се избираше претседател на државата од пратеничките столчиња каде започна неуспешно, бидејќи уште на првата седница не се гласаше за него. И вторите парламентарни избори завршија неуспешно затоа што опозицијата ги бојкотираше изборите и не функционираше парламентот без опозиција. Кај нас парламентот опстојува само со коалиции на политичките партии и со тоа ја одбележува слабоста на една партија да не може сама да формира влада, туку уште од самиот почеток победничката партија потребно е да формира коалиција со други партии за да може да ја формира владата. Затоа и во иднина во Македонија ќе се спроведуваат и предвремени парламентарни избори поради слабоста и нестабилноста на парламентарниот состав. Тоа искуство продолжува, не се пронајде друг поинаков механизам за да се излезе од парламентарната криза. Кога имаше потреба веднаш се организираа и се спроведуваа предвремени парламентарни избори.

Уште на самиот почеток на функционирање на партиите тие ги покажаа своите слабости, не ја покажаа својата одговорност и лојалност пред законот и државата, туку ја покажуваа својата политичка неодговорност. Грешката се појави уште од самиот почеток кога за кандидати се избираа од разни профили без некое големо правно и политичко познавање и образование и умешност на говорење на кандидатите за пратеници. Тие беа необучени, неподготвени и непрофесионално ја извршуваа функцијата пратеник. Покрај тоа, има група на пратеници кои на секои наредни избори истите се појавуваат на политичката сцена, без никакви постигнувања.Тие не се ни трудеа да направат некои мали измени во законите, а особено во измената на изборниот процес. Како да им одговараше ваквиот вид на изборен процес за да може една политичка партија да издвојува победа, а другата да биде поразена во катастрофални размери. И на тој начин народот се доведуваше во голема заблуда во кој правец ќе се движи развојот или падот на државата.

Во периодот по 1990 година кога се одржуваа првите парламентарни избори, граѓаните имаа можности да гласаат за кандидатите од повеќе политички партии. Еден дел од политичарите се „прелеваа" во партиите кои започнаа да се формираат во Македонија. Тоа се однесуваше на старите политичари кои веќе имаа искуство во политичката работа. Меѓутоа во периодот од 1990 година во политиката се вклучуваа млади лица кои допрва се едуцираа, обучуваа и сите оние кои успешно дебатираа и се покажаа во улогата пратеник.Тие во иднина завземаа високи позиции, лидерски, премиерски или пак претседателски функции. Во целата таа активност им помагаа и невладините организации кои започнаа да отвораат свои претставништва во Македонија и да се доближуваат до власта и да им даваат финансиска и консултативна поддршка на македонските политичари.

Секако тие невладини организации доаѓаа од големите сили како што се Велика Британија, САД, Германија и други кои на некој начин се обидоа и успееја да го задржат своето влијание на македонско тло до ден денес.

Ако се направи анализа на двата избора за пратеници во републичкото Собрание, може да се утврдат многу неправилности, нелогичности, нееднаквост во освоените гласови и распределените мандати. Меѓутоа беше намалена вредноста на индивидуалниот глас на секој избирач и намалена е легитимноста на постоечката власт. Ова беа главни причини да се започне постапката за промена на изборниот модел во Македонија. Всушност, со ова се покажа лошиот квалитет на двата избори за четири години и се појави незадоволство и од двете страни и од гласачите и од партиите. За да се подобри сликата за квалитетен изборен модел донесена е одлука за промена на истиот со воведување на паралелен изборен модел. Со тоа ќе се овозможи промовирање на сите политички партии, парламентарното мнозинство да формира влада која ефикасно ќе ја извршува извршната власт.

Во тие моменти реагираше владата во 1993 година преку поднесување на предлог закон за измена и дополнување на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници и да се донесе под хитна собраниска постапка. Со овој предлог не се сложуваа пратениците и предлогот на владата пропадна. Требаше да помине уште една година да се покрене овој предлог закон и да го донесат законот за политички партии и законот за избор на претседател на државата. Тогаш не беа усвоени поради неподготвеноста на власта и опозицијата да ги подготват и да ги донесат промените на законите. За ова се појавија два предлога, според првиот требаше да се воведе паралелен изборен систем каде 85 пратеници ќе се бираат согласно мнозинскиот принцип во изборните единици, додека пак останатите 35 пратеници би се бирале согласно пропорционалниот принцип со државна листа. А според вториот предлог да се воведе регионално-пропорционалниот принцип според кој мандатите би се распределиле на пропорционален начин во 12-15 регионални изборни единици со различна големина. Собранието се определи за паралелниот изборен модел за распределба на пратеничките мандати. Пред одржување на третите парламентарни избори Собранието донесе три нови закони и тоа :

- закон за избор на пратеници во Собранието на Р.М.,

- Закон за изборните единици и

- Закон за избирачките легитимации

Овие три закони кои се однесуваат за процесот на парламентарните избори ќе овозможат да се воведат промени во целокупниот изборен процес, со една цел да се олесни нивното одржување, избор и функционирање на пратениците.

Сосема е јасно дека изборите се огледало на државниот поредок, се покажува каква е државата, дали функционира и дејствува судството, извршната власт, полицијата, дали се почитуваат и спроведуваат законите.

Преку изборите пред се се одразува сликата дали постои демократија во државата. Овде треба да се споменат и податоците од извештаите од домашните и странските набљудувачи во Македонија запишани се следните проблеми: групно гласање, гласање за отсутни или незапишани граѓани, без валидни проверки, кршење на гласачки кутии, напади на гласачки изборни места, уфрлување на гласачки ливчиња во гласачките кутии, агитирање пред гласачките места за кого да гласаат и слично.

И покрај регистрираните и укажаните проблеми кои се појавуваат во периодот на изборите, за следните избори не се превземаа никакви мерки за да се подобрат. Грешката се појавува уште од самиот избор на членови на изборните органи кои се бираат по партиска линија, а не се ставаат стручни, способни и професионални. Грешките постојат, членовите на изборните органи остануваат да ја извршуваат својата функција, меѓутоа се организираат обуки за да се подготват за изборите. Откако ќе се утврдат грешките и негативностите на изборите потребно е да се извршат поконкретни и подлабоки промени на следните избори. И во секои наредни избори не се воведуваат никакви измени, пред се да се установат аномалиите и грешките и да се завземе еден поинаков став на кој начин да се спроведуваат квалитетни избори во македонската држава.

Како една од активностите која ја превземаа пратениците од првиот парламентарен состав претставуваше изборот на претседателот на државата. И тоа претставува прв и единствен избор досега, гласање на претседател на државата од страна на пратениците. Тоа значеше дека не беа организирани претседателски избори за да се произјасни народот. Уште на самиот почеток на функционирање на првите државни институции, се случуваа средбите помеѓу одредени влијателни политички личности како што беа средбите помеѓу Љупчо Георгиевски, Стојан Андов и Петар Гошев. Тие беа клучни политичари за решавање на важни прашања во македонската политика. Во тој период на активностите на тројцата личности може да се увиди поделбата помеѓу нив, Андов и Гошев политичари кои се истакнаа уште во СКМ, додека пак Георгиевски беше млад политичар кој беше најголемиот противник на комунистичкото движење. Разликите се појавија помеѓу нив, поради нивната политичка определба, а влијание изврши и нивните години и размислувања кои далеку далеку се разликуваа еден од друг.

Како еден од таквите договори претставуваше поделбата на власта, кога беше договорено за претседател на Собранието да се избере Стојан Андов, за претседател на државата од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и за премиер од редовите на СКМ-ПДП. Ова значеше дека уште на самиот почеток постоеја поделби, преговори, заговори. Од страна на ВМРО-ДПМНЕ беше поднесен предлог за кандидат за претседател на

државата од редовите на црквата, всушност свештено лице од христијанската вера, кој не беше прифатлив од другата страна. Ова значеше дека за овој кандидат нема да гласаат ниту Албанците, ниту пак другите граѓани кои се прокомунистички ориентирани, познавајќи ја нивната идеологија и определба кон црквата. Со ова може да се заклучи дека поголем дел од електоратот нема да гласаат за кандидатот кој е свештенско лице. Ова претставуваше на некој начин провокација, а можеби и ориентација на оние граѓани кои не ја прифаќаа религијата и црквата. Сосема јасно беше дека за него нема да гласаат Албанците и другите припадници на муслиманската припадност. Ова значеше погрешен избор и пораз на ВМРО-ДПМНЕ.

Во тој период се истакнаа пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кои беа поподготвени за разлика од другите пратеници, кога веднаш по конституирање на Собранието тие излегоа со своја идеја и иницијатива да се донесе Декларацијата за сувереност на СРМакедонија. По две недели потребно беше да се донесе одлука сите политички партии да земат учество во креирањето на Декларацијата за сувереност за која ќе се дискутира на седницата на Комисијата за уставни прашања.

Република Македонија успеа на мирен начин да се одвои од федерацијата и граѓаните преку референдумот од 8 септември 1991 година го искажаа својот став Македонија да стане суверена и самостојна држава.

Ова одвојување на Македонија не беше прифатено од страна на соседите и општо од целата меѓународна заедница. Затоа се вршеа многу притисоци, назадување на македонската држава, оневозможување да се развива економијата, воспоставување на економски блокади, меѓународна изолација и притисоци. Сето ова се одразува на Македонија и нејзиниот развој, слаб влез на странскиот капитал, слабата циркулација на македонскиот пазар,како и пристапот на спроведување на нов модел на приватизација на општествениот капитал.Во Македонија се случуваа процеси на промени и транзиции со задоцнување за разлика од другите држави.

Како една од главните моменти на одвојување на Македонија од СФРЈ претставуваше повлекување на ЈНА од македонската територија. Тоа е еден долг процес кој после многу преговарачки состаноци помеѓу двете страни на мирен начин ЈНА се повлече без никакви инциденти. Но, сето тоа заврши во корист и во интерес на југословенската армија и на Србија, а на материјална штета на Македонија.За цело време Македонија како република во СФРЈ одвојуваше средства, човечки потенцијал, за опстанок и развој на армијата.Ова лесно примопредавање на оружјето и воената опрема претставуваше најголемата грешка и првиот пораз на новите и старите македонски политичари, кои безусловно го предадоа во рацете на Србија. Оттука произлегува и грешката на македонските старешини кои не пружија никаков отпор или несогласување на планот на Србија за брзо време да го повлече целото оружје и опрема на голема штета на Македонија. Едноставно Македонија остана без оружје, без офицери, без никаква стратегија и план како ќе се продолжи со политиката за одбрана и заштита на државата.

Во периодот на отцепување, Република Македонија беше позната како „оаза на мирот‘‘, лидер на Западен Балкан и одличен пример на земја за мултиетничко општество.

Во периодот на почетоците на развивање на самостојната македонска држава се соочи со грчкиот дипломатски притисок и економското ембарго кое започна во 1992 година и траеше до 1995 година. Проблемите продолжија само за да се оневозможи Македонија да стане членка на Обединетите нации, почнувајќи од непризнавање на македонскиот народ. Покрај тоа, не беше во состојба да стане членка и во други меѓународни организации и институции.

Декларацијата за сувереност претставува првиот документ кој го донесоа сите 120 пратеници, едногласно донесен од првото повеќепартиско Собрание. Ова значеше отварање на патот на Македонија кон определбата на независна земја и да стартува кон вториот чекор за почеток на донесување на првиот Устав на Македонија и да се спроведе референдумот во Македонија.

Кога се анализираат изборите треба да се спомене дека пред нивното одржување се организираа предизборни кампањи во кои беа вклучувани сите кандидати за пратеници. На почетокот на првите избори, поради немање финансиски средства кампањата се одвиваше од врата на врата и на некој начин граѓанинот имаше можност да се запознае со секој кандидат поединечно. Праксата на овие кампањи со тек на време се променија, тие се заменија од мали собири во големи митинзи кои од град во град беа претставувани кандидатите за пратеници. Во овие моменти главната улога ја имаат медиумите кои ја следат работата на политичките партии и сето тоа се известува преку разно рекламирање, спотови, радио и тв отворени емисии за да може сите да се запознаат со програмите на политичките партии. Сосема е јасно дека за овие кампањи на почетокот немаше доволно финансиски средства, но со тек на време, партиите своите парични средства ги насочуваа кон рекламирање, спотови, трошење на промотивен предизборен печатен материјал кои се делеа на граѓаните од врата на врата. Долгогодишното искуство покажа дека кампањите кои се организираат не вродуваат некои големи резултати, освен што се трошат многу пари и енергија од страна на политичките партии. Можеби е потребно за во иднина да се организираат на некој друг начин да не се трошат многу финансии, а граѓаните секако да бидат запознаени со програмите на политичките партии. Или пак да се користи искуството од другите парламенти, не само кандидатите за пратеници да се активни во предизборниот период, туку и во времето на извршување на функцијата пратеник да бидат со народот и до народот.

Освен тоа потребно е да се донесе закон во кој ќе се регулира преминот на пратеникот од една во друга политичка партија, затоа што ова претставува еден тренд кај нас во пратеничките редови, кои од време на време знаат да ја сменат страната на партиите. Промената на страната доведува до парламентарна криза и политичка нестабилност, создавање на нови парламентарни мнозинства, пред се се појавува недовербата кон граѓаните кои гласаа за пратеникот кој ја променил страната на партијата или коалицијата.

И во законот за пратеници да постои клаузула во која ќе биде утврдена временската рамка колку години може да се кандидира за пратеник, затоа што на политичката сцена има пратеници кои со години секоја година се кандидираат и добиваат, а постигнувањата им се многу мали, некои од нив седат на пратеничките столчиња на

„стара слава‘‘. Мошне е јасно дека пратеникот во време на својот мандат и по неа тој ужива привилегирана општествена положба и бенифиции.

Во периодот на работата на втората влада, Македонија стана членка на ООН, како БЈРМ поради притисокот кои го вршеа Грците. И покрај тоа што Македонија стана членка на оваа организација македонскиот народ не беше воопшто задоволен од причина што ние бевме единствениот народ во светот од самиот почеток на постоење на ООН беше примена со старото име на државата.

Кога се случи единствениот атентат на 03 октомври 1995 година врз претседателот Киро Глигоров од непознат сторител и после 25 години сеуште не се познати сторителите, нарачателите  и причините. Последиците се големи, неколку човечки жртви, тешка повреда на претседателот кој отсуствуваше од претседателските должности неколку месеци и што е најтрагично, сеуште не се разоткриени  сторителот и причините.

Најголемата грешка се однесуваше во целиот процес на разоткривање на случајот, тогашниот министер за внатрешни работи Љубомир Фрчкоски не поднесе оставка од министерската функција од причина што не гледаше никаква одговорност за овој немил настан. Можеби треба подетално да се анализира случајот, особено што не е поведена поголема истрага околу случајот, а секако треба да се земе во предвид дека сите пронајдени докази не се чуваат повеќе. Истрагата се провлече во погрешен правец, погрешни лица  беа осомничени. Сето тоа се направи за да се добие време да исчезнат доказите и сторителите. Кога за атентатот не се познати сторителите тогаш дали може да се истражуваат кои би биле причините за атентатот врз претседателот на Република Македонија.Секако дека може само да се прогнозира кои би биле причините, почнувајќи од клеветите на бугарската компанија дека можеби е еден од сторителите или пак дека тоа е дело на Слободан Милошевиќ поради тоа што Киро Глигоров се спротивставувал на веќе донесени некои одлуки. Или можеби ова е еден начин на спротивставеност на Слободан Милошевиќ против Киро Глигоров пред се поради одвојување на Македонија и создавање на своја сопствена држава и на тој начин пропадна планот да се создаде една мала држава во чиј состав влегува и Македонија. Грешката е уште од самиот почеток на настанот, бидејќи не е поведена квалитетна истрага, ниту пак одговорност од страна на Фрчкоски првиот човек на МВР. Покрај тоа, после тој настан се случија неколку убиства на лица кои беа блиски со претседателот на Киро Глигоров и тие останаа мистерија. Времето одминува, веќе 8 години како е починат Киро Глигоров и сеуште не е пронајден никаков одговор на ова прашање. Можеби членовите на семејствата како што беше  на загинатиот возач на Киро Глигоров, или пак на останатите кои беа пронајдени мртви, ќе успеат еден ден да

стигнат до одговорот и вистината кој е сторителот и кој е нарачателот на атентатот каде настрадаа невини граѓани.

Распаѓањето на СССР и Варшавскиот пакт, односно во Европа, во исто време се случија промени и во СФРЈ. Најголемата предност на Република Македонија во тој период претставуваше што успеа на мирен начин да се одвои од СФРЈ. Започна и иселување на ЈНА од македонската територија со претходен договор на брз и лесен начин да се повлече. Мошне специфично беше кога во целиот тој процес на создавање на самостојна и независна држава се случија многу промени како што беше преминување од еднопартиски во повеќепартиски систем, спроведување на првите повеќе партиски избори, донесување на Декларации, донесување на првиот Устав, промена на името. Меѓутоа, најлошо помина со меѓународното признавање кога кочница и стави соседната држава Република Грција барајќи пред светската јавност да го промени името. Долг период на условувања, барања, притисоци, Македонија не беше признаена од другите држави и не можеше да стане членка на ЕЗ, НАТО и на ООН.

Како членка на ООН беше примена под референцата Поранешна Југословенска Република Македонија (ПЈРМ) и покрај незадоволството на државниот врв на начинот како што беше примена во организацијата.

Македонија од самиот почеток на самостојноста немаше развиена економија, стопанство, трговија, туризам и други гранки. Уште од 1991 година како сеуште да беше под некоја зависност од претходниот општествено-политички поредок, а најмногу беше погодена со зголемување на бројот на невработените.Започна процесот на приватизација на општествениот капитал кој што се спроведуваше според два донесени закони, но не беа спроведени во корист на донесените закони, а беа на најголема штета на работничката класа. Република Македонија е забележана во првите парламентарни избори кога националните партии не успееја да освојат мнозинство гласови за пратенички места во Собранието и формирањето и постоењето на експертската влада кога една мала етничка малцинска партија завзеде место во владата и во други државни органи и институции. Процесот продолжува со успешно завршување на референдумот кој веднаш потоа, се донесе Деларацијата со која се потврдија референдумските резултати и се прогласи сувереноста и независноста на македонската држава.

Со донесувањето на првиот Устав на Република Македонија се заокружи создавањето на суверена и самостојна држава. Веднаш потоа се донесе Декларацијата за

меѓународно признавање на РМ, кога претседателот Киро Глигоров ја започна кампањата за меѓународно признавање на Македонија.

Најголем удар Македонија доживеа со донесување на Лисабонската декларација на 27 јуни 1992 година, кога и беше укажано дека Македонија ќе биде признаена само во случај кога нема да го содржи името Македонија. Ова се случи поради притисокот на Грција која не сакаше да го признае етничкиот идентитет на македонското малцинство кое живее во северна Грција, дека таа претставува мултиетничка држава и со тоа ќе ги прифати и почитува правата на малцинствата и заштита на нивните права кои живеат на територијата на Грција. Овде беше сосема јасна пораката, една мала, не сосема јака економска држава како што беше Грција знаеше и умееше да врши силно влијание врз големите сили и да го оспорува признавањето и развојот на нашата држава. Македонија го доживеа најголемото разочарување од страна на големите сили и односот на соседните земји поради непризнавањето со уставното име. Од друга страна пак, утешително беше кога Русија, Кина како највлијателни светски сили ја признаа Македонија под уставното име. Македонија стана членка на ООН, но под услов со привременото име Поранешна Југословенска Република Македонија (ПЈРМ). Македонските политичари на почетокот ја прифатија оваа понуда, со став дека приемот со тоа име ќе трае привремено и за краток временски период.

Затоа може да заклучиме дека со промената на општествено-политичкото уредување во Македонија, и покрај промените кои се случија уште во почетниот период на најновата историја на парламентаризмот, политичарите ја изразија својата сопствена волја за промени.Македонија уште на самиот почеток не ја доби вистинската и искрена поддршка од страна на меѓународната заедница. Поради тоа, не можеа да се воведат и спроведат реформи во целокупниот систем поради употребливоста на стариот систем и свеста на граѓаните како и определбата на дел од нив кои едни беа за стариот, а други беа за новиот систем на државата. Единствени измени кои се направија во државното уредување на Македонија претставуваат преминувањето од еднопартиски во повеќепартиски систем, воведување на нов модел на демократското уредување, делегатскиот систем се замени со парламентарниот систем, извршниот совет во влада и Претседателството во претседател на државата.

## СОДРЖИНА

Вовед 1

ГЛАВА 1. Македонија и СФРЈ (1989-1990) 6

1.1 Развојот и улогата на Македонија како република во СФРЈ (1943- 1946) 12

1.2 Уставниот развиток на Република Македонија (1946-1991) 12

1.3 Улогата и значењето на Јосип Броз Тито во СФРЈ и Македонија 22

1.4 Период на криза во СФРЈ и Македонија 24

1.5 Повлекување на ЈНА 27

1.6 Македонија чекори кон патот на мирно разрешување на југословенскиот конфликт 32

1.7 Односите на Македонија и СФРЈ (1990) 31

- Политички односи 32

- Економските врски и состојбата во Македонија и СФРЈ (1990) 34

*Глава II* : Процес на осамостојување на Македонија 35

2.1 Создавање на политички партии 35

2.2 Првите повеќепартиски парламентарни избори во Р.Македонија 64

2.3 Првото плуралистичко Собрание на Република Македонија 68

2.4 Избор на претседател на Република Македонија 69

2.5 Избор на првата експертска влада на Република Македонија 72

2.6 Декларација за независност на Република Македонија 78

2.7 Референдум во Македонија 81

2.8. Донесување на првиот Устав на Република Македонија 85

- Работата на Комисијата за уставни прашања 87

- Собраниска седница за предлог на Уставот (23 мај 1991 година) 89

- Нацрт на Уставот на Република Македонија 90

- Одржување на собраниска расправа за утврдување на Нацртот на Уставот 95

- Јавна дискусија за Нацрт на Уставот 96

- Активностите на Комисијата за уставни прашања пред донесување на Уставот 97

- Одржување на собраниската седница за утврдување на предлогот на Уставот 99

2. 9 Донесување на Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија 101

2.10 Приемот на Македонија во ООН 103

2.11 Одржување на вторите парламентарни избори и претседателски избори 106

2.12 Создавање на самостоен независен монетарен систем во Македонија и промена на името 110

2.13 Формирање на македонската војска 111

2. 14 Атентат врз претседателот Глигоров

2.16 Донесување на законите за државните симболи на Македонија ( знаме и грб) 117

2.17 Донесување на законот за химна на Република Македонија 120

2.18 Орден 8 Септември 121

ГЛАВА III. Односите на Република Македонија со земјите 122

3.1 Односите со Албанија 122
3.2 Односите со Република Бугарија 122
3.3 Односите со Грција 123
3.4 Меѓународно признавање на Република Македонија 124

Заклучок 127

Содржина 141

Библиографија 142

## ЛИТЕРАТУРА

1.Поповска, Билјана. *Државно-правна историја на Македонија VII – XX век*,Штип:„2-ри Август С‘‘, 2010

2. Пандевска, Марија. *Пратеникот: меѓу личниот престиж и очекувањата на јавноста – етапите на македонскиот парламентаризам,* Скопје: „Bigoss‘‘,2007

3. *60 години Устав на Република Македонија* – Собрание на Република Македонија, Скопје: Европа’92- Кочани, 2006

4.*Вовед во работата на Собранието на Република Македонија* – Вестминистер фондација, Скопје : 2010

5. Поровиќ, Исмет. *Своме нерођеном сину*, Графокартон, Пријепоље: 2019

6. Славески, Трајко. *Имуни на реалноста*, Матица, Скопје : 2020

7. *Историја на* македонскиот народ – ИНИ, Скопје: 2008

8.Поповски, Владо. Ѓорѓиев, Ванчо. Тодоровски, Зоран. Ачкоска, Виолета, *Создавањето на современата македонска држава,* Македонска реч, Скопје: 2014

9.д-р Грујоски, Трајче. *Распадот на СФРЈ студија и сведоштво*, Боми, Скопје: 2003

10.Глигоров, Киро. *Македонија е се што имаме*, Култура, Скопје: 2002

11.Гоцевски, Трајан. *Кризите во независна Република Македонија*, Култура, Скопје :2010

12.*Устав на Република Македонија со амандманите на Уставот I - XXXII* – Собрание на Република Македонија, Скопје: 2011

13.Тимовски,Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија*, Скопје: 1990

14.Андов, Стојан. *Драматичната 1991 година,* Матица Македонска, Скопје: 2018

15.Андов, Стојан. *1992- Година на опасни ризици*, Матица Македонска, Скопје: 2018

16.Андов, Стојан. *Успеси и заговори 1993 – Обидите на Данаилов Фрчкоски*, Матица Македонска, Скопје : 2018

17.*Македонија во меѓународните договори том 2 – (1941-1991),* Државен архив на Република Македонија, Скопје: 2001

18.Катарџиев, Иван. *Македонија во 20 век*, Култура, Скопје: 2006

19.Фондација Институт Отворено Општество – Македонија, *Демократска Македонија*, Фондација Отворено Општество – Македонија, Скопје: 2003

20.д-р Гушева,Снежана. Уставотворната дејност на Собранието на Република Македонија – (1991-2013), Винсент графика, 2013

21.Гоцевски, Трајан. *Патот до независна Македонија(1990-1993*),Култура, Скопје: 2015

22.Гоцевски, Трајан. *Одбранбеното осамостојување на Македонија*, Култура, Скопје: 2014

23.Деловник на Република Македонија, Скопје: 1991

24.П.Рамет, Сабрина. *Балкански Вавилон,* Арс студио,Скопје: 2015

25.Ѓокиќ, Дејан. *Југословенството,* Арс студио, Скопје: 2015

26.*Службени весници на СРМ и на Р.М.* ( 1974, 1989-1995)

27.Георгиевски Љубчо, *Мојата македонска приказна*, Ѓурѓа, Скопје: 2018

28.*Правна рамка за фер и слободни избори* – Прогрес, Скопје: 2014

29.Х.Линц, Хуан. Степан, Алфред, *Проблемите во демократската транзиција и консолидација*, Академски печат, Скопје :2009

30. Хелд Дејвид Хелд, *Модели на демократија*, Академски печат, Скопје: 2008

31. НДИ, *Политичките партии, јавните политики и партиципативната демократија* – НДИ, Скопје : 2011

32.Фондација на отворено општество – Скопје, *Режимот на избори или режим на избори; Regime on elections or election regime,* Фондација отворено општество- Скопје: 2016

33. *Претседатели на Собранието на Република Македонија (1944-2004).* Одбор за одбележување на 60-годишнината од АСНОМ, Скопје : 2004

34.*Политички систем*, Европски универзитет, Скопје: 2008

35.Група автори, *Зошто ни требаат жени во политиката*, Македонија, УСАИД, Скопје: 2015

36.Институт за демократија, и интересовни групи, *Зголемување на учество на јавноста во македонското Собрание*, Скопје: 2016

37.Каракамишева,Јовановска, Тања. Климовски, Саво. Спасеновски, Александар. *Политички партии и интересовни групи,* Фондација Конрад Аденауер, Скопје: 2016

38.Каракамишева,Тања. *Избори и изборни системи*, Култура, Скопје: 2004

39.Глигоров, Киро. *Атентат...ден потоа*, Култура, Скопје: 2002

40.Глигоров Киро. *Македонија е се што имаме*, Култура, Скопје, 2002

41.Глигоров Киро. *Виорни времиња*, Култура, Скопје, 2004

42.*Спорот за името меѓу Грција и Македонија*, ЈП Службен весник на Р.М., Скопје: 2008

43.*Водич за пратеници* – Вестминистер фондација за демократија, Скопје: 2013

44.Иванов, Ѓорге. Данаилов Фрчкоски, Љубомир. *Современи политички теории*, Правен факултет Јустинијан Први – Скопје: 2003

45.Никовски, Ристо. *Клучот за името е во Вашингтон,не во Атина*, Авторско издание, Скопје: 2015

46.Каракамишева,Тања. Климовски, Саво. Тренеска, Рената, *Конституционо уредување на Република Македонија*, Просветно дело, Скопје: 2006

47.Стенографски белешки од пленарни седници (1989 – 1995)

48.дел Понте, Карла. *Обвинителката во лов,* Мисла, Скопје: 2008

49.Никовски, Ристо. *Улогата на САД во македонските голготи (1991-2013),*Скопје :

50.Јоновски, Јован. *Симболите на Македонија*

51.70. Димитријевски Марјан, Јанчева К.Љубица, Мирчевска Катерина. *Македонија од АСНОМ до денес,* Македонска искра,Скопје : 2005

52.Тимовски, Владо. Стефановски, Свето. *Политичките партии во Македонија (Изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици),* Скопје: 1990

53.Георгиевски, Љубчо. *Мојата македонска приказна*, Ѓурѓа,Скопје: 2018

54. Георгиевски С. и Додевски С., *Документи за Република Македонија 1990-2005*, Правен Факултет „Јустинијан Први", Скопје : 2008

55.Тунтев А. *Република Македонија – прва декада ( 1990-1999),*Ми-А, Скопје: 2005

56.Устав на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, Скопје: 1991

57. Гоцевски, Драган. Дамјановски, Иван. Прешова, Денис. Марковиќ, Ненад. *Вовед во работата на Собранието на Република Македонија*, Вестминстер фондација за демократија, Скопје: 2010

58. *Политички систем*, Европски универзитет,Скопје: 2008

59. Андов,Стојан. *Јосип Броз Тито и распаѓањето на Југославија*, Матица Македонска,Скопје: 2013

60. *Зголемување на учество на јавноста во македонското Собрание*, Институт за демократија, солидарност и цивилно општество, Скопје: 2016

61.Глигоров, Киро. *Виорни времиња*, Култура, Скопје: 2004

62. *Водич за пратеници*, Парламентарен институт, Графопром, Битола: 2014

63. Павловски, Јован. – редактор. *100 Македонски години 1903-2003*,Миан,Скопје: 2004

64. д-р Фајфриќ, Жељко. *Била једном једна земља – Титова Југославија*, Имприматор, Сремска Митровица: 2012

65. *Република Македонија – 60 години по АСНОМ*, МАНУ, Скопје: 2005

66.*АСНОМ документи*, Државен архив на Република Македонија, том 1 книга 6, Скопје: 2001

67. Катарџиев, Иван. *Македонија сто години по Илинденското востание*, Култура, Скопје: 2003

68. *АСНОМ 1944-2004*. Музеј на Македонија Археолошки, Етнолошки и Историски, Скопје, ДатаПонс,Скопје: 2004

69. Трајановски, Александар. *Историја на Македонија :* краток преглед на историјата на Македонија и на македонскиот народ од антика до денес, Менора, Скопје: 2008

70.Георгиевски, С. , Додевски, С., *Документи за Република Македонија 1990-2005*, Правен Факултет, Скопје; 2008,

71. Стенографски белешки од собраниски седници на Собранието на СРМ и на РМ ( 1989-1995)

72. Видео филмови : „20 години независност‘‘ :

https://youtu.be/ndDn3T1Cc5M

https://youtu.be/yq21R_o6MeU

https://youtu.be/5HizCY4HbQQ

https://youtu.be/ad0ZpA0g6gU

https://youtu.be/Bf7Ms8n0Y9U

https://www.youtube.com/watch?v=fBLM_sSaPSk

https://www.youtube.com/watch?v=0kJy87-lKkk